## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Осмото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 септември 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,43 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Благородна Дулиќ, Бесим Догани, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Тале Герамитчиоски, Благој Зашов, Валентина Божиновска, Данаел Дончев, Сафет Незири, Абдулади Вејсели и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот закон** - продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор господин Оливер Спасовски.

Пред тоа, процедурално има збор пратеникот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Се надевам нема да ми замери колегата, меѓутоа, си ја земам слободата од име на Собранието на Република Македонија да ја поздравиме одлуката на Канада за признавање на нашата држава под уставното име (аплауз од присутните пратеници во салата), да им честитаме на нашите во Канада затоа што навистина покажаа огромна активност и јас исто така, иако сум член на опозицијата, честитки до Министерството за надворешни работи на Република Македонија, на Владата, за одличната координација на целата оваа активност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Жерновски.

Сега има збор господин Оливер Спасовски, што е продолжение од вчерашната седница, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарма почитуван претседателе.

Колеги пратеници, почитуван министер, вчера еден дел од дискусијата каде што говорев во однос на одредени решенија кои се нудат во законот, пред се во делот на гласањето на иселениците од Република Македонија, ги кажав моите први две отворени дилеми во однос на заштитата на правото на глас, односно еден гласач еден глас и во делот на тоа како и на кој начин би се направиле избирачките списоци во дипломатско-конзуларните претставништва и мојот став околу таа проблематика, со тоа што очекувам, уште еднаш ќе напоменам, дека овие дилеми ќе се расчистат со текстот на законот кој што ќе биде понуден во втора фаза.

Третата дилема која што сакам да ја поставам и пред Собранието и пред македонската јавност, која беше користена како еден од аргументите во Собранието на Република Македонија зошто е добро иселениците од Македонија да гласаат или како некој што сакаше да каже, им даваме право на глас, тоа не им го дава ниту ВМРО-ДПМНЕ ниту СДСМ, им го дава Уставот на Република Македонија, имале право и до сега тоа да го прават, само што можело да се прави во Република Македонија и да се оствари правото на гласа, а не во дипломатско-конзуларните претставништва. Навистина треба да се размисли како и на кој начин ќе се обезбеди да гласаат луѓето во билокоја од државите што се иселени, а каде што немаме дипломатско-конзуларни претставништва, дали на ист начин им оневозможуваме да гласаат ако живеат во некои од другите градови каде не се застапени дипломатско-конзуларните претставништва во било која држава во Европа и во светот. И тоа заслужува внимание ако сакаме до крај и потполно да го оствариме правото на глас на овие луѓе. Тоа се трите основни дилеми во однос на гласањето на иселениците, за кое реков дека немам ништо против, меѓутоа, со претходно утврдени правила на игра се со цел да не биде гласање кое ќе може да биде злоупотребено и гласање кое ќе придонесе за пробелмите за кои говорев вчера.

Третата работа во измените на овој Закон е околу гласањето, односно гарантирањето на местата на етничките заедници во Република Македонија. Прво, за мене е неприфатливо бројот на пратениците во Македонското Собрание да се зголеми на 133. Зборувамкако бројка, со оглед на големината на државата, со оглед на населението кое го има Република Македонија и со оглед на некои компаративни анализи на држави слични по територија и број на население. Мислам дека ќе имаме погоелм број на пратеници во Собранието на Република Македонија и мислам дека досегашната бројка или модел кој ќе гарантира исто така место за етничките заедници да биде во рамките на 12--те пратеници во Собранието на Република Македонија како една максимална бројка која можеме да ја утврдиме, заради тоа што нависитна се создаваат дополнителни трошоци, постојано се укажува и од страна на Владата дека Собранието троши доволно средства или многу средства троши, се наоѓаат одредени механизми кои по мерка на министерот веројатно би ги намалиле трошоците во Собранието на Република Македонија, тоа се случи и се случува последниве месеци и од тие причини мислам дека ако имаме конзистентен став на Владата во однос на ова прашање, треба да бидат конзистентни и во однос на бројката штое на пратеници. Не можат да трошат повеќе 120 пратеници од оние кои ги предвидуваме плус 13 пратеници. Тоа е првата работа.

Второ, апсолутно не сум против да имаме гарантирани места за помалите етнички заедници. Тоа што некој импутира дека СДСМ е против е исто како импутацијата дека 17 години СДСМ владее со Република Македонија, а 8 години од тие владее ВМРО-ДПМНЕ. Истата работа сака и сега некој да ја направи дека СДСМ е против етничките заедници, а сите мандати или скоро сите мандати на етничките заедници кои биле, биле заради коалицијата која СДСМ ја направило со етничките заедници во Република Македонија. И тука не станува збор за право на ексклузивитет на одредена етничка заедница во коалицирањето со СДСМ. Едноставно веројатно се покажала добра желба, определби, платформи, цели кои ги прифатиле и партиите или дел од партиите на етничките заедници и наоѓајќи го тој заедничкиинтерес настапивме на изборите во 2002, и на минатите парламентарни избори 2006 година, заедно на локалните избори и т.н. преку коализијата “За Македонија заедно”, која функционираше беспрекорно. Апсолутно не можам да ги осудам ниту една од политичките партии или претставници на политички партии во Собранието на Република Македонија заради остварување на сопствените политички интереси и цели на етничката заедница која што ја застапуваат во Собранието на Република Македонија. Имаат легитимни барања за кои вреди и треба да се разговара, па од тој аспект сосема ги почитувам нивните ставови во нивните барања кои ги искажуваат и до актуелната власт на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски. Ако можеше еден портпарол на Влада да направи таков притисок врз премиерот за да се смени Закон за Влада, во кој би го направиле функционер во Република Македонија, не гледам причина зошто да не може неколку партии на етничките заедници да направат притисок во одреден момент врз Владата на Република Македонија или врз Груевски моментално и да го добијат она што го имале како политичка цел веќе подолго време. Меѓутоа, прашањето што Владата и Груевски треба да го одговорат е зошто моментално сега се нуди ова решение пред Собранието на Република Македонија. Тоа е основното прашање. Не е прашањето дали луѓето треба да добијат загаранирани места, туку прашањето е зошто сегашниот момент е избран, дали е последица на некои други движења во моментот кои се во Република Македонија. Мислам дека многу поискрено ќе беше ако ги реализиравме сите законски проекти кои значат европска агенда, исполнување на европската агенда, да покажевме сите капацитет, пред се Груевски и ВМРО-ДПМНЕ дека можат и знаат да се договорат со партиите од опозицијата и да истуркаме низа закони во овој Парламент и после извештајот на Европската комисија да седнеме и разговараме како и на кој начин да се реши прашањето кое го поставуваат малите етнички заедници. Меѓутоа, таа тврдоглавост на Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ која не знаеше да резултира со разговори и договори меѓу политичките партии заради решавање на битни прашања, Судскиот совет, законот за управни спорови, Законот за кривична постапка, Законот за вонпарнична постапка, сите тие останаа на страна, едноставно во овој момент реши дајте ќе бараме излез и нормално е дека мора да попушти пред притисокот кој што го прават и партиите на помалите етнички заедници, за што уште еднаш нагласувам дека имаат право, имаат легитимен став тоа да го бараат и едноставно се покажа една слабост во функционирањето на Владата и на премиерот Груевски, за што ќе се покаже тоа при одредени гласања и решавања на одредени точки на дневниот ред кои ќе бидат во Собранието на Република Македонија. Со самото тоа укажува дека продолжува политиката на неискреност кон ваквите етнички заедници. Навистина би бил среќен ако таквиот став бил конзистентен став, па ако навистина гледавме повеќе Срби, Турци, Власи, Роми, Бошњаци на листите на ВМРО-ДПМНЕ во изминатиот период, ако навистина не се направеше колаиција со добра желба на СДСМ уште во 2002 година кога беа најмногу кревки меѓуанционалните односи. Тогаш СДСМ имаше сенс и доблест да разговараме и да отстапиме дел од местата кои ќе бидат за коалицијата “За Македонија заедно” за помалите етнички заедници. Впрочем, за прв пат некоја од етничките заедници благодарение на тоа што искажавме желба за коалиција со етничките заедници и ги нагласивме, ја нагласивме потребата од релаксирани меѓунационални односи во Република Македонија, за што сите во Република Македонија во тој период имаа најголем сомнеж во сите анкети, дури над 60% од граѓаните покажуваа дека безбедноста и меѓуанционалните односи се најзначајни прашања, во периодот 2002-2006 година се покажа дека сосема други прашања се значајни за Република Македонија, додека меѓуетничките и прашањата на безбедност се прашања кои се затворени во Република Македонија. Меѓутоа, сега повторно се отвораат нови теми. Мислам дека начинот на кој без дебата, без разговори тоа го прави Груевски заради тоа што мора да го направи,не заради тоа што многу сака да го направи, заради тоа што во даден момент мора да го направи и тоа е успех на пратениците кои успеаја да наметнат една таква борба, нивна потреба за остварување на тие легитимни цели што ги имаа во даден момент. Токму заради тоа мислам дека една од основните причини, покрај другите што ги наметнав како отворени, низа на отворени прашања, е прашањето дека треба да се седне и да се разговара токму за овој закон, да се повлече законот сега, да се седне, да се поразговара и да се најдат механизми како и на кој начин да се оствари правото на загарантирани места во Собранието на Република Македонија на етничките заедници, на сите етнички заедници во Република Македонија.

Втора моја лична дилема што сакам да ја искажам е и утврдувањето на бројот на местата кои се загарантирани за одредена етничка заедница во Република Македонија. Мислам дека нема некои посебни параметри по кој тоа се направило или

едноставно нема елементи за ривалитет или борба меѓу политичките партии вооднос на бројките кои се искажани која етничка заедница колку места пратенички може да има. Мислам дека принципот на загарантирано едно пратеничко место за секоја етничка заедница и можноста за политичка борба во изборите кој повеќе гласови да привлече во таа борба ќе даде за право за демократска борба меѓу сите политички партии на етничките заедници оној што ќе однесе најголем број гласови во таа борба да има и најмногу пратеници. Тоа е една од моите дилеми која што ја имам во делот на оваа трета измена на Законот во делот на гласањето на етничките заедници.

И последната работа за која мислам дека треба да размислиме ако сме навистина за унапредување на изборниот процес во Република Македонија, онака како што искрено настапи СДСМ, премиерот Бучковски во тоа време, коалиционите партнери кога се преговараше за изборниот закон, кога се воспоставуваше систем на усогласување на сопствените ставови и постигнување највисок степен на согласност во Република Македонија, навистина околу избирачките одбори и нивниот состав, една од забелешките во тој момент беше да имаме професионализација на избирачките одбори, што ќе рече дека сме определени за фер и демократски избори и дека нависитна сме созреале како држава и политички партии во тој дел и дека со таквиот начин на избор на избирачки одбори, на членови на избирачки одбори професионални, ќе можеме да гарантираме еден процес што ќе биде фер и демократски процес, сличен на процесот во сите западноевропски демократси држави и држави во светот. Тоа беше прашање кое беше понудено, меѓутоа, имаше барање од тогашната опозиција да имаме по еден претставник од политички партии од опозиција и од власт. Останува таквото решение и мислам дека треба да се размисли дали еднаш конечно ќе мора да го затвориме тој процес на изборното законодавство во кое докрај ќе ги исполниме оние препораки кои ни се дадени и ќе ја професионализираме целокупната постапка на избори во Република Македонија.

Ова се дилемите кои вчера и денес ги искажав, забелешките, а основната забелешка е дека навистина немаше сенс за одредени прашања да се разговара во Република Македонија.

Напоменав вчера дека ми е мило што парламентарното мнозинство еволуираше во делот на тоа дека навистина имаме значаен законски проект, искажано преку говорот на Трајко Вељаноски на почетокот на расправата, па очекувам дека ќе продолжите во тој дух на работа во ова Собрание. Навистина, ќе имате доблест да го повлечеме законот, да ја прекинеме овде расправата, да седнеме да разговараме, да ги договориме сите принципи и решенија кои што се однесуваат на донесуваат на овој Изборен закон и со висок степен на консензус да го донесеме Изборниот закон, за што ќе ни оддадат признание сите во Европската унија и со тоа ќе направиме еден плус во напредокот на Република Македонија. Во спротивно уште еднаш ја потврдувате вашата заложба дека Европската унија е за вас последната точка на вашата агенда или апсолутно не сте заинтересирани за спроведување на една ваква агенда, ниту пак интересот на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики. (Нема0.

Збор има господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

На денешната седница на Собранието имаме исклучително интересна тема. За мене е оправдан интересот кој што е изразен преку големиот број на пратеници пријавени на дисплејот да се вклучат во расправата и тоа е позитивно за развојот на демократијата. Преку тоа сите пратеници кои сакаа да се вклучат во оваа расправа покажуваат дека се спремни да влезат во овој институционален дијалог, преку кој што се надевам дека ќе најдеме решение за сите спорни моменти во врска со изборното законодавство во Република Македонија.

На почетокот, исто така, сакам да изразам задоволство од ретерирањето во ставот на СДСМ во врска со нивното неучество во расправата по однос на Изборниот законик и нивното присуство овде.Тоа покажува дека и СДСМ конечно е спремен да разговара за овие дилеми во врска со изборното законодавство и се надевам дека во текот на постапката која што е предвидена според Уставот на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието, ќе дојдеме до заеднички решенија, кои ќе значат напредок на демократијата во Република Македонија. Не би сакал да ги читам членовите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија од 133 и 134, каде што е прецизно дефинирано што значи Предлог за донесување на закон, што содржи итн.

Денес, како што спомнав на дневен ред го имаме Предлогот за донесувањ на измени во Изборниот законик. Она што е значајно треба да се потенцира во врска со причините зошто ова го имаме на дневен ред. Тоа, впрочем, разви и најголеми дилеми во минатите два дена.

Прво, ова што го имам пред мене е Извештајот на ОБСЕ и ОДИХР за парламентарните избори 2006 година. Таму на местото каде што седам ги имам извештаите и за претседателските избори и за локалните избори, за последните претседателски и за последните локални избори. Во тие извештаи ОБСЕ и ОДИХР на многу прецизен начин ги позиционираат сите состојби во врска со изборните процеси и изборното законодавство во Република Македонија и во сите овие три извештаи на последниот дел се содржани препораки и забелешки кои што ги има ОБСЕ и ОДИХР на изборното законодавство и на изборните постапки во Република Македонија.

Исто така, пред мене имам едно издание на Советот на Европа на Венецијанската комисија, каде што е кодексот на добри практики за изборни прашања, усвоени насоки и нацрт описен извештај, во кој што исто така во општа рамка можеме да ги превземеме и да ги видиме насоките во изборното законодавство и подобрувањето на демократскиот капацитет на Република Македонија. Значи, имаме основа, врз основа на извештаите на ОБСЕ и ОДИХР да констатираме дека Република Македонија значително напредувала во минатиот период во изборното законодавство и во изборните постапки, меѓутоа, сеуште има значајни рамки, значајни моменти, каде што треба да се направат дополнителни подобрувања во изборното законодавство и во изборните постапки. Овој момент се надевам дека ниту еден од пратениците присутни овде или не присутни на денешната седница не можат да го оспорат. Ние мораме да го продолжиме процесот на подобрување на изборното законодавство. Не би сакал да се навраќам и да ги разговараме сите состојби во врска со изборите во Република Македонија од 1990, 1994, 1996, 1998, 1999, 2000 итн, но факт е дека има значителни напредувања во изборните постапки во Република Македонија од изборен циклус на изборен циклус. Меѓутоа, сепак останува обврската наша да одиме со понатамошно подобрување на изборното законодавство и на изборната пракса во Република Македонија. Тоа е првиот момент.

Зошто сметам дека е потребно токму сега во овој момент да се започне една поширока и подолга постапка за измени во изборното законодавство.

Втора дилема за која што неколку од колегите пратеници ја потенцира е тајмингот зошто сега. Значи, во Република Македонија многу пати се изменети прописите кои што се поврзани со изборното законодавство. Меѓутоа, за жал, нема ниту еден случај во кој што таквите измени или дополни во изборното законодавство не се случувале во очи на одредени избори, што на крајот на краиштата е штетно, поради тоа што тајминзите секогаш биле кратки, притисокот од јавноста секогаш бил присутен и секогаш постоела опасност па и евидентни се одредени последици, притисокот на времето и притисокот на јавноста да предизвикаат не паметни решенија во изборното законодавство. На крајот на краиштата факт е дека и последниот изборен заменик има одредени недоследности и одредени неправилности кои што беа евидентирани и во Извештајот на ОБСЕ и ОДИХР. Во овој момент Владата се реши далеку пред првите наредни избори, било да се парламентарни, претседателски или локални избори, да започне една постапка која ќе значи суштинско перцепирање на сето она што е дел од изборното законодавство. Ние денес се наоѓаме во фаза на Предлог за донесување на измени и дополни на Изборниот законик. Ова е општа расправа во која што можат да бидат изнесени сите забелешки, сите предлози и за овие три сегменти кои што ги предложи Владата, меѓутоа и од останатиот дел од изборното законодавство во Република Македонија, за што јас лично ќе се обидам во долниот дел од мојата дискусија да дадам и одредени други предлози надвор од ова што и Владата го даде како предлог.

Оттука, апелирам до сите пратеници, посебно до пратениците на СДСМ и на ДУИ, сосема смирено да ја прифатат оваа постапка како нормална постапка и на конструктивен начин да ги предочат своите забелешки, своите предлози за измена во изборното законодавство. Сметам дека на тој начин опозиционите пратеници во овој значаен период за Република Македонија ќе влијаат позитивно на севкупната политичка атмосфера во Собранието на Република Македонија и општо во Република Македонија што ќе биде значајно за завршување на овој значаен период од историјата на Република Македонија, нашето брзо интегрирање во НАТО пактот и побрзо интегрирање во структурите на Европската унија. Значи, не се согласувам со тоа, со дефинициите дали овој закон е дел од европската агенда или не е дел од европската егенда. Факт е дека во Собранието на Република Македонија има одреден број на закони кои што се со она знаменце на Европската унија и за среќа во последните две до три недели Собранието на Република Македонија покажа дека има капацитет многу брзо да ги донесува тие закони, меѓутоа би искажал искрено жалење дека тоа брзо донесување на законите се случува во моменти кога опозицијата не е присутна на седниците од објективни или субјективни причини. Во моментите кога опозицијата е присутна во Собранието дали свесно или несвесно, апсолутно тој процес оди многу побавно, дури во ситуации апсолутно се кочи. Не би сакал да ве потсетувам кога комплетно опозицијата не беше присутна со исклучок на неколку пратеници од помалите етнички заедници дека Собранието на Република Македонија за еден ден успеа да донесе 13 закони од европската агенда. Меѓутоа, имаше ситуации кога истата таа опозиција, кога се расправаше за значајни закони исто од европската агенда, како Законот за заштита на културното наследство, кога воопшто пак повторно не беше присутна, не можам да ја најдам конзистентноста на опозицијата во врска со тие закони од европската агенда. Конечно или опозицијата ќе биде конструктивна по однос на тие закони или ќе биде деструктивна. Добро е да има конзистентен и прецизен став за да може оној дел од Парламентот кој што ја носи одговорноста да знае и како ќе постапува. Апсолутно би сакал да потенцирам дека ние како пратеници мораме да го започнеме процесот на градење на меѓусебна доверба. Поделеностите по однос на одредени политички прашања, поделеностите по однос на одредени економски прашања, поделеностите по однос на одредени прашања во врска со битката со организираниот криминал и корупција во Република Македонија, се е евидентни и се значајни. Но, тоа не значи дека ние треба да градиме апсолутна поделеност во

македонското општество. Процесот на градење на доверба е одговорност на условно кажано двете страни во Парламентот и на владеачките пратеници и на опозоционите пратеници. Меѓутоа, принципот на уцени, принципот на кочници и принципот на ќе биде ние како што ќе кажме или никако поинаку, што можеше да биде забележано вчера во дискусиите и во репликите на одредени пратеници од целата практично лева страна е неприфатлив и неприменлив во една плурална парламентарна демократија. Се надевам дека во понатамошниот тек на дебатата ќе ги избегнеме тие моменти на уцени, на кочничарење и на позиционирање дека ќе биде ние како што сакаме или нема да биде никако. Тоа е надминат период во историјата нањ за среќа на сите нас.

Исто така, пред да почнам да дискутирам за содржината, за текстот на она што го имаме како Предлог за донесување, да потенцирам дека во процесот за измени во изборното законодавство, апсолутно опфаќа вклученост на политичките партии, опфаќа вклученост на ОБСЕ и на една невладина организација која што подолг период во Република Македонија се занимава со набљудување и следење на изборниот процес. Не би сакал да потсетувам дека пред два месеци имаше организирано средба на сите значајни субјекти во Македонската држава, Државна изборна комисија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда и претставници на политичките партии. Таа средба се одржа пред два месеци. Претставник на ВМРО-ДПМНЕ бев јас, претставник на СДСМ беше пратеникот Борис Кондарко, имаше претставници и од ДПА и од ДУИ. Така, овој процес не е почнат исклучиво со овој Предлог за донесување на измени и дополни во Изборниот законик, туку овој процес трае веќе неколку месеци во Република Македонија и јас се надевам дека преку продолжување на вклученост на сите заинтересирани субјекти, Министерството за правда ќе успее во наредниот период на јавна дебата, веќе и втора фаза на донесување на законот, исто така, да обезбеди вклученост на сите заинтересирани субјекти. Тоа беше она што сакав пред да почнам како содржина за Изборниот законик, според мене она што јас успевам да го перцепирам од Предлогот кој што го добивме од Владата, би го поделил Изборниот законик на три значајни сегменти.

Едниот сегмент е обезбедувањето на тн. загарантирани или резервирани, според меѓународната технологија пратенички места на припадниците на немнозинските заедници кои не претставуваат над 20% од населението во Република Македонија. Сметам дека оваа дефиниција која што вчера колегата Кенан хасипи ја даде пред Собранието на Република Македонија е најприменлива во конкретниов случај, која што најмалку ќе предизвика нервози и која што е апсолутно во согласност со Уставот на Република Македонија.

Вториот значаен сегмент е овозможување на остварувањето на правото на глас на граѓаните на Република Македонија кои живеат и престојуваат надвор од границите на Република Македонија. Ние често го користиме терминот дијаспора, меѓутоа добро е терминолошки е да направиме разлика дека во терминодијаспора, барем во македонски услови се опфаќа малку поголема група на граѓани во терминот, а во она што ние го дефинираме со изборното законодавство во овој момент е прецизно, граѓаните на Република Македонија кои живеат и престојуваат надвор од границите на Република Македонија.

Третиот сегмент е сегментот на техничките препораки, предлози и сугестии од страна на ОБСЕ и ОДИХР во врска со понатамошно подобрување на изборното законодавство со изборните практики во Република Македонија. Ќе се обидам за секој од овие три значајни сегменти да го кажам мојот став.

Во однос на овозможување на правото на глас на граѓаните на Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија, повторно ќе го прочитам членот 22 од Уставот на Република Македонија, каде што се вели во првиот став, “Секој граѓанин со наполнети 18 години живот, стекнува избирачко право”. Значи, основниот збор во овој став е зборот “граѓанин”, што во друга смисла односно во смисла на Уставот Република Македонија, секој граѓанин на Република Македонија односно секој државјанин на Република Македонија го има избирачкото право. Државата, според другите прописи и според Уставот е должна да го обезбеди остварувањето на избирачкото право на секој граѓанин на Република Македонија. Досегашното законодавство во Република Македонија, со изключок на изборното законодавство, кое што беше во текот на изборите во 1990 година, од “Службен весник” број 28/90, каде што исто така беше предвидено правото на граѓаните на Република Македонија кои живеат надвор од границите да може да го остваруваат, а другиот дел од изборното законодавство од 1990 година наваму не го предвидуваше тоа право. Значи државата, односно Собранието на Република Македонија со таквата пракса го кршеше Уставот на Република Македонија, поради тоа што остварувањето на избирачкото право не го врза со значајниот термин “граѓанин”, туку го врза со помалку значајниот термин “жител”, под услов жителот да е и граѓанин на Република Македонија. Во Република Македонија во досегашното искуство, изборно искуство право на глас имаа граѓаните на Република Македонија кои се жители во Република Македонија, а граѓаните на Република Македонија кои не се жители во Република Македонија во конкретниот момент или не престојуваат во Република Македонија во конкретниот момент, не можеа да го остварат своето избирачко право, што директно значеше кршење на Уставот на Република Македонија.

Од тој аспект јас би сакал да го поздравам Предлогот од Владата и се надевам дека секој предлог од Владата или секој предлог од пратениците во Собранието на Република Македонија кој што ќе значи понатамошно

прецизно имплементирање на уставните одредби, понатамошно подобрување на демократскиот капацитет на Република Македонија, да биде поздравено од сите политички партии застапени во Собранието на Република Македонија.

Се наметнуваа многу дилеми во текот на расправата во врска со оправданоста. Јас ќе потенцирам, државата има според Уставот обврска да им овозможи на сите свои граѓани остварување на гласачкото право како највисок степен на демократија во еден плурален систем.

Не би сакал воопшто да ги прифатам како објективни темите за кои ќе дискутираме за економската оправданост, темите со кои ќе дискутираме за бројот на дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија надвор од границите на Република Македонија итн, поради тоа што ние според Уставот имаме обврска да им овозможиме на нашите граѓани да го остварат своето гласачко право. Меѓутоа ако сакате да ги опфатиме овие две теми, можеме да разговараме за приходите, директниот влез на финансиски средства што се случува во Република Македонија секоја година како плод на таа дијаспора или на тие граѓани на Република Македонија кои не живеат или не престојуваат во Република Македонија. Можеме да дискутираме исто така за бројот на граѓани на Република Македонија кои секоја година доаѓаат во Република Македонија и минат по еден или два месеци во Република Македонија. Исто така, можеме да дискутираме за бројот на граѓани на Република Македонија кои поседуваат недвижен имот во Република Македонија, за кој што недвижен имот плаќаат данок на имот исто како граѓаните на Република Македонија кои живеат овде во Република Македонија. Значи, само ги нафрлувам овие теми без да спомнувам реални показатели за кои што се надевам дека нема да има потреба во меѓусебното убедување да ги употребуваме, меѓутоа ако се разбуди дискусијата, ќе ги спомeнеме во текот на дискусијата и овие елементи.

Исто така бројот на дипломатско конзуларните претставништва, факт е дека Владата пред два месеци усвои една програма која ќе значи драстично зголемување на бројот на дипломатско конзуларните претставништва и насоката е апсолутно понатаму и понатаму да се подобрува тој момент. Практично имавме одлука на Владата за отворање на конзулат во Венеција, кој што ќе значи опфат на сите граѓани на Република Македонија кои што живеат во северниот дел на Италија, што е апсолутно за поздравување, без да навлегуваме во дефинирање чии припадници, односно припадници на која заедница живеат во северниот дел на Италија. Значи, таквата одлука на Владата е апсолутно за поздравување.

Јас би сакал да изразам незадоволство од ретерирањето на ставот на СДСМ. Факт е дека преку едно соопштение и изјава на сегашниот лидер на СДСМ госпоѓата Радмила Шекеринска пред два или три месеци прифати да се овозможи право на глас на граѓаните на Република Македонија кои што живеат надвор од границите на Република Македонија, меѓутоа дискусиите на колегите пратеници во конкретниот момент кажуваат дека СДСМ го променил ставот, или пак СДСМ има два различни става. Еден став на лидерката Шекеринска и еден став на другиот дел од пратеничката група на СДСМ. Значи, тоа е еден момент.

Исто така имаме фактичка ситуација во која што почитуваниот професор Бучковски пред изборите исто така се залагаше за овој модел на резервирани односно загарантирани места за припадниците на немнозинската заедница, кои што не го надминуваат процентот од 20%. Во говорите на одредени пратеници исто така може да се забележи согласност со таквиот став на почитуваниот Бучковски, меѓутоа исто така во говорите на други пратеници од пратеничката група на СДСМ може да се забележи апсолутно противење на таквата политика.

Јас се надевам дека до крајот на оваа расправа и до крајот на целокупниот процес на измени во изборното законодавство СДСМ ќе успее да ги надмине овие двојства во нивните политички ставови. Значи, ние треба да знаеме прецизно дали СДСМ е против овозможувањето на право на глас на дијаспората и дали СДСМ е против обезбедувањето на резервирани односно загарантирани пратенички места за пратениците на немнозинската заедница кои што не надминуваат 20% од вкупниот број на граѓани на Република Македонија.

Третиот момент е моментот со техничките, правни нерегуларности, недоследности кои што беа во изборното законодавство по препорака на ОБСЕ и ОДХР и кои што мораме и можеме да ги подобруваме во континуитет.

Ако СДСМ и ДУИ немаат ништо против овозможување на правото на глас на дијаспората, Ако СДСМ и ДУИ немаат ништо против околу обезбедувањето на резервирани односно загарантирани места за припадниците на таканаречените помали етнички заедници во Република Македонија и ако СДСМ и ДУИ немаат ништо од натамошното подобрување на изборното законодавство и изборните постапки тогаш немаме проблеми.

Значи, тие се три значајни моменти. Јас би сакал во текот на процедурата да се дефинира ставот и на СДСМ и на ДУИ, да знаеме на кои позиции сме.

Ќе повторам, ако господа пратеници немате забелешки по однос на овие три работи дајте согласност да го изгласаме Предлогот за донесување на изборниот законик, односно за измените и дополнувањата на Изборниот законик, па во текот на јавната расправа ќе се отвори расправа, ќе се дискутира и овие технички проблеми кои што всушност испаѓа дека вие ги имате како забелешка, апсолутно дека има спремност да се надминат.

Одам понатаму. Цената на чинење на спроведувањето на изборите во другите држави

надвор од Република Македонија. Скоро сите земји од Европската унија имаат обезбедено можност на своите граѓани надвор од сопствените граници да гласаат во дипломатско конзуларните претставништва. Такво искуство има во Хрватска, Италија, Унгарија, САД, Полска, Чешка, Велика Британија и тн. и тн.

Цената на чинење прво не треба да се постави како проблем. Жал ни е што одредени пратеници во налетот да извадат било каков аргумент против можноста дијаспората да гласа го вадат и овој аргумент.

Јас вчера во една моја реплика потенцирав дека во Република Македонија има огромен број на избирачки места со 10 или помалку избирачи. Таквите избирачки места најчесто се наоѓаат во зафрлени планински делови од Република Македонија, меѓутоа и за тие избирачки места државата мора да обезбеди пет члена на избирачкиот одбор, пет заменици на членовите на избирачкиот одбор, мора да ги обезбеди истите материјали за работа, како и за едно избирако место со 1000 или 1200 избирачи во урбаните средини во Република Македонија.

Пак ќе потенцирам, таквите избирачки места често се наоѓаат на 50, 70, 80 км. надвор од урбаните средини.

Ако пресметате цената на чинење на спроведувањето на изборите во таквите избирачки места по жител, односно по гласач и ако пресметате колку ќе чини гласањето во Мелбурн, односно во Сиднеј, или колку ќе чини гласањето во Америка или во Берлин ќе видите дека цената на чинењето во одредени ситуации е повисока по граѓанин односно по гласач во Република Македонија отколку во Австралија, или во Германија, или во Америка, или во Швајцарија, Италија и било каде надвор од Република Македонија. Значи, тоа како дилема се надевам дека повторно нема да биде поставувано во Собранието на Република Македонија.

Исто така се извади дилемата дали за техниката на спроведување на гласањето на граѓаните кои што живеат надвор од границите на Република Македонија и дефинирањето колкав ќе биде цензусот од 50%, колкав број на граѓани ќе гласаат и тн.

Јас мислам дека Владата во својот предлог има предложено едно позитивно и добро решение, во кое што врз основа на изборниот законик и врз основа на активната легитимација односно активната пријава на граѓаните на Република Македонија кои што живеат надвор од границите на Република Македонија ќе се состави тој конечен список на граѓани кои што ќе гласаат. Значи, потенцирам нема неограничен список. Нема стотици илјади или милион или милион ипол, па да се создава фама и фобија дека кој знае што ќе се промени во политичкиот систем на Република Македонија, туку имаме изборен список и имаме дополнителна обврска за граѓаните на Република Македонија кои што живеат надвор од Република Македонија да го пријават својот интерес да учествуваат во изборите. Така да уште пред спроведувањето на изборите ние ќе имаме конечен список на гласачи кои што ќе гласат во ДКП на Република Македонија, надвор од границите на Република Македонија.

Ширењето фама, ширењето фобија дека ВМРО-ДПМНЕ се обидува преку вклучување на дијаспората да го смени политичкиот систем во Република Македонија, или да го смени реалниот политички соодност е апсолутно приказна за мали деца и неприменлива за сите оние кои што објективно гледаат на состојбата.

На крајот на краиштата предлогот да бидат три загарантирани места за дијаспората е предлог од СДСМ. Ако мене лично ме прашате како Илија Димовски јас искрено сметам дека бројот и начинот на кој што треба да се спроведе гласањето во дијаспората треба да биде сосема поинаков.

Мојот личен став е дека граѓаните на Република Македонија кои што живеат надвор од границите треба да ги инкорпорираме во шеста изборна единица, според местото на кое што им е пасошот, личната карта. Или, најмалку ако не друго да видиме колку граѓани на Република Македонија живеат во странство. Сигурн не живеат 24 илјади граѓани на Република Македониа па да им дадеме три места во Собранието заради тоа што на 8000 гласачи од прилика во Република Македонија доаѓа по еден избирач.

Меѓутоа, апсолутно ВМРО-ДПМНЕ покажа спремност за дијалог, апсолутно ВМРО-ДПМНЕ прифати дијалог, СДСМ го понуди начинот како да дојдеме до правото на глас на дијаспората и ВМРО-ДПМНЕ за да се надмине проблемот веднаш го прифати. Сега се доведуваме во ситуација кога одредени пратеници од СДСМ го оспоруваат тоа што лидерката на СДСМ го предложи. Малку е смешно и неприфатливо.

Исто така, во делот на оваа дискусија би потенцирал дека Министерството за правда изготви Нацрт на изборниот закон уште пред три-четири месеци, тој нацрт беше поделен на сите политички партии во Собранието на Република Македонија, тој нацрт беше доставен до ОБСЕ, беше доставен до сите заинтересирани страни. Значи, дискусијата, дебатата во врска со изборното законодавство не поча пред две недели. Почна пред четири, пред пет месеци. На крај на краиштата извинете, меѓутоа таа популарна изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ, во таа изборна програма која што често ја читате кога ви одговара, не читате дека ВМРО-ДПМНЕ вети дека е овозможи гласање на дијаспората на наредните парламентарни и претседателски избори. Ние стоиме на тоа.

Значи, таквата идеја и таквиот став на ВМРО-ДПМНЕ не е непознат за вас. Не е нов. Таквиот став и таквата политичка позиција на ВМР-ДПМНЕ е присутна од 1990 година па наваму. За среќа сега имаме и реална можност низ дебата и

дијалог со другите политички партии да го реализираме тоа наше залагање и ветување до гласачите во Република Македонија.

Сметам дека тие се од прилика аргументите кои што треба да се употребат во врска со овој прв значаен дел од изборното законодвство.

Ќе преминам на вториот, не помалку значаен дел, а тоа е обезбедубвањето на загарантирани односно резервирани пратенички места за припадниците на немнозинските заедници кои сепак не се над 20% од вкупниот број на граѓани на Република Македонија.

Исто така, ваквата идеја не е нова во Република Македонија. Ваквата идеја не е две недели, три недели, месец дена во Република Македонија. За ваквата идеја се дискутира најмалку седум или осум години, ако не се лажам, тука се колегите кои што седум-осум години се залагаа како колегата Иван Стоиљковиќ и колегата Кенан Хасипи и тн. За овие сеум-осум години се случуваа многу пати дебати, дискусии, разговори, јавни ставови преку колумни, преку интервјуа на различни политички субејкти во врска со ова ново прашање.

Значи, наметнувњето на ставот дека сега во овие две недели, во овој месец власта сака преку ова да обезбеди незнам што, да се испазари незнам како е апсолутно невистина. Дебатата во врска со ова прашање трае многу долго во Република Македонија. Ќе ве потсетам, вашиот поранешен лидер професорот Бучковски, пратеникот Велибор Бучковски, како што кажа и колегата Стоиљковиќ вчера беше за ваквата идеја уште пред спроведувањето на изборите во 2006 година. Зошто СДСМ во своите органи, во Централниот одбор или во Претседателството не ја прифатил таквата идеја на лидерот, тоа е прашање на кое што одговорот треба да го даде СДСМ. Дали СДСМ е навистина за, или е навистина против идејата за обезбедување на резервирани односно загарантирани места за таканаречените помали етнички заедници ќе го кажете вие преку гласањето и преку дискусиите. Упорно потенцирате дека не сте против, меѓутоа употно се обидувате да најдете аргументи со кои што ќе го негирате правово на помалите етнички заедннници и повторно би ве повикал да го најдете заедничкиот став прво внатре во пратеничката група на СДСМ односно во СДСМ дали сте за или сте против обезбедувањето на резервни односно загарантирани пратенички места.

И повторно ќе кажам, постои процес на јавна дебата, претстои процес на втора фаза, донесување на овој закно во кој што ако имате одредени забелешки за начинот како ќе се дојде до тие 10 места или за начинот на техниката апсолутно можат да се надминат, меѓутоа сега се поставува суштинското прашање дали сте за или се против.

Зошто е потребно во Република Македонија да се обезбедат овие резервирани односно загарантирани пратенички места. Во Република Македонија сеите реални субјекти треба да се борат за зачувување на мултиетничкиот карактер на државата и понатамошно продлабочување на придобивките од мултиетничкиот карактер на општеството.

Досегашниот изборен систем факт е дека не обезбеди доволни услови припадниците на таканаречените помали етнички заедници да имаат реална партиципативност во Собранието на Република Македонија. Значи, пропорционалниот изборен систем не обезбеди можност припадниците на помалите етнички заедници да бидат дел од Собранието на Република Македонија, освен во ситуации кога ќе бидат на листите на поголемите политички партии. Дилемите дали е оправдан начинот на присуство на припадници на помалите етнички заедници на листите на големите партии можеме да ги дискутираме долго. Факт е дека големите политички партии односно големите политички субјекти до сега често пати знаеја да ги узурпираат гласовите на помалите етнички заедници. И факт е дека партиципативноста не секогаш се одразуваше исто како бројот на гласови кои што одеа на едната или на другата страна од големите блокови.

На крај на краиштата факт е дека на одредени места во Република Македонија каде што концентрацијата на одредено малцинство е позначајно, бројот на гласови многу влијаеше во конечната одлука, меѓутоа придобивките кои што ги добиваа помалите етнички заедници беа многу мали. Тука е колегата Неждет Мустафа и може да стане и да каже колку пати СДСМ во кочани добиваше избори благодарение на ромската заедница во Кочани. Колку локални и парламентарни избори доби СДСМ исклучиво благодарение на гласовите од Ромската заедница, меѓутоа почитувани колеги Ромите во Кочани иако 16 години гласаа за СДСМ повторно живеат во исти услови. Повторно ништо не направивте за Ромите во Кочани.

Со ваквиот начин...

(Реакција на пратениците од опозицијата од место).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам без упаѓање. Секој ќе дојде на ред, ќе добие збор, ве млам...

**Илија Димовски:** Ваквиот начин на овозможување на реална партиципативност во изборите ќе ја отфрли праксата на купување на гласови со вреќи брашно, со зејтин, со поткупување ситни... кои што решаваат прашања од една недела. Значи, тој што е против ваквиот начин е и против надминување на изборните нерегуларности. Повелете да им овозможиме на луѓето да имаат реална партиципативност во Собранието на Република Македонија.

Колегите од ДУИ во текот на расправата и неколку дена претходно се обидоа да наметнат една нова идеја, која што можеби вреди да се разговара, а тоа е спроведување на избори во една изборна единица.

Меѓутоа, со тоа почитувани колеги нема да се надмине проблемот на партиципативноста на

помалите етнички заедници. Зошто? Вчера со колегата Рахиќ дискутиравме на долго и на широко на оваа дема. Во Република Македонија пример ќе ја земам бошњачката заедница, можам и за сите други да дискутирам.

Во Република Македонија има три поголеми, условно кажано поголеми партии на Бошњаците и има уште две помали, условно кажано, партии на бошњачката заедница. Реално, ако има пропорционален систем со една изборна единица повторно ќе нема Бошњак пратеник на таков начин.

(Господинот Есад Рахиќ реагира од место).

Повторно ќе нема таков пратеник поради тоа што повторно Бошњаците ќе ги поделат своите гласови условно кажано на овие две политички партии.

Значи со една изборна единица почитувани колеги повторно нема да се надмине проблемот. Ние мораме да ја заштитиме можноста секоја етничка заедница во Република Македонија да има еден партиципиент во Собранието на Република Македонија. На крајот на краиштата, за да не ни се јавуваат проблеми во структурата на квалитетот во Комитетот за односи меѓу заедниците ние практично непишана обврска имаме преку изборното законодавство да овозможиме партиципативност на најмалку по еден пратеник припадник на сите седум етнички заедници спомнати во Уставот на Република Македонија.

Не би сакал понатаму да објаснувам што значеше мешањето на големите партии во срединиите каде што живеат помали етнички заедници, ли не и сакал да кажувам искуства од 1996 година, локалните избори, 2000-та локалните избори и трн.

Генералната состојба со овие помали етнички заедници во Репблика Македонија каква е?

Прво, има огромна дисперзија...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Есад Рахиќ и Џеват Адеми да се смирите. Ве молам, ве молам. Ајде да го заборавиме тој фолклор на недисциплирани мангупчња во основно училиште. Ајде да се слушаме, ајде. Тој фолклор е познат. Тој шаблон е познат.

Продолжете господине Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Генералната состојба со малцинствата.

Факт е дека дисперзираноста на местата на живеење е огромна. Малцинствата, овие помали етнички заедници не живеат сконцентрирано во ниту едно место во Република Македонија,со исклучок на Ромската заедница која има поголема концентрција во скопската општина Шуто Оризари. Освен Ромската заедница кој има поголема концентрација сите други 4 помали етнички заедници немаат концентрација ниту на едно место, во ниту една изборна единица, затоа не можат да си ја обезедат можноста шансата да освојат свои претставници во Собранието на Република Македонија.

Исто така, факт е постоење на огромен степен на неорганизирање и огромен степен на мешање на двата блока во организираноста на помалите етнички заедници. Со ваквиот начин ние ќе ги оставиме помалите етнички заедници да се изборат за своите права и своите барања во македонското мултиетничко општество.

Меѓународните искуства говорат дека во Словенија, Хрватска, Романија и Италија има вакви загарантирани односно резервирани места за помалите етнички заедници. Со исклучок на Хрватска која наскоро ќе стане членка на НАТО, сите други набројани земји се членки на НАТО и членки на Европската унија. Значи, постои меѓународна пракса и практика во поглед на овие загараантирани односно резервирани пратенички места.

Исто така некој се обидува во Собранието да каже дека ќе настане огромна дисторзија на соодносот на пратеници во Собранието. Седум од 120 почитувани колеги е 5,83%. Значи, во моментот би имале 7 пратеници од помалите етнички заедници. Тоа е 5,83%, а 10 од 133 е 7,5%. Значи, не настанува голема дисторзија, не настанува голема промена, не настанува огромен проблем кој не може да биде надмашлив. Давањето право на едни не значи земање право на други. Така што бројките се реални, тие се фактички и не смеат да создаваат понатамошни проблеми.

Исто така би сакал да потенцирам дека во предлогот за измена на изборното законодавство се опфатени многу други работи кои не се дел од овие две значајни прашања.

Прво, зголемувањето на опфатот со овој предлог за измена на Изборниот законик е вклучен и опфатот на јавната администрација, како би можело попрактично и полесно да се оформат избирачки одбори. Исто така има и неколку членови кои го опфаќаат финансирањето на политчката односно изборната кампања на политичките партии каде имаме доста забелешки од стрна на ОБСЕ И ОДХР и каде понатаму можеме да продолжиме со подобрување на изборното законодавство и подобрување на изборната пракса. Исто така има инструменти кои треба да ги намалат изборните нерегуларности, како на пример усогласување со Законот за управни спорови и прецизно дефинирање на надлежностите на изборните органи и на судовите во Република Македонија.

Исто така, еден значаен сегмент кој беше испуштен во Изборниот законик, е опфатен, а тоа е можноста да се формира Изборна комисија на Град Скопје на моменти на спроведување на локални избори на ниво на Град Скопје. Дефинирана е содржината на списоците од избирачките одбори и општинските изборни комисии, направено е усогласување со Законот за прекршоци, меѓутоа и понатаму, во делот на јавната расправа која ќе следи, јас би сакал да бидат опфатени и други моменти кои ќе претставуваат подобрување на изборното законодавство, а тоа ќе значи подобрување на

изборната пракса. На пример, прецизно да се дефинира како ќе оди секојдневната можност за проверка на податоците од избирачкиот список. Ние тоа досега го имавме како пракса, значи преку интернет, преку СМС пораки, меѓутоа не би било лошо нормативно да се предвиди тоа.

Исто така, значаен сегмент кој го испуштив јас во мојот говор, а го има во изборниот законик е трансферот на надлежноста за водењето на избирачкиот список од Министерството за правда во ДИК.. Меѓутоа, тука како држава исто така мораме да направиме дополнителни напори да го подобриме и да го зајакнеме капацитетот на ДИК и да овозможиме оваа Комисија да може да функционира 4 години, а да не биде во онаа состојба која можеби ја имаме досега, да функционира пред и после избори итн. Не знам, и во делот да може да се прецизира забраната за анонимни донации. Да се разгледа прашањето за воспоставување на механизми за континуирана едукација и воедно чување на праксата помеѓу телата кои ги водат изборните постапки, да немаме разлика како ќе се води изборната постапка во една општина и во друга општина, како ќе ја води постапката една изборна комисија, како ќе ја води постапката друга изборна комисија. Се на се, на Република Македонија, врз основа на извештаите на ОБСЕ и на ОДХР врз основа на реалните политички потреби, врз основа на реалната политичка состојба и треба понатамошно подобрување на изборното законодавство, посебно во овие три сегменти: можноста на граѓаните кои живеат надвор од Република Македонија да го остваруваат своето гласачко право, можнста, таканаречените помали етнички заедници да имааат резервирани места и понатмошно продлабочување и подобрување во делот на техничките услови за спроведување на избори. Се надеваме дека во Собранието на Република Македонија не постои ниту еден пратеник кој би бил против овие три сегменти во подобрувањето на македонското општество и систем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурална интервенција има господинот Есад Рахиќ, а потоа Џеват Адеми.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, професоре Георгиевски, ќе ве замолам да бидете еднакви во третманот на сите пратеници и кога ќе побараме, кога вие го прекинувате говорникот со ваша реплика или упад, што го почитувам, бидејќи сте прв меѓу еднаквите.

Ќе ве замолам, почитуван претседателе, ќе ве замолам во иднина, бидејќи имаме коректен однос во делот на вашата експресија, сепак знам дека сте уметнички настроен, да не не нарекувате основци, затоа што вие ни најмалку не личите на учителка. Мојата учителка малку поинаку изгледаше и затоа таа може така да ми се обраќа. Ние сме колеги еднакви, вие сте прв меѓу еднаквите и ако сакате да бидеме еднакви, кафето што го пиете треба да ни го понудите и нас. Затоа, кога барам како пратеник, за тоа и минатиот пат, вие не бевте тука, реагирав оправдано. Не можете на одредени пратеници да им го одземате правото да го кажат она што сметаат и мислат. Кога ќе ви побарам процедурално, дозволете да го кажам своето мислење, а не да ми давате подоцна збор.

Сега ќе ми дозволете да ја кажам мојата реплика, бидејќи бев лично спомнав од Илија Димовски.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, репликата ја броиме од почеток, имате три минути.

(Од место се јавува Ристо Пенов и реагира прво господинот Џеват Адеми да го каже своето процедурално)

Немојте среде збор. Сугурен сум дека ќе сочека господинот Адеми. Да не му упаѓаме среде збор на господинот Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Господине Димовски, јас се подготвувам да дискутирам за овој Предлог закон ќе го кажам.

Бидејќи сум приталица и застапник на целосна граѓанска демократија, сметам дека она што го тврдеа и моите поранешни колеги, сопартијци дека сите политички партии треба да имаат свои членови од делот на етничките заедници кое тие не го испочитуваа, за тоа нема да зборувам, меѓутоа со конкретен пример ќе ви кажам зошто ќе го подржам овој ваш законски предлог, ако вие ме уверите дека е вистински.

Прво, вие имавте шанса на вашите листи да ставите припадници на етничките заедници. Ако толку ги сакавте Бошњаците кои ги спомнавте, а верувам дека имате искрени намери, господинот Пепиќ немаше да биде на 25 место ќе беше трет или четврти и сега во Комитетот ќе беше тој и немаше да имате проблем да го обезбедите мнозинството.

Втора работа, ве молам, запишете го името и презимето, Витанов после ќе разговараме со вас, за да ми кажете дека овој закон што го носиме, значи целосна застапеност на овие принципи и на најниско ниво, Бејтовиќ Зека, градинка 11 Октомври, Бутел, негователка 4 години, договор за дело. Има распишано оглас за вработување. Ќе биде примена ваша членка која двеипол години е вработена и веќе е на трудничко боледување. Тоа е рамномерна застапеност. Бидејќи ги броите Бошњаците, Ромите, Србите, имате 0,86% припадници на Бошњачката етничка заедница во Македонија, а имате вработено 0,40%. Значи, потрудете се во тој сегмент. Тоа кој ќе гласа, како ќе гласа и дали законот е добар или лош, ако веќе работите со проценти 13% од етничите заедници се во Македонија. 13% од 120, вие пресметајте колку е. Не се ни 10, ни 7, ни 5, туку малку повеќе. Затоа кога зборуваме искерно и принципиелно да зборуваме за сите сегменти.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Димовски бидејќи господинот Адеми му пропушти ред на господинот Рахиќ за да ја каже својата реплика , а тој требаше да има предност со своето процедурално прашање, затоа му

давам збор на господинот Адеми, а вие после тоа ќе се јавите за контра реплика.

Повелете господине Адеми.

**Џеват Адеми:** Се обидувам во работата на ова наше Собрание да влеам малку култура, затоа што претседателе, мојата процедурална забелешка се однесува на вас, директно до вас, со најучлива молба, спрема пратениците да се однесувате како што му доликува на еден пратеник, а камо ли на претседател на Собрание. Никој од нас тука не е мангуп, претседателе, поготово не од вашиот жаргон, од основното училиште. Можеби во ваше време, порано созревавте, мангупчиња беа во основните училишта. Во мое време беа малку подоцна.

Ако сакате од пратениците да направите послушници, да направите механички гласачи, тоа е ваш проблем. Јас со колегата Рахиќ се поздравив и немаше ништо лошо што ние комуницираме непосредно. Ве молам и најостро протестирам и барам од вас да го повлечете изразот, да ја повлечете квалификацијата затоа што преку мене говорат моите гласачи. Јас не сум тука предмет некој да изведува театар. Најостро протестирам и се надевам дека овој испад ќе биде последен односно посакувам да биде последен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Адеми, јас навистина сум потресен со оваа ваша интервенција.

Вие стоевте со господинот Есад Рахиќ и разговаравте гласно додека еден пратеник говореше. Моја деловничка задача е овде да одржувам определена дисциплина. Според тоа, јас вас не ве нареков така. Јас реков да не го користиме шаблонот итн. Немав директно обраќање ниту кон вас, ниту кон господинот Рахиќ, со тоа што три минути пред тоа по име ве замолив и вас и господинот Есад Рахиќ да не галамите. Тоа да. Меѓутоа, ако мислите да ме потресете толку, да ме исплашите толку, да јас посегнам по инструметот кој е легитимен, заради правење бука и галама да ве отстранам од седницата, тоа нема да го направам никогаш, а вашите последни опомени можете да ги давате дома на вашето семејство, не мене. Последни опомени немојте да давате. Ве молам избегнувајте такви работи. Инаку, еве јас, ако вие кажете дека нема да ја попречувате дисциплината и нема да го попречувате говорот на вашите колеги, јас со најдлабоко жалење ќе ви се извинувам и ви се извинувам. Но, вие ја почнавте работата, јас не ве измислив, ниту вас ниту, зошто така не навредив некој друг. Не, еве господин Пенов, зошто господин Пенов не го прозвав, или било кој, или господиот Ацо Киров. Значи не ве одбирав јас. Ве молам, тоа е објаснувањето.

Господине вашата контра реплика, господин Илија Димовски.

Јас сум задолжен да правам ред тука.

**Илија Димовски:** Господине Рахиќ, значи факт е дека имаше обид на таков начин да се подобрат правата на таканаречените помали етнички заедници. Меѓутоа, факт е дека можноста која што ја имаат претставниците во Собранието на Република Македонија претставници на таквите помали етнички заедници, беше многу ограничена поради тоа што вие бевте зависни од вашите политички партии на кои што не им беше приоритетно решавањето на проблемите на помалите етнички заедици. Вие повеќе бевте социјалдемократ од Бошњак, што не е штетно апсолутно, меѓутоа во минатите 4 години застапеноста на Бошњаците во државната и јавната админстрација не знам дали е подобрена. Условите за живот на Бошњаците во Република Македонија не знам дали се подобрени, условите за учење не знам дали се подобрени, дали ќе го добијат правото да учат на својот мајчин Бошњачки јазик исто така не знам дали се оствари. Значи тоа е фактичката состојба. Крајно позитивно ја ценам вашата конструктивност во приодот меѓутоа ние мораме дел од пратениците кои што потекнуваат примарно од таквите помали етнички заедници да ги ослободиме, примарно да се борат за правата на тие помали етнички заедници, а секундарно да им биде левата или десната опција. Тоа е мојата перцепција и мојата визија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Киров вашата реплика.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Колега Димовски јас излегов на говорницата да ве гледам во очи и да ви кажам дека 50% од тоа што го говоревте на оваа говорница лажете, а ќе почнам не со изборниот законик, со Деловникот.

Зборувавте 55 минути, а сте за ограничување на времето на пратениците за говорење од оваа говорница со Деловникот. Значи 50 минути зборувавте од од кои имавте зборувано 35 минути за изборниот законик и 20 минути имате зборувано за СДСМ. Значи голем душогрижник сте за Социјалдемократскиот сојуз и голем експерт. Но, да се вратам на она што сакам да го кажам.

Уште на почетокот излажавте дека Социјалдемократскиот сујуз се предомислил да зборувам односно да присуствува на седниците за изборниот законик. Не се предомисливме ние, вие се предомисливте, затоа што после извештајот и препораките од Советот на Европа вие овој закон, прво беше во една фаза, а сега во две фази, овде Трајко Вељаноски излезе и кажа и даде предлог за да оди во две фази. Значи, не ние, туку вие. Ако беше во една фаза ние нема да бевме во оваа сала, а сега кога е во две фази дојдовме во оваа сала да дискутираме и да даваме наши предлози. Значи, не лажеме ние, туку вие лажете. Тоа се препораките од Советот на Европа и затоа така овој закон оди во две фази.

За дијаспората исто. Зборувавте експерти итн, итн. Па исто и овде лажете. СДСМ не е против дијаспората. Кој кажал дека е против дијаспората.

Три пратеници Америка, Европа и Австралија, во ред, и ние сме за тоа. Но има и други работи каде што треба принципот, начинот на гласање, колку имаме, што имаме во дијаспората, како ќе се обезбеди сигурен механизам во дијаспората. И не беше во овие преговори, јас не сум бил учесник, но колку што јаз знам беше за парламентарни избор, а не и за претседателски, а сега ги вметнувате со овој изборен законик и дијаспората и за претседателски избори. Тоа значи дека никогаш нема да дојдеме до 51%, ќе треба да менуваме нешто во Уставот. Тоа е проблемот, а не е проблемот дали треба да гласа или не треба да гласа дијаспората, а упорно вие тука СДСМ не ја сака дијаспората, не сака да гласа дијаспората. Сакате десет пати да повторите за да стане вашата лажа вистина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, прво е некултурно да употребувате такви термини, меѓутоа, тоа е ваша оценка, јас нема да навлегувам. Јас на почетокот на мојот говор ја поздравив промената на одлуката на СДСМ, не учествував во билокаква расправа, како што кажуваше колегата Кондарко, по однос на изборното законодавство. Има тонски записи од Законодавно-правната комисија, можете да ги земете да ги проверите, па ќе видите кој го променил својот став. Меѓутоа, тоа не е ни битно суштински. Јас потенцирав дека се три сегменти. Дијаспората, резервирани места за помалите етнички заедници и технички измени врз основа на извештајот на ОБСЕ и на ОДХР минатите избори. Вие кажувате дека не сте против дијаспората, дека не сте против резервирани места и не сте против забелешките, ама сте против законот. Не може тоа. Прва фаза е. Да ја изгласаме потребата, па потоа ќе ги надминеме тие работи. Во однос на дијаспората, ако бевте за дијаспората, немаше 17 години да го одложувате решавањето на тоа. Ако чекаме, веројатно ќе требаат уште 70 години да чекаме. Имаме можност сега да го решиме тој проблем и дајте да го решиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Се извинувам господине Алити, немав таква регистрација, вие ќе бидете по господинот Владо Бучковски.

Тоа се секако реплики на искажувањето на господинот Димовски.

Сега на ред е Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе,почитувани колеги пратеници, почитуван колега Димовски. Во вашето излагање искажавте многу работи, меѓутоа, дел од тие работи беа невистини.

Прво, СДСМ не ретерилал на своите ставови како што ретерила ВМРО-ДПМНЕ и не ја крои својата политикаод дневно политичките настани. Ние имаме коизистентни ставови и се држиме на принципите на делување на Социјал демократскиот сојуз. Кој атерираше во ова Собрание прашајте го господинот Трајко Вељаноски, па ќе ви каже, ако не сте го слушнале земете записник. Тоа е првата работа.

Втората работа, го обвинувате СДСМ за закони кои што се внесени во Европската агенда. Кај ви е мнозинството од 61 пратеник. Кога не сме учествувале кога сте имале кворум од 61 пратеник. Него ние ви го правиме мнозинството и секојпат стоиме на ставот дека Европските закони треба да ги подржиме.

Зошто во овој момент се донесува изборниот законик, изинете и дополнувањата на изборниот законик. Одговорите за тоа, зошто воовој момент, зоштоне беше три месеци порано, зошто не е три месеци подоцна, туку токму во овој момент дојде да се донесува законот.

СДСМ никогаш не бил против гласањето на дијаспората. Тоа се ваши измислици. Имавме став и се држиме на тој став, дека е добро да се овозможат услови да гласа дијаспората меѓутоа, дали има услови во овој момент дијаспората да гласа. Тоа е друго прашање. Кај вас сега се погоди потребата од етничките заедници. Зошто, ако бевте толку загрижени за етничките заедници, зошто не ставивте на вашите листи луѓе од етничките заедници. Тоа е апсолвирано прашање во СДСМ и ние секогаш сме биле за етничките заедници и секогаш ќе ги подржуваме етничките заедници.

На крајот, кочанските Роми биле дел од СДСМ и ќе останат дел од СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

Повелете господине Димовски.

**Илија Димовски:** Ќе одговорамна две позиции од репликата на господинот Серафимов.

Прво, пред два дена имавме расправа за Законот за заштита на културното наследство. Законот за Европскаа агнеда, требаше да има јавна реакција ВМРО-ДПМНЕ, за да се вратат пратениците на СДСМ внатре во салата, иако ВМРО-ДПМНЕ имаше кворум во моментот да расправа за тој закон, меѓутоа, не е битно. Во одредени ситуации нервоза повеќе или помалку, ќе мора да се вратите тука, затоа што од заеднички интерес е донесувањето на тие закони.

Второ, три поенти се битни. Правотона глас на дијаспората, загарантираните места за помалите етнички заедници и техничките забелешки на ОПСЕ и ОДХР. Ако сте било кои од овие три сегменти, кажете го тоа јавно, спротивставете се. Вие кажувате дека со сите три работи се согласувате, меѓутоа се спротивставувате на законот. Тие се трите основни елементи на законот. Законот е во прва фаза, знаете што е прва фаза, знаете што е јавна расправа и т.н. Ве молам, несуштинско е вашето противење.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега на ред за реплика е господинот Есад Рахиќ, меѓутоа, чинам дека не е тука. Според тоа, господинот Владо Бучковски има реплика, а потоа

господинот Алити. Со тоа завршуваме со репликите.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Немав намера н апомладио тколега Димовски да му реплицирам, но упорно за еден час, 7 пати колку што тој ме спомна, почитуваниот професор, почитуваниот професор, поранешен претседател, па редно е да му кажам нешто.

Значи, со ова колега Димовски не може да се гради атмосфера на доверба, како вие на почетокот што пледиравте, ако постојано детски се убедуваме кој прв почна и кој го повлече својот првичен предлог, или кој ја повлече својата одлука. Најбитно е што беше спречена нова политичка криза, што ја прави ВМРО-ДПМНЕ. Значи на ВМРО-ДПМНЕ е му грижа за помалите етнички заедници како за ланскиот снег. Ние расправаме денеска за нивните загарантирани мандати, затоа што тоа е нивна победа и треба да им се признае. Таа е победа кога тие се обидуваат да ја извојуваат во континуитет. И нормално е, чекор по чекор, кога гледаат дека не се гради граѓански концепт за Македонија, кога немаме граѓански партии да побараат и тие да бидат повеќе застапени во Парламентот, затоа што говориме за соодветна и правична застапеност. Ве молам, немате најмалку право вие од ВМРО-ДПМНЕ да говорите ексклузивно за правата на помалите етнички заедници. За тоа, поопширно ќе говорам, се надевам кога ќе стигнам после паузата да ги кажам своите ставови.

И второ, ако сакате веќе овде да изградиме доверба, погрешна е тезата дека опозицијата е кочничар. Кочничар е власта со вакви проекти. Ова во овој момент не е приоритет на Република Македонија. Не може ние да бидеме кочничари, кога еднаш реков на Комисијата за политички систем, Македонија е на сред колосек. Не доведовте таму. Локомотивата таму ја паркиравте. Треба да се движи нешто, па ние да кочиме. Нема можност, ние сме патници во вагоните, локомотивата ја води Никола Груевски. Може само во случај на опасност, ако се возите до Велес со воз да ја повлечете кочницата и да закочи времено возот. Но, не се дивжи нашиот воз, затоа што приоритетите не се ставени на дневен ред. За ова може да разговараме, тоа ќе биде мојата теза. Ако се подготвуваме за избори. До сега беше правилото 6 месеци пред избори да се знаат изборните правила. Такво беше и писмото од вашиот претседател Никола Груевски, што го упати до мене како претседател на СДСМ и како премиер до Владата. Бараме прво да разговараме кога ќе бидат изборите. За тоа прво разговаравме па потоа влеговме во измени на Изборниот законик. Значи, тие две прашања кога ќе ги расчистиме, дека нема на европскиот пат некој кој влече напред, а друг кочи, а од оваа расправа на крајот не треба да има победници, тогаш ќе може атмосферата да ја спуштиме, да имаме продуктивна расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

Повелете господине Димовски.

**Илија Димовски:** Господине Бучковски во врска со Законот за Јавно обвинителство, СДСМ имаше 7 забелешки. Сите 7 забелешки беа прифатени од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Наредниот ден СДСМ ретерираше во поглед на една од своите работи, кои беа прифатени претходно од ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е кочење на процесите. И сега поради таа работа што беше променета како став на СДСМ, ова Собрание не м оже да го донесе ногу значајниот закон за Јавно обвинитеслтво. Тоа е кочење на процесите и тоа е блокирање на таканаречената локомотива.

Втора работа, во врска со тајмингот. Република Македонија секогаш до сега го носела изборното законодавство во очи на избори. Тоа не е добро, поради тоа што со притисокот на времето, со притисокот на анкетите се создава нелагодна позиција. Ние сега имаме комотна позиција година дена пред избори да ги дискутираме сите работи.

Трета работа, колку СДСМ направил за помалите етнички заедници, тие најдобро знаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Алити вашите три минути, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас навистина колегата со тек на времето кога го следев, не ми остави впечаток дека ја познава реториката и знае да ја покаже неговата демагогија. За цело време се потруди со демагошко излагање,нешто што е легално и легитимно на секој пратеник да употреби демагогија во своите говори. Но јас мислам дека нема право кога се повикува кај ДУИ дека не сме понудиле ништо. Како што вие господине Димовски велите дека, еве нека се прифати да гласа дијаспората, за кое нешто ДУИ сме против и токму тоа не принуди да поднесеме 4100 амандмани. Исто така сме рекле и понатаму велиме дека сме спремни да се отвори дискусија и поширока дебата во Република Македонија и за гарантираните места да се најде формула. Но да се каже дека ДУИ не нуди ништо конкретно, тоа е само априори, против овој Предлог закон. Мислам дека тоа не држи. Ние мсе многу конкретни. Како што велите еве ние ве повикуваме повелете, да седнеме, Македонија да биде една изборна единица, да имаме дводомен Парламент. Во еден од овие домови ќе обезбедиме место за сите етнички заедници и ќе ги решиме овие постојни проблеми. Мене ми е мило што, до колку ВМРО-ДПМНЕ навистина ретерира кон тоа што е интерес за оваа земја и за оваа држава. Но вашето ретерирање за жал, според мене е една фарса пред јавноста. Не може господинот Илија Димовски да ретерирал толку многу, кога беше заедно со неговите колеги воштрајк со глад против правата на граѓаните, поконкретно на правата на Албанците, кои ги баравме во тоа време. Вие господине Илија Димовски и ВМРО-ДПМНЕ го злоупотреби поранешниот пратеник кој

е сегашен министер да излезе овде на говорница, д аизлезе против официјализацијата на Тетовскиот Универзитет. ДУИ, токму поради тоа е умерен во оваа насока, која ќе биде таа формулација за загарантираните места, бидејќи вие знаете односно сте знаеле да ги злоупотребите помалите етнички заедници, кои што сте ги имале во вашите избирачки списоци,против правата на Албанците во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

**Илија Димовски:** Колегата Рафис Алити и понатаму цврсто останува во коалиција со СДСМ. Тезите кои што се валидни и легитимни за СДСМ ги употребува и колегата Еафис Алити, меѓутоа тоа е право, но да ви кажам дека јас во тој период бев многу мал за што вие мислите дека јас божемно сум штрајкувал со глад. Сум бил премногу мал за да го правам тоа.

Значи, ќе повторам. Има три сегменти.

Првиот сегмент е правото на граѓаните на Република Македонија, кои што живеат надвор од границите. Да ве потсетам има и државјани на Република Македонија кои што живеат надвор од границата на Република Македонија.

Второ, правото на помалите етнички заедници за загарантирани места и трето

Техничките забелешки од ОБСЕ и ОДХР. Ако вие навистина сте спремни за разговор, вие ќе гласате за донесвуање на Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик. Во текот на јавната расправа, и во текот на втората фаза ќе се разговара практично за сите детали. Вака изгледа премногу невистинито ова што го говорите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред е за збор господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата, дозволете и јас да го кажам своето мислење по однос на понудениот предлог, со кој што нормално се бара да се измени Изборниот законик.

Уште на почетокот ќе нагласам дека со овој предлог, меѓутоа и со неколку претходни предлози се потврдува еден факт, што јас го кажав вомоментот кога се усвои, односно кога се донесе Изборниот законик, дека Република Македонија нема сеуште стабилизирано и развиено определени сектори или области, за да ги кодифицира.

Ова го велам од причина што во начело, изборните законици се донесуваат во случаи или во области кои што се развиени или стабилизирани. Секојдневно тука ни доаѓаат измени и дополнувања на Изборниот законик и т.н.

Колку што мене ми е познато, до колку не грешам, ние овде во Македонија имаме кодифицирано само две области. Како ќе биде, како и да е, вчера и денес по мое мислење се разговараше за многу работи, меѓутоа, многу малку се разговараше за тоа што е на дневен ред, или пак што ни е на дневен ред.

Лично, јас ќе настојувам да гокажам моето мислење во однос на понудениот Предлог, посебно ќе се задржам на пет прашања, за кои што ценам дека ги предвидува понудениот Предлог за измена и дополнување на Изборниот законик.

Првото прашање е прашањето што се однесува на зголемувањето на бројот на пратеници.

Второ, прашањето што е за создавање на можности за гласање и на граѓаните кои што живеат и работат надвор од Република Македонија.

Трето, прашањата кои што се во однос на создавање на можни таканаречени гарантирани места.

Четврто, создавање на можност за зголемување на разликата мерѓу гласачите според изборни единици и

Петто, ќе кажам нешто и во однос на измените што се нудат во о днос на составот на избирачките одбори.

Уште на почетокот ќе нагласам дека овие пет прашања, кои што се понудени амплок сум против.

Ќе се обидам со ред да го дадам моето лично мислење за сите прашања што се понудени.

Зошто сумпротив зголемувањето на бројот на пратеници. Сум против од причина што едноставно, се зголемуваат и буџетските трошоци или расходи, се зголемуваат и економските, односно стопанските расходи.

До колку се анализират расходите за еден пратеник, споредувајки ја бруто платата и другите расходи и ова доколку се подели со една година или 4 години, ќе се дојде до констатација дека сепак, буџетските расходи не се мали.

Второ, уште една дополнителна споредба, доколку се анализира бројот на жители, или пак поинаку бројот на гласачи, тој еден пратеник, на Република Македонија реално и се потребни 100 пратеници, ако сум свесен дека членот 60 од Уставот, односно членот 61 предвидува минимум од 120.

Сепак велам врз основа на овој стандард на Република Македонија и се потребни 100 пратеници. Ова го велам од причина што една компарација која пред извесно време ми падна во раце, беше од една невладина организација споредувајќи неколку држави од регионот, држави во транзиција каде врз основа на таа анализа, велам приближно Република Македонија или Република Албанија за еден пратеник потребни се просечно 14 илјади гласачи, на Косово 15 илјади гласачи, во Србија 13 илјади гласачи. Тоа значи од тој аспект, според моето мислење, на Македонија и се потребни не 133, туку 100 пратеника.

Второ, го нагласувам моето мислење во однос на настојувањето за создавање можности или правен простор и граѓаните кои живеат, престојуваат или работат надвор од територијата на Република Македонија им се создадат услови, така како што беше нагласено тука од претходниот говорник, за гласање во местото на престојот или на работа.

Еден интересен факт што денес, но и вчера беше кажано од еден колега, се спомна членот 22 од Уставот на Република Македонија. Членот 22 на кој се повикува и предлагачот во своето образложение, но сепак јас мислам дека и со понудениот Изборен законик, но и со законите од 90-тите години кои ја уредувале областа на електоратот, овој член ниту бил повреден ниту бил оспоруван. Ова го велам од причина што секој граѓанин на Република Македонија, затоа што членот 22 гарантира право на граѓаните, нормално тие што ги исполнуваат условите, работоспособни и да имаат право да гласаат. Оваа уставна одредба била инкорпорирана во сите изборни закони и сега јас не знам која е причината зошто предлагачот во образложението, но и неколку претходни говорници, се повикуваат со претекст дека еве ние сме за имплементација, за операционализација на член 22 од Уставот.

Со полна одговорност тврдам дека оваа уставна одредба била операционализирана, била имплементирана и досега.

Сепак, ќе дозволите, на кратко да кажам зошто јас лично сум против оваа тенденција или оваа можност. Против сум од причина што лично не знам на кој начин ќе може да се реализира изборниот процес надвор од територијата на Република Македонија кога се има предвид фактот дека сакале или не ние овде во Македонија од 90-тите години наваму не сме имале демократски избор, секогаш сме имале недостатоци. Вчера една моја колешка се повика на извештајот и некоја информација, да не кажам препорака на Венецијанската комисија, јас мислам дека нема потреба да се повикуваме на такви извештаи затоа што сите знаеме дека до сега многу тешко сме организирале фер и демократски избори. Се прашувам, какви избори ќе бидат избори организирани надвор од територијата на Република Македонија. За мене постои дилема како и на кој начин ќе се организираат предизборните активности. Како политичките партии ќе го мониторираат изборниот процес. На кој начин политичките партии ќе ги носат своите претставници за да ги контролираат изборните процеси. Има многу други прашања за кои постојат дилеми. Искрено кажувам и лично мислам дека Република Македонија во моментот треба целиот свој ангажман да го преокурипа во насока на организирање на фер и демократски избори внатре на територијата на Република Македонија и кога ќе се постигне ова, тогаш ќе се замислиме, ќе седнеме и во консултација со политичките субјекти и претставници на политичките субјекти да видиме која е најдобрата метода и најдобриот начин да можат граѓаните кои живеат надвор од територијата на Република Македонија да се организираат и да гласаат во тие места каде престојуваат и делуваат.

Зошто сум против овој модел кој е предложен. Нема да се задржам на националниот аспект за тоа кој е претекстот или тенденцијата на Владата во однос на можноста за овозможување на граѓаните да гласат надвор од територијата на Република Македонија. Ова го кажувам јавно со Албанците, искрено ние имаме подготвено извештај од страна на експерти во ДУИ, но сепак лично нема да се задржам на тој извештај затоа што ценам дека ќе го кажат моите колеги.

Трето, зошто сум против овој начин на гарантирање или создавање можност за гаранција на места за неколку етнички заедници во Република Македонија.

Уште на почетокот ќе нагласам дека овој начин на гарантирани места на определени етнички заедници е уреден на разни начини во разни држави. Постојат неколку модели. Моделот кој е предвиден тука јас лично не сум бил во можност да го најдам тој модел во ниедна држава, сум го споредил моделот на Косово, на Хрватска, на Словенија, на Италија итн. Овој модел е посебен случај, но сепак ќе дозволите претходно, пред да ги истакнам моите аргументи зошто сум против, сепак да направам една ретроспектива на Уставот на Република Македонија.

Повеќе е од вистина дека членот 61 став 1 предвидува минимум и максимум на парламентарен состав односно на бројот на пратениците, тоа е 120-140. Во тој контекст нема никаква пречка. Меѓутоа, доколку внимателно се анализира Амандманот 6 од Уставот на Република Македонија кој говори за соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници во органите на државната власта ќе се дојде до констатација дека овој предлог не го повредува овој амандман или го повредува. Ова го истакнувам од причина што овој Амандман не прави исклучок на едната или на другата етничка заедница, туку вели на сите заедници правична и соодветна застапеност. Каде во органите на државната власт членот 60 став 1 Собранието го дефинира како орган на државната власт. Во оваа насока треба да бидеме внимателни од овој аспект.

Второ, сум ги анализирал уставите на земјите кои дозволуваат вакви модели кои им гарантираат на определени етнички заедници гарантирани места во Парламентот. Велам приближно, тие устави што сум ги анализирал овој модел го гарантираат со Устав членот 67 став 2 од Уставот на Хрватска, земете, прочитајте, ќе видите дека овој член покрај тоа што предвидува тоа што се предвидува и во Уставот на Република Македонија во член 61 став 1 соодносот или бројот на пратеници го гарантира и бројот на гарантираните места. Искрено, не сакам да кажам дека сум некој голем стручњак за Уставот затоа што за овие прашања одлучува Уставниот суд. Го кажувам само моето лично мислење. Доколку се направи некоја работа

нека има силна уставна основа, да не дојдеме во ситуација тоа што го предлагаме утре Уставниот суд да го отфрли.

Не сакам погрешно да ме разберете вие колеги од етничките заедници, искрено мислам дека треба да се изнајде модел со кој на претставниците на определени етнички заедници во Република Македонија ќе им се овозможи правична и соодветна застапеност. Координаторот на парламентарната група предлози еден поинаков начин, поинаква можност како што беше создавање на можност Република Македонија да биде една изборна единица. Во оваа насока ќе треба да се анализира и претставниците на политичките субјекти да седнат да се договорат, да видат која ќе биде најдобрата метода. Мислам дека доколку заедниците кои се нагласени во преамбулата се предвидува простор без никаков цензус, без никаков праг да им се остави простор да можат на изборите да излезат и гласаат за своите претставници, може да се дојде до нивната застапеност во согласност со нивниот број.

Исто така колегата од парламентарната група го истакна тн. бикамерализам. Јас не знам зошто се реагира или зошто овој предлог на колегата се зема како некаква тенденција. Треба на сите да им се даде до знаење дека бикамерализмот е присутен во унитарните држави. Јас не сакам да излезам надвор од темата, доколку има потреба, ќе кажам само 2-3 збора. Присутен е во унитарните држави и мултинационалните држави, мултиетнички држави како што е Република Македонија.

Кои се причините или кој би бил мотивот предлогот на координаторот на парламентарната група на ДУИ да не се анализира, да не се види што може да ни донесе овој предлог да седнеме и да разговараме. Други два предлози што ги истакнав претходно, но, за жал, ни вчера ни денес ниту еден пратеник не говореше за прашањето на дифиренцијацијата меѓу гласачите по изборни единици.

Сите знаеме дека во моментот оваа разлика се предвидува да биде плус 3 минус 3 или како сакате. Сега имаме пораст од минус 3 до плус 5 односно од минус 3 на минус 5 односно од плус 3 на плус 5. Не знам која е тенденцијата, сепак лично ќе кажам дека сум против овој предлог. Зошто? Ние сега создаваме простор определени пратеници кои претставуваат определен електорат да имаат тежина или поинакво значење. Ќе создадеме простор еден пратеник да дојде тука, го застапува електоратот со 5-6 илјади гласачи, а другиот со 12-13 илјади гласачи итн. Навистина не знам која е целта, кои се причините. Пак ќе кажам нема да настојувам и ова прашање да го анализирам од национален аспект иако можеби и оваа тенденција има таква конотација, национална конотација.

Зошто сум против предлогот со кој повторно се враќа учеството на политичките претставници во изборните одбори. Едноставно сум против затоа што јас лично мислам дека преку нивното неучествување, преку не создавање на просторно политичките партии можат да делегираат членови во изборните одбори. Ние ќе создадеме простор за деполитизација на изборниот процес. Јас лично како пратеник на парламентарната група силно ќе стојам на овој став. Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики нема.

На ред за збор е господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер на Владата,

На почетокот би го истакнал моето изненадување и разочарување на лицемерниот однос на повеќе пратеници кои зборуваат на оваа говорница за наводната грижа за малите заедници односно заедниците кои не се повеќе од 20% особено оние кои зборуваа за ромската заедница. Од една проста причина, сметам дека ако така резонираме, ако имаат искрени намери да се помогне на тие етнички заедници, сметам дека ни еден од дискутантите не го прочитал Предлог законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од проста причина. Многу се интересираа за ромската заедница и вчера и денеска слушав дека Ромите се 2,7% и според тоа им следува 3%. И на овој начин кај Ромите постои една дискриминаторска реторика односно напишано во овој закон.

Ме изненади како еден пратеник од Кочани денеска може да каже дека сите Роми во Кочани ќе гласаат за него односно се негови. Ве молам, интересите на ромската зедница има овде кој да ги брани. Има двајца пратеници еден во позиција еден во опозиција. Кога ќе треба со загриженост и искрено да зборуваме за нашите права, мислам дека најдобро нам ни прилега. Мислам дека останатите сакаат да ги злоупотребат своите говори тука во смисла како што беше и досега дали на наредните избори ќе гласаат за нив или нема да гласаат. Ромите по број 53.789 мислам дека таа бројка е многу поголема и победата на одредена партија од поголемите партии зависи токму од гласовите на нашата заедница и на другите помали етнички заедници. Ако се земе предвид дека околу 214 илјади припаѓаат на овие етнички заедници на кои треба да им се дадат овие десет загарантирани пратенички места, мислам дека сериозно треба да се разгледа ова прашање и да им се овозможат токму овие права кои, не задирајќи односно не повредувајќи ги правата на албанската заедница. Мислам со посебен респект, бидејќи сум по потекло од Гостивар, имам многу пријатели Албанци, имам посебен респект спрема таа заедница, но секогаш кога ќе се работи за моите права искрено, слободно, без пардон ќе зборувам и ќе работам за мојата заедница чиј претставник во овој момент сум во ова Собрание.

Би сакал да се осврнам на одредено објаснување во нашиот Парламент и граѓаните кои не следат кои сме ние Ромите, бидејќи сметам дека недоволно не познавате и покрај нашето постојано заедничко спријателување, бидејќи како комшии секојдневно се движиме, работиме на одредени работни места и живееме повеќе од 1100 години на овие простори. Тоа значи дека не сме вчера дојдени за да присвоиме одредени права или некој со позитивна дискриминација ни ги дава тие права.

Ќе се осврнам на тој дел, би кажал дека Ромите во својот долг пат од Индија, па до најразлични држави во светот поминале низ најтешки трауми, неправди и поничувања не правејќи никому зло, со песна и музика, населувајќи се на одредени простори и на овие простори никогаш освојувачки.

Ромите на сите места се одржале благодарение на својата виталност и мудрост односно интелигентност во посебни места во новонастанатите ситуации да се снајдат и на човечката толеранција која отсекогаш била една од особеностите на повеќенационалните и повеќеверските заедници.

Големиот Ленин од секогаш зборувал дека нема друго решение освен доследна демократизација на малцинските права. Друго решение во одредена држава не мооже да биде, бидејќи ова е мултиетничка и мултикултурна држава.

Правата на Ромите во светот во различни држави различно се толкувале, во зависност од степенот на демократија во таа држава, во зависност од економскиот развиток на таа држава, политичкиот систем итн.

Во Република Македонија Ромите како население, според последниот попис, е повеќе од 53.789 жители, но лично сметам дека оваа бројка не ја одразува објективната стварност во поглед на бројот на ромското население во државата од многу причини за кои можам да зборувам со денови.

Меѓутоа, јас би кажал само од причини што по распадот на Југославија многу граѓани од ромската заедница останаа без државјански статус, без регулирана документација, кои сеуште постојат во нашата држава, можеби таа бројка е од 3-8 илјади Роми. Многу Роми поради индиферентниот однос на нашата држава кон нивното прашање беа принудени да побараат економски азил, односно наводно политички во западноевропските држави и таму нашата бројка е доста голема, па во сите европски држави според мене е 50 илјади лица. Потоа, она што е најболното ромско прашање, а кое сметам дека за време на мојот мандт ќе го реализирам, е вековната асимилација на ромската заедница од било кои други заедници. Да се вратам и во времето на Австроунгарското царство со Марија Терезија нивниот однос, нивниот физички геноцид, стравот во Втората светска војна и од поново време, најновите случувања во Босна и Херцеговина, на Косво каде што масовно се убиени и исфрлени од своите домови, па и конфликтот во 2001 година, сеуште имаме Роми кои не се вратени на своите простори, на своите огништа, во своите домови. Тоа е пример во Радуша, Јегуновци и други места. Оваа асимилација не е од вчера, оваа асимилација трае 100-тини години, така што многу Роми се имаат пријавено како Албанци, Турци, православни Македонци, потоа Египќани, Грци, и што ти не друго. Ако зборуваме за уставното право, лично сметам дека овие не се асимилирани поднивна волја, тоа е затоа што се злоупотребени со страв, со физички напади се преземани нивните права. Јас мислам дека ова ќе се докаже во текот на овие години и избегнувајќи го нивното уставно право дека секој може да се декларира во нашата држава како сака, значи не навлегувам во тој дел, но сметам дека нашата бројка е повеќе од 120 илјади, до 140 илјади гласачи. Ако се споредат партиите ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ како големи партии и останатите партии кои имаат Роми гласачи во нивните тела, ќе се види дека таа бројка го надминува суштински и вистински износот од 120 до 140 илјади граѓани.

Добро е што во Република Македонија Ромите во Уставот ги има декларирано како конститутивен елемент на државата, односно Македонија е конституирана како држава на Македонците, Албанците, Ромите, Турците и други кои се внесени во Уставот, меѓутоа, покрај останатото, мислам дека треба да ни се загарантираат темелните вредности на уставниот поредок, а тоа се основните слободи и права на граѓанинот и слободното изразување на националната припадност, како и многу други индивидуални и колективни права. Граѓанските политички права и слободи посебно се внесени во член 9 од Уставот на Република Македонија, каде со останатите граѓани Ромите се еднакви и рамноправни во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, национално, религиозно и друго убедување.

Во Република Македонија како на сите граѓани така и на Ромите им е загарантирано правото на здружување. Во таа насока се организирани невладини организации, а и пет политички партии. Во овој момент во нашето Собрание има двајца претставници од ромската заедница и главно правиме напори и размислуваме како подобро да ги реализираме фундаменталните права и слободи на нашата заедница. Во Комитетот, добро е да слушнат и граѓаните, интересите на ромската заедница ги застапувам токму јас како член на тој Комитет. По Уставот и законите исто така како и останатите граѓани, Ромите имаат право да учествуваат во вршењето на јавни функции, но како е во практиката, Господ да чува и брани од полошо само ќе кажам. За жал, ништо не е постигнато ниту со Рамковниот договор ниту со Декадата на Ромите, односно затоа што некој друг ги застапувал овие интереси, немаме свои претставници токму во реализација на стратегиските планови и од декадата и од Рамковниот договор. Не сакам посебно да се

осврнувам на потребата од донесувањето на овој закон, но сакам само да кажам дека претставува усогласување на нашето со европското законодавство, особено со Амандманот 6 за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и други јавни институции на сите нивоа. Особено би кажал дека е во согласност со член 22 став 3 и член 23 од Уставот на Република Македонија и во согласност со многу меѓународни документи. Членот 22 став 2 од Уставот на Република Македонија би го прочитал.

“Избирачкото право е еднакво општо и непосредно и се остварува на слободни избори и тајно гласање”.

Член 23 вели:

“Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции”.

Меѓутоа, токму од застапувањето на нашите интереси од други граѓани, нашата заедница се наоѓа во најлоша состојба, економска, образовна, односно затоа што недоволно другите ги застапувале Ромите - и не сакаме никој да не застапува, дозволете ни сами да ги браниме сопствените интереси, бидејќи ние најдобро знаеме што ни треба, кои се наши основни проблеми, во каква состојба е нашето образование, вработувањата и тн. Од меѓународните документи каде има основ за овие 10 загарантирани места за помалите етнички заедници, би ја спомнал Рамковната конвенција на Советот на Европа, Универзалната конвенција на ООН за човекови права, Универзалната конвенција на ООН за политички права и тн.

Донесувањето на овој Предлог-закон, за кој јас ќе гласам, меѓутоа со една исправка која подолу ќе ја кажам, Владата сакам да се произнесе дали со амандман или на кој друг начин, а за тоа и јас имам поднесено амандман, мислам дека е добро бидејќи претставува почитување на препораките на ОБСЕ и ОДХР за донесување на вакви измени и дополнувања на Изборниот закон.

Потоа да кажеме дека не знам зошто толку проблеми и секирации - ако тие дискусии се однесуваат на овие 10 загарантирани пратенички места на помалите заедници од една проста причина, бидејќи ова политичко искуство постои и во Италија и во Романија, постои и во Босна и Херцеговина, слушам дека и на Косово се спроведува, во Војводина и можеби и во други држави за кои во овој момент не знам. Да потсетиме дека - не сум сигурен што кажуваат, на кој став стојат пратениците на СДСМ, односно политичката партија, бидејќи некој е за, некој е против овој закон, денес слушаме дека има промени, меѓутоа, да се потсетиме дека навистина 1998 година јас бев заинтересиран и ја следев оваа состојба и имаше обид во 2002 година за донесување и во весници и во медиуми и во одредени разговори со тогашни пратеници, дека имаше обид да се донесе еден ваков закон. Меѓутоа, оправдувањата дека не постои доволно развиена мрежа за овие амбасадорски, дипломатски претставништва односно финансиски средства, не знам дали беше адекватно, како од еднаш сега постои можност и се најдоа тие средства.

Конкретно би разговарал во овој момент околу самиот закон. Би напомнал како суштински три промени односно изменување и дополнување на овој закон кои се однесуваат на ДИК околу прецизирањето на надлежностите. Добро е што еднаш за секогаш веќе постои таков обид да се прецизираат нивните права и обврски.

Второ, сите говоревте и да не одземам многу од времето во поглед на оние три загарантирани места за државјаните на Република Македонија кои живеат надвор од Република Македонија, односно граѓани од дијаспората. Посебно би се задржал во делот на овие 10 пратенички места, загарантираните, како сакате наречете ги дали за тие со помалку од 20% односно помали етнички заедници. Ако ме прашате мене, лично во Европа не се чувствувам како мала етничка заедница бидејќи сите знаете, а за оние кои не знаат јас би кажал дека сме повеќе од 15 милиони во Европа, што значи тоа е една сериозна бројка. Јас како припадник на ромската етничка заедница би се осврнал токму на член 2 став 2, односно ставовите 3 и 4. Би го прочитал тој став ако може.

“Во Собранието на Република Македонија се избираат 133 пртеници од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што на територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој закон и во секоја се избираат по 20 пратеници”, три пратеници според оној модел и 10 како што кажавме.

Меѓутоа, ставот 3 кој за мене е дискутабилен и дискриминаторски на мојата заедница би го прочитал.

“Од припадниците на турската заедница се избираат четири пратеници, од припадниците на српската заедница двајца пратеници, од припадниците на ромската заедница двајца пратеници и по еден пратеник од припадниците на бошњачката и влашката заедница”.

Ова ако стои вака и вака се заврши, во една проста математичка операција каде што не може два и два да бидат пет или еден и еден четири, а 2,7 да биде 2, сметам на Владата, особено укажувам и во комисијата и сега на министерот дека Владата на Република Македонија сериозно да се зазема околу ова прашањ дека 2,7% не се два пратеника. Ако на останатите со 3,7% или 3,8 им се дадени четири, на другите со 1,7 се дадени два, на друг со 0,5, на Власите со 0,5 е даден еден и на Бошњаците, не знам колку се, секаде е поминато со позитивна дискриминација, 3,7 не е 4, или 1,7 не е 2, туку тогаш би требало да биде 1. Исто е кај Ромите, ние сме 2,7. Верувам дека Владата ќе ја исправи оваа неправда и очекувам да поднесе амандман затоа што е многу проста математичка операција, 2.7 е најблиску до три, не е до два. Во спротивно искрено молам и барам од моите колеги пратеници да го надминат ова,

секогаш би останало како една црна дамка во изборниот закон, тогаш однапред наредните избори нема да бидат фер и демократски. Токму од оваа причина на Ромите не им е загарантирано тоа право на фер и демократски избори, односно за нивни три претставници во Парламентот.

Јас не би сакал да зборувам - ќе ми извините ако вака емотивно говорам, тоа не е говор на омразата, меѓутоа, напротив, ја барам вашата помош како колеги пратеници и помошта на Владата да се исправи оваа неправда од два пратеника наместо три пратеника.

Би сакал овде во Парламентот да кажам дека имаше една анкета во еден дневен печат, мислам дека беше "Вечер". Бев прогласен за најпосетуван пратеник во Собранието, односно и сеуште можете да видите дека најмногу граѓани од ромската заедница доаѓаат кај мене, затоа што сериозно и искрено живеам со нивните проблеми и секогаш ќе бидат добредојдени. СО ова сакам да кажам не колку јас сум способен, туку напритив не е доволно јас и другиот пратеник од опозицијата да ги решаваме проблемите кои се најголеми и натрупани кај ромската заедница, ние двајца. Ни требаат токму три пратеници за да ублажиме колку толку и вака тешката состојба на ромската заедница како најсиромашни, најнеопбразовани, најневработени и тн.

Би сакал исто така да укажам дека ние Ромите нема опасност дека во државата можеме да ја освиме власта со три пратеници и дека нешто најбитно ќе делуваме, ќе паднат одредени системски закони и тн.

Јас бев наречен тука во ова Собрание дека сум полтрон во смисла дека се придржувам кон владата, меѓутоа, јас се придржувам кон Владата, а за полтрон би сакал да кажам едно мало објаснување. Она лице кое се гребе на одредена власт и одредена влада за да реализира сопствени потреби. Ако треба за мојата заедница, за ромската заедница уште милион пати ќе бидам полтрон, ќе се гребам, ќе молам, ќе гласам за закони на оваа Влада, кога би била друга опција сигурно и така би се однесувал, поинаку не, значи не за стекнување на одредени мои придобивки, туку на мојата заедница.

Исто така, би кажал дека не можам а да не изразам благодарност на оваа Влада од досегашните активности во поглед на бројот на вработувањата кои се реализирани. Никогаш ова не е сторено, а можам и со официјални бројки а излезам и да кажам колку и каде се вработени и односот до сега во поглед на нашата коалиција.

Јас ве молам имајте предвид дека овие загарантирани места на малите етнички заедници, посебно на ромската, не сакаме да поминеме како пратеници од големите партии од една проста причина, сакаме да имаме апсолутна независност, апсолутна слобода во нашите дејствувања, бидејќи јас не се чувствувам инфериорен што поминав во моментот од најголеата и најсилната политичка партија ВМРО-ДПМНЕ. Напротив, ми претставува гордост што поминав од таа страна, но сакам да кажам дека и ние како Роми односно мојата партија Сојузот на Ромите и јас како пратеник Шабан Салиу не отидовме ан блок. Никој не ми го поклони тоа место. Ние имаме дадено свој максимален придонес. Мислам дека имме дадено повеќе од 24 илјади гласови. Нека проверат одредени служби, ќе видите дека во Прилеп се добиени можеби повеќе од 5500 до 6000 ромски гласови за нашата коалиција само во еден град. Значи не бараме подароци, не бараме позитивна дискриминација, бараме од Владата да ни се даде она што со закон ни следува, ништо повеќе.

Во однос на постојниот модел, лично сметам дека е демократски закон, изборен модел кој овозможува на малите заедници да бидат претставени соодветно во власта, потоа, исто така овој Предлог-закон е едно модерно европско разбирање на демокртијата и малцинските права во поглед на принципот на партиципација на малцинските заедници во решавањето на нивните фундаментални права како на индивидуално така и на локално ниво, да можат директно сами да одлучуваат односно да влијаат на одредени битни одлуки и на нивната заедница. Како хендикеп еве ќе го кажам тоа што во Владата, во поглед на комисијата или агенцијата, што е, за реализација на Рамковниот договор, претходниот пратеник и јас имаме многу проблеми токму затоа што немаме наш претставник токму во таа агенција. До колку би бил Ром, јас би ги имал сите податоци сега и би знаел како да зборувам овде, а не некој да ми ги сокрива тие податоци и како милостиња, како да просиме, да ни дава по две или три места. Она што ни следува, секој што ќе ни го земе мислам дека прави и кривично дело и мислам дека е погрден, со еден погрден збор би кажал дека е крадец, дека врши кривично дело кражба, а тоа е од битна важност токму на ромската заедница.

Потоа, би кажал дека овој изборен закон го одразува духот на мултиетничка и мултикултурна Македонија и претставува одбранбен механизам за спречување на маргинализација на малцинските заедници и нивните легитимни барања, претставува рамноправно претставување и застапување на малите етнички заедници.

Доколу се исправи оваа неправда само кон ромската заедница, јас не верувам дека никој од тука, од пратениците или од Владата не знае дека 2,7% е поблиску до 3%, а не до 2%. Мислам дека тоа е и во согласност и со Рамковниот договор за правична и соодветна застапеност на сите заедици, на сите нивоа, на локално и на државно ниво.

Одговорно тврдам дека предложените решенија со Предлог законот за изменување и дополнување, се во духот на овој Рамковен договор и не претставуваат никаква опасност во поглед на спроведување на Бадентеровиот принцип, ниту преместување на структурата на Комитетот за односи спрема заедниците кои се силно утврдени со Уставот на Република Македонија.

Со уважување на овој Предлог закон, сметам дека нема да се решат сите проблеми на етничките заедници, амблок, меѓутоа лично сметам дека овие помали етнички заедници би добиле во одредена политичка тежина и би се зголемила нивната лојалност кон оние кои го избрале, затоа што можеби и мојата заедница доколку ме бираше немаше да бидам пратеник тука. Да им дадеме правото директно и непосредно, онаа права силна демократија да дојде до израз, да ги избираат своите претставници кои ќе ги застапуваат нивните интереси.

Би барал да не оставите сами да ги браниме своите интереси, да ги бираме и менуваме своите политичари, бидејќи, кажав дека никој подобро од нас не ги знае нашите проблеми. Од тие причини ве молам, имам уште доста да зборувам за одредени работи, но на крај би ве замолил, прво Владата, министерот тука, сериозно да се разгледа бројот на загарантирани места со овој изборен закон дали 2,7% прави 2% или прави 3%. И нормално доколку се уважи јас ќе гласам за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Всушност тоа не е реплика, туку гледам дека пратеникот не е информиран кога ја спомна Радуша и ромите кои живееле во Радуша. Велам дека не е инворминан затоа што ќе требаќе, доколку не ги посетил Ромите кои живееле во Радуша и кои сега се во Чичино Село во Сарај. Тоа го кажувам затоа што пратеникот на Ромите односно нивниот претставник Нездет Мустафа го имам информирано неколку пати и тој покажал интерес, се заинтересирал за Ромите од Радуша. Јас истиот сум го информирал дека во Радуша не се расчистени имотните односи во семејните згради во населбата на рударите. Токму поради тоа нема обнова на тие куќи, а не затоа што била пречка Радуша или некој друг. Тие што живееле во тие згради, уште еднаш ќе кажам тие немале сопствени домови туку тоа биле згради кои биле на рудникот Радуша и во кои станови живееа Римите. Денес, доколку некој гарнтира финансиски средства за да ги обнови тие куќи и да ги расчисти имотноправните односи, затоа што тоа земјиште е одземено од Радуша. Јас нема да го објаснувам историјатот како се одземени тие земјишта, меѓутоа вие како пратеник добро е да ги посетите Ромите во Чичино Село и сигурно тие ќе ви објаснат како живееле во Радуша. Тие и денес се враќаат во Радуша, ги посетуваат тие станови, ги посетуваат селаните со кои сигурно поминале добро. Така што не може во негативен контекст да го претставувате случајот на оние кои избегале или избегале од Радуша. Се знае војната е војна, ние се уште имаме Албанци од Косово и го немаат тој третман што го имаат македонците на кои им се дадени кампови или пак има се даден станови во Скопје да живеат и не сакаат да се вратат во своите домови.

Затоа уште еднаш ќе ве замолам како пратеник да одите и правилно да се информирате која е вистината.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Салију.

**Шабан Салију:** Му благодарам на колегата, ако како што кажа, има одредено подобрување, меѓутоа лично сметам дека не е добро да седат во Чичино Село. Во Чичино Село јас можеб сум бил 100 пати бидејќи сум бил адвокат на УНХЦР и директно сум ги застапувал нивните интереси. Во Чичино Село да живееш во свој дом, да се прави таква дистинкција, мислам дека е крајно несериозно. Тие треба да си се вратат во своите домови без разлика дали е тоа легализирано или не, од една друга проста причина што илјадници други домови се средени, а Ромите се оставени така, колатерална штета. Не зборувам само за конфликтот за 2001 година. Јас реков, зборувам и за сите војни. Војните покажаа дека Ромите биле најзагрозени односно колателарна штета, за жал. Војуваат слоновите, се разбира кој страда, мравките.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател.

Јас ќе кажам неколку зборови во врска со изборниот законик за кој се расправа од вчера и се разбира во текот на оваа расправа на виделина излегуваат сите аргументи за и против овој законик. Значи, граѓаните не следат.

Јас би сакал во моето излагање да изнесам на виделина еден аргумент колку овој закон е антиалбански како тоа го кажуваат одредени кругови или поконкретно парламентарната група на ДУИ, кои од почетокот до денес во нивните дискусии констатираа дека овој закон наводно е антиалбански, но расправајќи по истиот, почна да функционира еден аргумент чии се овие 4200 амандмани, дали се на ДУИ, или на СДСМ. Значи аргументите одат во таа насока каде треба да се изнајде автотоноста на овие амандмани кои го блокираат овој законик.

Предлогот на 10-те гарантирани места за етничките заедници мислам дека тоа е еден добар потег кој ќе го збогати плурализмот овде во Македонија и истовремено ќе функционира слободното мислење и заштитата на интересите, на демократски начин, на овие етнички заедници кои треба да бидат застапени со 10 пратеници во однос на овој изборен законик, во овој Парламент. Но, дали тоа повлекува други елементи? Се согласуваме дека повлекува и други елементи предлогот, бидејќи ќе имаме пад на гласачите на неколку политички сили и тоа ќе ја измени математиката на пратениците, или бројот на пратеници во овој Парламент. Ова го аргументирам на следниот начин.

Имено доколку направиме анализа на изборните единици, или поконкретно на изборната единица

6, и доколку етничките заедници од оваа единица ќе гласаат за нивните избирачки списоци, автоматски ќе се создаде можноста во оваа едница Албанците да добијат 19 или 20 пратенички места, од причина доколку Турците, Ромите, Србите и сите други етнички заедици ќе гласаат за своите избирачки списоци во оваа единица, бројот на гласачите во македонскиот кампус ќе падне. На тој начин, тоа го аргументирам со тоа дека не функционирате дека тезата дека овој закон е антиалбански законик.

Исто така доколку во единицата број 2 бројот на гласачите во Шуто Оризари и на другите етнички заедници ќе го зголеми бројот на пратеници Албанци во оваа изборна единца број 2. Истото ќе функционира и за изборната единица број 1, додека математички ќе функционира и за изборната единица број 5, доколку етничките заедици ќе гласаат за нивните етнички заедици. Со тоа изнесувам еден аргумент дека овој закон не е антиалбански законик, туку напротив е закон ќе ја отслика реалноста во овој Парламент. Значи, ќе имаме правилна застапеност на граѓаните во Парламентот на Република Македонија. Затоа, тргнувајќи од тоа можам да изнесам една вистина дека навистина СДСМ и ДУИ, едниот удира на тапанот, другиот свири на сурла. За да создадат хаос или блокирање на политичките процеси, вие знаете како беше нивното реагирање на почетокот, реагирање на СДСМ со бојкот, додека ДУИ со поднесување на 4000 амандмани. Значи, јасно се гледа дека имаме нагласена координација. Значи, се забележува дека амандманите потекнуваат од овие два политички субјекти за да блокираат една правилна застапеност во Парламентот на Република Македонија, на сите заеднички етникуми кои живеат во Република Македонија.

Присвојувањето на етничките заедници беше направено и од СДСМ, а зошто да не кажеме и од ДУИ, кои настојуваа да прават ограноци во Кочани, во Источна Македонија, во делот каде нема Албанци. Но, освен тоа што успеаа да имаат едно име кое граѓаните Албанци го познаваат како командант Ванче, немале успех во ова, напротив имале тотален неуспех во однос на вградувањето на партиските структури во подрачјата каде нема Албанци.

Еден друг елемент кој сакам да го изнесм на виделина, а кој не е антиалбански туку напротив има нагласен реализам, е застапеноста од трите континенти. Доколку имаме еден пратеник во Европа, со гласачи кои се од Македонија и ќе биде присутен во овој Парламент ќе имаме појака врска со граѓаните кои живеат и работат во Европа и имат нивни семејства. Зошто во овој Парламент да не ги слушнеме проблемите кои ги имаат нашите граѓани кои привремено живеат во странство. Ние знаеме дека се раѓа втората или третата генерација на наши иселеници, генерација која има потреба најмалку за елементарните познавања на нивната татковина, а зошто не и за јазикот, да го учат нивниот мајчин јазик. Значи, токму ова би била една јака врска, една реална врска која позитивно ќе влијаеше во однос на нашите иселеници во Европа, што не спорно е дека тој пратеник би бил патеник Албанец, бидејќи во Европа живеат поголем број иселеници Албанци кои имаат државјанство на Република Македонија.

Зошто да не го спомнам и следниот елемент. На пример, САД. Нема да го сокријам тоа. Ние Албанците имаме јако лоби, Албанско-Американското лоби, го имаме Албанско-Американскиот совет кој исто така го користи Буџетот на САД. Токму овие ќе влијаат или ќе лобираат за еден пратеник кој треба да биде присутен во нашиот Парламент, не зависно дали тој би бил Албанец или Македонец. Значајно е дека ќе создадеме исклучително сериозни врска меѓу САД и македонскиот Парламент кој овде ќе демонстрира една демократија која дејствува во САД. Значи ќе воспоставиме и економски и инвестирачки односи итн. Тоа се аргументи кои функционираат и кажуваат дека овој законик не е антиалбански.

Доколку ние овде имаме присутен еден пратеник од Европа и Америка, закoникот не е воопшто антиалбански, туку се работи за реалност и една актуелност која позитивно ќе влијаеше на сите нас позитивно, се разбира и за добриот тек на општите работи. Значи се работи за аргументи кои јасно говорар дека овој законик не е антиалбански и блокирањето на овој законик го прават СДСМ и ДУИ. Тие за да го блокираат донесувањето на овој законик, изледуваат еден со амандмани, а другиот со бојкот итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Матоши.

Повелете господине Адеми имате три минути реплика.

**Цеват Адеми:** Со жал, сепак, ќе морам да го дематирам господинот Матоши затоа што математиките и пресметките што тој ги кажа тука, се фиктивни. Примерот што тој го кажа со изборната единица број 6, оптимистичките калкулации што тој ги престави деда доколку нередните избори се оди со овој Предлог закон и дека доколку помалите етнички заедици ќе гласат за своите кандидати, тогаш од таа изборна единица ќе имаме 19 или 20 пратеници Албанци. Тоа е голема невистина, измама која ја демантира самиот господин Матоши.

Му гарантирам на господинот Матоши дека се додека тој е актуелен на политичката сцена во изборната единица број 6, минимум еден пратеник Македонец ќе има. Не дека ќе го гласаат Македонците, туку ќе го гласа раководната структура која ќе биде диригирана од ДПА, така како што се случи на последните избори 2006 година. Заради непоштедената ангажираност на врвот на ДПА ние од изборната единица број 6, ние имаме еден пратеник Албанец помалку и за жал имаме една пратеничка Македонка која е антиалбански настроена. Затоа да не продаваме

ветер во магла, селото што се гледа не му треба калаус, вели народот.

Овој Предлог закон во суштина го стеснува или го отуѓува тоа што е релевантно за албанската политика.

До колку господинот Матоши не го увидува тоа, тоа е негов проблем. Овој закон не го спори само ДУИ, овој закон го спори целата широка лбанска јавност, со исклучок на некои како Ружди или друг некој службеник кој што е инструментилизиран од ДУИ. Фала му на Господ има и други кои што работите ги согледуваат, фала му на Господ, судбината на Албанците не останала во рацете на Ружди, кој што ќе го отфрли Бесник и ќе ја донесе Ружа. Фала му на Господ, што има Албанци, кои што лошото го попречуваат, подобро денес отколку утре. Затоа, јас ја разбирам грижата на Ружди. Овој закон не се брани, овој закон не може да се образложи, овој закон не може да се оправда. Овој закон не треба да помине. Тој знае дека нема да помине, затоа што ние нема да дозволиме. Затоа попусто се мачи, за жал.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Матоши вашата минута, повелете.

**Ружди Матоши:** Јас не знам пратеникот од кого има поголем притисок од Црвенковски. Но што знае козата што е храната. Тој нека ги земе бројките во изборната единица 6 и сам ќе се увери, што ќе се случи до колку овој законик се спроведе во Република Македонија. Нека ги отфрли бројките од Ростуше, Турците од Гостивар, од Ромите и т.н. ќе види.Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Положани вашите три минути со вашата реплика.

**Азис Положани:** Воглавно и суштината на тоа што сакате да го кажам беше кажано од господинот Адеми, но сепак јас сакам заради јавноста да демантирам нешто што беше кажано од господинот Матоши и што е многу јасно и транспарентно. Значи,не е дека само ДУИ како партија не го прифаќа и има есенцијални забелешки на овој Предлог закон, туку сега веќе подолго време, откако дојде до израз Предлогот, или откако се дозна за Предлогот, така како што се дозна, значина не транспарентен начин, без никаква расправа, не поради процедурата и методологијата на овој закон, значи против овој закон се изразија сите институции, здруженија, политиколози, интелектуалци и сите други политички партии и непарламентарни, кои што постојат во Република Македонија и кои што со своите програми го претставуваат и интересот на Албанците во Република Македонија. Затоа, оваа невистина мислам дека се обидува да ја наметне господинот Матоши, а јас сакав да потврдам дека тоа е нешто што не е само политичко, партиско прашање, не е прашање кое штопripaѓа само на една партија, или на таа што е на влст или пак таа што е во опозиција, туку ова ги нарушува односите кои се поставени врз основ ана еден концепт, кој што е заснован врз Охридскиот рамковен договор и како таков тој ќе има утре последици и за другите и без оглед која партија на која позиција ќе биде, сигурно дека овие последици во зависоност од тоа кој каде се наоѓа, можеби ќе ги чувствува повеќе или помалку. Но како и да е, оценет е како закон кој фактички ја повредува основата на уредување, односно меѓуетничките уредувања, кои што биле концептирани врз основа на Охридскиот рамковен договор и што ние сигурно и со ова достигнување што го направивме, можеби заради овие амандмани и неможноста да реагираме поинаку во еден транспарентен период, што требаше да го предложи предлагачот,ние фактички сега имме можност да дебатираме и да изнајдеме посоодветни форми за застапување на сите заедници, до колку имате задоволство во оваа област но не овие измени да се направат само врз грбот на Албанците, како што претендира овој закон. Посакувам господинот Матоши и сите други да пристапат на посериозен начин,на некој поширок начин на анализата на овој закон, затоа што не се работи едноставно на политичко партиско позиционирање, туку се работи за концептуално и начелно правило ое што всушност, е во рамките на зачувување на интересот на сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Јас не ги разбирам овие пратеници од ДУИ. Тие само верглаат како расипан мотор. Не кажуваат кој е антиалбанскиот аргумент на овој закон. Немојте да верглате на место. Треба да ни кажете кои се антиалбанските елементи кои ги има овој законик. Бидејки вие цело време трубевте дека овој законик е антиалбански и што ќе не снајде со овој законик во однос на институциите кои се против. Заборави да кажеш дека и СДСМ. Со кој со години координирате и тие се јавуваат дека ќе го бојкотираат овој законик и ве воведоа да ги поднесете овие амандмани, не кажаа дека и тие се против овој законик.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Незири вашата реплика од три минути, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседател.

Му се обраќам на вазалот и слугата на оваа Влада, на господинот Ружди Матоши со овие зборови:

**Љубиша Георгиевски:** Момент господине Назири. Во вашиот речник, никогаш не биле вакви остри зборови. Ве молам, овој збор слуга повлечете го. Повелете.

**Сафет Незири:** Барам од Ружди Матоши барем еднаш во неговиот живот да земе и да прочита еден закон. Да земе и да го прочита Предлог законот за изменување и дополнување на Изборниот законик и да види каде се прави предавството на оние луѓе кои што ги имате во

Владата. Од тие што едногласно дале дозвола овој Изборен законик да помине во Парламентот. Земете,прочитајте што се предвидува во Изборниот законик. Кога ќе го прочиташ Изборниот законик господине Матоши ќе видиш каде има антиалбански елементи.

Второ, вие со тоа што го повредувате интегритетот на Албанците во Република Македонија,ја повредувате и вредноста на Албанците во Република Македонија. Со вашето антиалбанско политичко делување преку оваа Влада, затоа барам колку што може порано да се соземете, затоа што тука има 4200 амандмани, нашата парламентарна група, до колку овој закон помине или се предложи со измени и дополнувања кои што ќе бидат под наводници и ќе дојде оваа наша парламентарна група, ќе го удвои бројот на амндмани, па ќе видиме како понатаму ќе одат работите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Ружди Матоши вашата минута.

**Ружди Матоши:** Јас знам дека секогаш сум бил слуга на мојот народ. Не сум бил ниту вазал никогаш. Ова го кажува моето минато. Но ова момче кое говореше сега не знам колку години има, има сигурно 28 или 30 години го носеше презимето Незировиќ. Тој сака да ми каже кој е вазел, а кој е слуга. Ти добро момче требаше да ни кажеш кои се антиалбанските елементи на овој законик. А не да ми кажуваш дали го читам или не го читам. Но вие нема што да кажете освен вас ве воведе СДСМ во дупката на глушецот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза за ручек од еден час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,39 часот)

(По паузата со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам колегите да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

Бидејќи има многу на екранот, колегата Џеват Адеми е пријавен за збор, но прво бара процедурално.

Во тој случај имате прво три минути процедурално, повелете господине Адеми.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Не знам по кој веќе сум принуден да интервенирам процедурално, што се однесува до сигналот на емитување. До пред паузата граѓаните ни дадоа до знаење дека говорот на пратениците Албанци оди со превод. Нашите гласачи, опфаќајќи ги тука и нашите семејства, нашите деца, нашето јавување не го слушаат изворно нашиот мајчин јазик, туку го слушаат преведен. Со целиот почит кон кадарот преведувачи, ценам дека и тие не се согласуваат гласот на пратениците Албанци до увото на граѓанинот Албанец да оди со превод.

Затоа барам да ми се создадат услови барем моите гласачи, моето семејство, мојот говор да го слушаат на албански.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Бидејќи е ова техничка работа, да бидам искрен не сум упатен во тоа што го барате, треба да се провери. Бидејќи сте на ред за говор, претпоставувам дека сакате да говорите кога тоа би ви било овозможено.

Јас можам само да ги замолам службите да ми дадат некаков сигнал да видам за што всушност станува збор.

Добронамерно се јавува процедурално господинот Оровчанец да помогне.

Повелете три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе.

Се јавувам процедурално во врска со процедуралната забелешка на господинот Џеват Адеми во смисла на изборноста и автентичноста на она што е изразено дали е на македонски или на албански јазик.

Бидејќи сум пратеник од минатиот состав, овој проблем беше увиден и решен во тогашниот момент со стерео звукот кој се јавува во ТВ сигналот, односно левиот и десниот канал се одвоени, едниот е на македонски, другиот на албански. Меѓутоа, техничките можности не даваат друга можност во овој момент, претпоставувам дека се потребни нови инвестиции за Собранискиот канал кои ќе овозможат и на оние кои немаат стерео приемник односно имаат моно приемници овој проблем да го надминат.

Во овој момент она што мене ми е познато дека техничкото решение на овој начин е во овој момент, а дали ќе има можности, можеби би требало ова прашање да се покрене и да се види дали има средства во Буџетот за ова прашање и дали има технички можности ова прашање да биде надминато.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега,

Сакам само да дополнам бидејќи во претходниот состав имав една ваква дебата, се работеше за сите оние кои имаа дуал технологија или понова беа привилегирани на некој начин. Тоа ме информираа и од самата служба.

Вие барате повторно процедурално, а до почетокот на вашиот говор се надевам дека ќе се надмине овој проблем.

Повелете три минути процедурално.

**Џеват Адеми:** Сакам да појаснам дека и со поновите телевизори кои имаат стерео техника до Албанците не оди изворно звукот на албански.

Доколку службите можат да го надминат, а може да се надмине затоа што некогаш има, а некогаш нема. Не е до техничките пречки и техничките невозможности на Собранискиот канал.

Јас би сакал моето излагање моите гласачи вклучувајќи го тука и моето семејство да ме слушаат изворно на албански.

**Иван Анастасовски:** Јас го почитувам вашето барање, еве во моментот правиме сериозни напори за да ова што вие го рековте да се надмине.

За да ја потврдиме информацијата, а се со цел вие да почнете со вашиот говор, јас имам можност да дадам пет минути пауза за да видиме што е работата за да можете вие да продолжите. Тоа е како гест на добра волја, објавувам пет минути пауза да ја провериме оваа информација и да ја надминеме. Ви благодарам.

(Пауза од 14,46 до 14,51 часот)

Почитувани колеги, продолжуваме со работа.

Само едно објаснување, проверивме во овие пет минути пауза се што се однесува до техниката во делот на Собранието е во ред.

Почитуван колега можете да почнете со вашиот говор.

Има збор господинот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Ќе говорам албански заради фактот што сакам изворно да го проследам до граѓаните концептот на ДУИ кој се однесува до проектот на Владата во врска со Предлогот за изменување на Изборниот законик.

Во прв ред се обраќам до граѓаните од практична причина. Поради незаинтересираноста на колегите пратеници, на мнозинството од нив, да почнат да се научат да слушаат и други мислења. Зошто не и алтернативни мислења.

Кога очите на сите беа вперени околу нашата европска перспектива, кога очите на сите граѓани на Република Македонија со европска ориентација очекуваа Владата на Република Македонија во овие малку денови што ни се останати до крајот на септември кога Комисијата на Европа ќе подготви извештај за напредокот на политичкиот развој, за напредокот на демократија во Република Македонија, извештај кој ќе одлучи за нашата судбина и нашата перспектива кога ние како држава ќе го добиеме датумот за почеток на разговори за зачленување во Европската унија. Владата излезе со еден предлог или проект која најмалку ја повреди таа деликатност наречена практикување на демократски стандарди во Македонија. Функционирање на дијалог и култивирање на духот на консензусот.

Еден од колегите од парламентарното мнозинство излезе горделиво и рече дека ние, за разлика од другите гарнитури кои во интервенирањето во Изборниот законик ги оставаа за крај на мандатот, ги оставаа за последните седници на било кој претходен парламентарен состав, ние ова го правиме за 2-3 години пред наредните редовни регуларни избори. Интересен аргумент би рекол и одржлив доколку исполнеше еден услов. Условот на дијалог или на водење дијалог со другите политички партии опфаќајќи ги и опозиционите политички партии, политичките партии надвор од Парламентот, цивилниот сектор, интелектуалците, експертите, стручњаците, сите оние кои претендираат да се вклучат, да го дадат своето мислење, своите ставови, својот пристап за една област која во суштина ги уредува и ги кажува правилата на игра. Ова го велам со полна одговорност затоа што предлагачот Владата на Република Македонија во овој случај г. Никола Груевски во стил на непочитување односно култивирање на логиката за неслушање на туѓи мислења не побара, не понуди, не овозможи ДУИ да се вклучи во подготвителната фаза на овој Предлог за измена и дополнување на Изборниот законик.

Во ниту еден момент не се побара од нас да разменуваме мислења, аргументи, да си помогнеме себе си за да оваа парламентарна расправа биде во функција на проследување на пораката дека во Македонија за прашања од оваа природа, барем тоа функционира. Единствено што функционира е толерантноста, дијалогот и ориентација за изнаоѓање на консензус.

Ние видовме дека е невозможно во овој проект на непосреден начин кој го засега интересот не само на албанскиот политички камп во Македонија, туку непосредно го засегнува граѓанинот Албанец во Македонија. Веќе научени со логиката на самобендисување, со логиката на тоа што на Никола Груевски му е доволно тоа што тој си е доволен самиот на себе, ние го искористивме единствениот инструмент кој ни остана во раце.

Поднесовме амандмани на Предлогот за изменување и дополнување на законот, предложивме амандмани на проектот на Владата на Република Македонија со една единствена ориентација да го блокираме, да го оневозможиме, да го принудиме предлагачот Владата на Република Македонија, парламентарното мнозинство и лично Никола Груевски да седне и да разговара со нас затоа што друг пат немавме.

Оваа работа ја сработивме добро, успешно, поднесовме 4200 амандмани од Парламентарната група на Демократската унија за интеграција, тие го принудија предлагачот овој негов проект да го помине во две фази, затоа што немаше друг излез. Тоа и го баравме ние. Не баравме некоја посебна ексклузивност, не баравме нешто што не е во логиката на функционирање на демократските стандарди. Значи, вклучување во дебата, вклучување во изготвување, вклучување во креирање и вклучување во донесувањето на истите проекти.

Поздравувајќи го ова принудно делување на предлагачот, ние си го резервиравме правото во периодот меѓу двете фази, во времето меѓу двете читања да надвладее елементарната политичка култура кај предлагачот со име и презиме кај Никола Груевски целиот политички спектар парламентарен и надвор од Парламентот, цивилните општества и интелектуалци кои, за среќа, ги имаме, кои за среќа се вклучија во

анимирањето на јавното мислење дека ова што се обиде некако да го помине, да го наметне Владата на Република Македонија го нарушува угледот, имиџот на и така чувствителната демократија во Република Македонија.

Јас сум принуден да кажам дека овој проект на Владата не е некој приоритет со кој ние треба да се гордееме дека еве ние направивме и ваква работа.

Овој проект на Владата не го помина најелементарното, коректно комуницирање и со специјализирани институции на меѓународните механизми, како што е ОДХР, од ОБСЕ. Сакам да ве потсетам дека забелешките од ОДХР за изборите од 2006 година не беа во духот на предлогот што сега го дава Владата. Да, имаше забелешки, имаше забелешки кои треба сите заедно да ги надминеме, имаше неубави појави за едно демократско општество кои треба сите заедно да ги надминеме тие појави, но предлагачот не се бави со овие појави, предлагачот калкулира. Предлагачот овој проект го искористува за дневен ефект. Предлагачот си дава себе си автогол затоа што Комисијата на Советот на Европа на ниво на одговорноста што ја има, да не заборавиме Македонија е место земја кандидат за членство и се што правиме внимателно се следи, внимателно се проценува и сериозно се објавува.

Ни дојде уште еден жежок шамар во серијата на незадоволство од Европа со демократските развои, со авторитарните развои и со ексклузивните развои кои Владата на Република Македонија секојдневно ги промовира.

Се дигна многу врева, се дигна многу прашина дека ДУИ е против унапредувањето на законската легислатива, изборната легислатива со европската.

ДУИ била против проектот за загарантираното опфаќање на помалите етнички заедници. Ве молам, пред мене е кажано, но пак ќе кажам ДУИ нема потреба од адвокат за да промовира, коментира и да спори наши столови. Ние тоа го правиме самите и сме го правеле многу транспарентно.

Нашата позиција во спротивставување кон овој проект на Владата во ниту еден момент не е во однос на филозофијата на гарантирање на места за помалите етнички заедници. Сме повторувале десетици пати, ќе повториме и во дебатата што се надеваме дека ќе се отвори меѓу двете фази, ќе го аргументираме тоа во втората фаза и ќе ги демантираме сите оние кои се обидуваат на оваа деликатна тема на националната рамноправност во Република Македонија да добијат некој поен. Колку и да е мал, колку и да е болно и колку да не е чесно. Меѓутоа, да, имаме сериозни забелешки на проектот на Владата. Тоа не го криеме. Ние сме против гласањето на дијаспората. Ние сме против трите предвидени места за дијаспората. Тоа го кажуваме отворено и тоа го аргументираме.

Прво, Република Македонија нема капацитет, тоа ќе го повторам, нема капацитети да организира избори во дијаспората. Мрежата на застапување или на претставништвата ДКП-ата на Република Македонија не нуди ниту елементарно за да нашите граѓани со привремена работа на сите континенти да го искористат тоа право кое се гарантира со Уставот. Тоа е првиот аргумент.

Вториот аргумент, распределбата на ДКП-ата на Македонија ниту од блиску не го одразува претставувањето на дијаспората како што е пракса на дијаспората, на граѓаните на Република Македонија, на разните етнички припадници во целиот свет и нивното еднакво вклучување во евентуалниот изборен процес што според овој концепт кој е предложен од Владата би се организирал во дијаспората.

Трето, асистенцијата на државата во продолженија во претставувањето на дијаспората, на граѓаните на Република Македонија во странство не е секаде исто. Во оние места, во оние држави дури и на оние континенти каде процентот на, да ги наречам, гурбетчиите, на печалбарите е со македонска етничка припадност грижата на државата речиси ја сокрива целата дијаспора, македонска дијаспора во Австралија, во Канада, во Америка и во овој случај граѓаните Албанци се дискредитирани и од сите ексклузивно, математички пресметки, калкулации реални, а не емоционални. Не со реков ми рече. Од трите евентуални места кои би доаѓале од дијаспората, сите три места ќе беа пратеници Македонци. Зошто сега некој да каже која е оваа фобија, која е оваа предрасуда или параноја на адреса на евентуално тројца македонци повеќе. Да, тоа има своја тежина затоа што ја намалува политичката релевантност на претставниците Албанци во било кој иден парламентарен состав независно од нивната партиска политичка провиниенција. Ние не можемеда бидеме индиферентни кон ова.

Четврто, еден многу дискутабилен момент кој не вознемирува и не разбирам зошто не се говори гласно за ова. Која е гаранцијата дека во Софија, во Приштина, Тирана, колкав ќе биде контингентот на граѓани со државјанство дадено со две раце од еден поранешен владин состав за граѓани со не многу јасни ориентации и припадности, македонски граѓани.

Од овие причини, јас сум многу директен и непосреден и транспарентен, ДУИ и нашата парламентарна група, почитувани колеги, е против идејата три места да се обезбедат за три нови изборни единици, според концептот на Владата.

Не сакам да навлегувам во калкулациите колку тоа би чинело, затоа што за едноставна логика се што се плаќа со пари не е скапо, не е тоа аргументот, не е тоа мотивот, не е прашање што не окупира нас.

Еден момент за кој јас се чудам зошто партнерот, албанскиот партнер во Владата тоа го поминува молчешкум. Тоа е зголемување на толеранцијата

плус три, минус три меѓу изборните единици внатре во државата меѓу шест изборни единици со плус пет, минус пет.

Почитувани колеги пратеници, со актуелниот избор и со актуелното решение кое што предвидува толеранција плус 3 минус 3 од една до друга изборна единица, единицата со воглавно албански електорат, единицата шест е дискриминирана во споредба со единицата 3 и 4.

Шестата изборна единица има некаде над 15 илјади гласачи повеќе од тројката и четворката. Со зголемувањето на толерантноста на 5% се приближува кон 30 илјади гласачи. Ова создава нерамнотежа, дисбаланс кој што не е без рефлекс, или без рефлексија на теренот. Не е без ултра последици. Затоа ние нема на поинаков наин да интервенираме на овие предлози на Владата, затоа што не бевме прашани, не бевме прашани не затоа што не сакавме ние да се вклучиме, туку затоа што не ни се даде можност. И овие купишта на хартија кои што Буџетот на државата го чинеле некаде околу 10 илјади евра, имате една лудост на предлагаот за ова изменување и дополнување на Изборниот законик. Оваа цена ја плаќа граѓанинот, ја плаќаат даночните обврзници. Меѓутоа, ние не сме обврзани да дозволиме да поминат вакви проекти кои што утре ќе имаат непредвидливи последици. Доаѓаме до еден момент кој што беше многу зборуван овие денови, на големо се зборуваше од парламентарното мнозинство, се кажува дека ДУИ била против гарантираните места за помалите етнички заедници. Да не го нарекувам тоа како измислување, туку ќе го наречам како лудост кој, Албанците да бидат против гарантирањето, против унапредувањето на правата на оние кои што заедно со нас десетици години биле дискриминирани, биле под пресија, угнетувани и биле нерамноправни. На ова за среќа никој не му веруваше, не му веруваат ниту нашите колеги од помалите етнички заедници кои што некако со игра на случајот сме ги земале некако со нас, не можат да бидат со другите, затоа што не се како другите, туку можат да бидат поблиску со нас. Мислам, за седиштата што се во Парламентот.

Почитувани колеги, борбата, или војната од 2001 година, признавал некој или не, дали на некому му се допаѓало или не беше војна за правата на Албанците. Тоа го направија Албанците. И ги унапредија правата, меѓутоа после 2001 година, после Охридскиот рамковен договор заедно со унапредувањето на правата на Албанците имаа еден невиден скок и правата на другите етнички заедници, затоа што заедно со уставниот амандман кој што го уредува правичното и соодветното застапување, нема да цитирам, затоа што сите тоа го знаеме, што значи правичната и соодветната застапеност на немнозинските етнички заедници во Македонија со најголемо внимание и грижа се имплементира четири години со ред.

Секој вработен Албанец администратор бил доказ за тоа дека секое имплементирање било доказ за тоа дека таму биле и Роми и Турци и Срби и Бошњаци и Власи.

Земете го прегледот на вработени во последните пет години и ќе видите колкав е прастот за овие заедници, затоа што никој не знае подобро од нас што значи да ти се спорат правата, што значи да бидеш рамноправен на еден конкурс, што значи да не можеш да си ја вршиш функцијата за која што си кваливикуван како наш сограѓанин од албанското парламентарно мнозинство. Ние со тоа се гордееме, и не ми е криво што со нашето жртвување, со цената што ние ја плативме придобија и другите. Да даде Господ ова да се рефлектира и кај македонското мнозинство. Поради оваа причина сакам силно да ги демантирам шпекулациите дека ние пратениците од ДУИ сме паднале во оган, леле што не снајде, ни го земаа Калето.

Сакам да верувам дека и тие што ја лансираат оваа филозофија не и веруваат, затоа што реалноста е поинаква. Не ме терајте да ги бројам општините, да ги набројувам општините каде што процентот на Албанците е над 20%, каде што е уставна и законска обврска албанскиот јазик да биде службен јазик. И од градоначалници од ова мнозинство тоа не се имплементира. Не ме терајте повторно да го донесам пред вас аргументот од Гостивар. Затоа доколку Никола Груевски навистина мисли и е сериозен за реализација на ова легитимно право на помалите етнички заедници повелете да седнеме да разговараме, имаме и ние наши концепти, имаме и ние наш пристап, и ние имаме наша визија затоа што без скромности ние ги познаваме малку подобро од вас нивните потреби затоа што сме тука. Се надевамево периодот меу двете фази, меѓу двете читања да ја победите таа фолклорна горделивост и да седнете да ги слушнете нашите проекти, затоа што и ние имаме проекти. Моите претходни колеги само ги спомнаа, затоа што вие не ни дадовте шанса, можност да ви ги понудиме. Цртањето на изборната карта на Македонија не е домашна задача на Никола Груевски. Тоа е наша задача, тоа е и на оние кои што не се тука, меѓутоа утре можат да бидат порелевантни, затоа што за среќа за оваа работа не одлучуваме ние, одлучува граѓанинот, одлучува гласачот и не се знае како ќе дојдат работите после идните избори со кој и да е изборен законик. Ова говори за едноумие, говори за еден менталитет и вие ќе се однесувате така како што велам јас. Е, не, нема да дозволиме и фала му на Господ демократијата е широко море, има многу инструменти, како што се и амандманите. И воопшто немојте да ја исклучувате можноста како што рече колегата Незири до колку продолжите упорно да не ги слушате другите, до колку инсистирате да не исклучувате од нашиот дел на одговорност и обврски епизодата со 4000 илјади амандмани ќе припадне на историјата. Ќе има уште многу повеќе и ова право не можете да ни го одземете. И ние знаеме да пишуваме амандмани. Докажавме дека знаеме и знаеме да ги браниме нашите ставови и тоа го докажавме, меѓутоа ја

фрламе провокацијата на овој предлог на Никола Груевски, и ние имаме наши предлози и зошто да не седнеме да разговараме за една изборна единица, Македонија како една изборна единица. Да ги кажеме ние нашите аргументи за и да ги слушнеме вашите против аргументи. Што лошо има тука. Или можеби некој да не се плаши дека структурата на пратеници Албанци и Македонци да не ни биде поинаква. Да видиме што има лошо тука? Зошто да не предложиме за помалите етнички заедници да нема изборен праг, секој глас да оди на нивно конто бидејќи сакал Никола Груевски да не подели. Секој за својот, да видиме кој колку е . Што лошо има тука. Зошто не сакате да ги слушнете овие аргументи. Велат во демократијата нема забранети теми, нема цензури. Кому му смета дводомен парламент во Македонија. Реалноста е таква, мултиетничка. Тоа го велат и другите и воопшто не е значајно дали ние тоа го признаваме или не го признаваме. Кому му смета? Кој се плаши од ова? Или мжеби некому му смета да ги слуша и овие аргументи кои што не се за деликатното уво на неговото уво, за деликатниот дел на неговото уво.

Почитувани колеги, ќе имаме жешка дебата до втората фаза на оваа измена и дополнување на Изборниот законик. Да, ние прифаќаме да се вклучиме активно и бидете убедени и сигурни во одржливоста на нашите аргументи. Додека некој мислел да го исклучи албанскиот политички субјект од овој проект греши, затоа што ниту на памет не ни е да молчиме. Да, го поддржувам господинот Кенан Хасипи, го поддржувам господинот Неждет, го поддржувам и Есад Рахиќ, го поддржувам и Иван Стоиљковиќ, помалите етнички заедници да имаат рангирани места, меѓутоа за формата ќе се договориме.

И љубопитно чекам од почитуваната колешка влаинка да застане тука и да ги штити интересите на влашката етничка заедница, која што таа ја застапува, за што сега се утврдуваат правилата на игра. Утре е доцна.

Со надеж дека овој проект на Никола Груевски не е калкулација за дневни ефекти, со надеж дека и во овој проект Никола Груевски ќе ја води до крај неговата определба за релативизација на се што произлегува од Охридскиот рамковен договор, со надеж дека после новите ветришта кои што дуваат во Македонија вчера, денес, утре нема да го заборави овој проект и нема да ги избрише со еден гест со гумата помалите етнички заедници. ДУИ со нетрпение го чека отворањето на расправата за тоа како ќе треба да изгледа последната верзија на Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик, кое што во моментот е непотребно, меѓутоа ние ја примаме ракавицата, ние ја примаме ракавицата која што е фрлена од Никола Груевски, меѓутоа сведоци сме и утре ќе се убедиме како да ја надмине Никола Груевски кризата со исполнувањето на комплетниот состав на Републичкиот судски совет и како да го обезбеди Никола Груевски толку посакуваното Бадинтерово мнозинство и тој тогаш ќе ги заборави сите. Ќе ги заборави така како што се обидува да ја заборави обврската што ја презема на 29 мај.

Јавно, со целиот негов политички интелектуален и човечки интегритет пред меѓународни сведоци, пред медиумите, пред јавноста ќе се обиде да го заборави и ова, меѓутоа тука сме ние што нема да го оставиме, и нема да го оставиме, ќе седиме тука зад врат ќе му дишеме. И, со Господ напред за помалите етнички заедници ќе обезбедиме правична и соодветна застапеност. И тоа не само во Парламентот, затоа што каква придобивка има турската заедница, ќе има двајца, тројца, петорица пратеници, или пак која и да е помала етничка заедница, ова е само еден од сегментите.

Полесно од сите нас му е на Никола Груевски. Го има инструментот на власта и нека докаже затоа што не му е само за математика инструментот. Нашата конструктивност нема да недостасува, меѓутоа нема да недостасува и силното спротивставување, затоа што за среќа и ние знаеме да правиме математика, и ние знаеме да ги вагаме работите, колку се 30 пратеници Албанци на 120 и колку се 25-26 наместо 133. И ние знаеме да процениме што значи реализација на овие проекти со исклучување на албанските политички субјекти и што би значело да се реализираат овие проекти со активно вклучување на претставниците Албанци.

Помина времето на аминџиите. Помина времето на оние што знаеле само да речат да. До колку Груевски во неговиот владин кабинет наметнувал и наметнал логика на да, повелете, на готовност, тука тоа не поминува, затоа што ќе говорам само за изјаснувањето на субјектите надвор од Парламентот, за изјаснувањето на интелектуалците Албанци и за граѓаните Албанци. Сите се спротивставиле на овој проект на Груевски освен партнерот во Владата. Сите, без исклучок. Најдете ми еден интелектуалец Албанец кој што рекол да, алал да му е, ова е демократија, така се оди во Европа. Јас, кој што се водам како добро информиран не знам за таков, а има десетици такви кои што се спротивставиле а не се членови на ДУИ. Не се платени од ДУИ, не се, да не кажам и поинаку.

Поради оваа причина се надевам дека и овој парламентарен состав ќе рефлектира и нема да создаде ситуации наместо да се релаксира атмосферата да ја тенционираат уште повеќе. Наместо да култивираат во постигнување консензус и во следење на пораки на немање дијалог и следење, проследување на пораки, за жал Македонија е далеку, многу далеку од тлку посакуваната Европа. Благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Кој е за реплика молам.

Прв за реплика се пријави господинот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине потпретседател.

Со внимание го сослушав пратеникот Џеват Адеми во ова негово експозе за Изборниот

законик и во моментот кога се виде дека треба да доминира демократската дискусија, излагање било од внатрешниот фактор, било од надворешниот фактор, Владата виде попатно да се исполнат и овие стандарди во согласност со насоката која ја има Македонија како држава за да бидеме членка на евроатлантските структури.

Јас за цело време чекав од господинот Џеват Адеми во неговото излагање да го спомене и зборот кој некој од претходните пратеници го искажаа во средствата за информирање дека овој закон е антиалбански закон. Тој не го спомна тоа, мило ми е што не го кажа тоа, бидејќи не отиде толку ниско колку што отиде неговиот аргат господинот Сафет, кој има еден слаб речник во оваа насока.

Но, господине Џеват вие велите дека ние не се консултираме со сите опозициски партии во Македонија и во овој Парламент. Ние тоа го правиме господине Џеват и исто така не можам да те разберам тебе дека се уште не си разбрал дека играш една игра на господинот Бучковски, на госпоѓа Шекеринска и господинот Црвенковски.

Тие дадоа 2000 амандмани првиот пат, а вие излеговте од Парламентот. Додека сега тие за овој закон велат дека ќе излезат, ќе го напуштат Парламентот, а вие го удвостручите бројот на амандмани и од 2000 поднесовте 4000 амандмани. Како може да ве разбере еден граѓанин Албанец кој денес ве изгласал за пратеник на Демократската унија за интеграција да ги штитите интересите на Албанците на изворен начин и сопствен како политичка партија со ваша програма вие играте една игра на некој друг. Што е ова, дали е ова нешто што ни го кажавте вие на нас. Зошто во секој момент се трудите постапките ваши, тоа да го пријавите, да го демигрирате, да го намалите, да го минимизирате. Но, заборавивте дека и вие бевте 4 години на власт. Вие работевте колку што сработивте. Ве критикувавме на правилен начин не направивме ниски пријави како што го правите вие кон нас. Но, еве, повелете и видете каква е опозицијата и после ќе дојде можеби повторно во позиција. Треба да зреете на демократски начин.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали има контра реплика?

Една минута контра реплика за пратеник господин Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** О темперо, о море, кутрите ние. Јазикот, рекле и помудри од мене не е средство за изразување на мислењата. Често пати е средство за криење на мислењето, господине Рамадани. Доколку не сте убеден во погрешното делување на Владата на Република Македонија, со овој Предлог закон својот занает велат безнадежен случај. Жалам, нема што да ти направам.

**Иван Анастасовски:** Три минути пратеник господин Каба Гарип.

**Гарип Каба:** Благодарам почитувани пратеници.

Почитуван господине Џеват Адеми, бидејќи си учествувал на многу изборни штабови, на многу политички партии, си ги измешал бројките и изборните единици. Јас нема да влезам во детали на твојата дискусија, бидејќи елаборираше во многу области, не само во политичкиот спектакл, туку би сакал да нагласам една работа. Оваа расправа токму е отворена за ова за кое расправаме сите пратеници во врска со овој изборен законик. Токму овој изборен законик е ставен на расправа, широка расправа и затоа оди во две фази, за да се запознае јавноста, пошироката јавност и да се види размислувањето на интелектуалците и другите асоцијации, да се расчленат сите можни енигми, евентуални кои во втората фаза, доколку има недостаток да се поправат.

Господине Џеват, јас би ве прашал, да ја анализираш секоја изборна единица, да бидеш внимателен, 6 изборни единици има и во секоја единица, бидејќи етничките малцинства, почнувајќи од Турците, Србите, Власите, Бошњаците и Ромите, ќе бидат посебни етникуми со гарантиран систем на пратеници. Се говори за еден изборен процес на двата други етникуми кои останаа само за Албанците и Македонците. Дали сте вие свесен дека бројот на пратениците Албанци во секоја изборна единица постојано ќе има зголемување во секоја изборна единица бидејќи во секоја изборна единица, која малку претходно ја нагласив има пратеници, има народи со поголем број, кој досега го нарушиле стандардот, бидејќи тие пратеници учествувале во гласањата за една македонска партија. Сега, сметките ќе бидат чисти и мислам дека албанските гласачи ќе гласаат за албанските партии, додека македонските гласачи ќе гласаат за своите паритии. Тука не се говори за предавство. Не се говори за прашање кое вие со многу залет го нагласивте и фрлате дилеми и до јавноста и до пратениците. Би сакал од овој аспект во идната расправа и во иднина да ги расчистиме овие работи и да бидеме чисти во однос на она што го расправаме и што го говориме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Контра реплика пратеник господин Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Домашниот пазар не излегува исто и во чаршија. Мислам дека оваа филозофија господинот Гарип Каба ја има научено.

Господине Гарип и ти знаеш и тебе ти е јасно дека наметнатиот концепт од Никола Груевски е директно против интересите на албанскиот народ во Македонија. Доколку оваа ориентација сте ја изеле со леб, наместо со сирење на изборите во 2006 година бришејќи го Бесник и носејќи го во трендафил, тоа е ваш проблем.

Ве поздравувам и посакувам да се дистанцирате во оваа логика и од оваа филозофија, заради минатото, не сегашноста, не иднината туку заради минатото.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, земеник министер, колеги пратеници.

Вчерашната, денешната расправа, утрешната, таа што ќе биде во понеделник, вторник, среда, само ќе биде доказ дека имаме една неразумна политика, која со демократски средства ќе треба да ја вразумиме. Мора да признаеме дека ако поводот за оваа победа на опозицијата малата, но многу значајна победа што ја направија малите партии кои претставуваат етнички заедници тоа е Демократската партија на Турците, Демократската партија на Ромите, партијата што ја претставува господинот Неждет Мустафа и оние кои се дел од коалицијата За Македонија заедно, мора да се признае дека за прв пат врз основа на притисокот кој го направи ДУИ, кој покажа дека ако се доведат работите до апсурд, може да добие 4000 амандмани да разговараме следните 40 месеци и тоа да биде преокупација на Република Македонија.

Од друга страна подговеноста за прв пат и опозицијата да заигра малку поостро тука, пред се мислам на СДСМ кој беше подготвен да ја бојкотира расправата па дури и дотаму, ако ВМРО-ДПМНЕ не го донесе изборниот законик без консензус, дури да ги бојкотира фактички следните парламентарни избори, го вразумија ВМРО-ДПМНЕ и јас ја поздравувам оваа точка. Го вразумија ВМРО-ДПМНЕ, кој го претставува парламентарното мнозинство. За жал, таа доблест ја немаше Владата. Владата живее сега во некој свој филм, каде што дефинитивно јас можев да ги убедам и оние кои се загрижени сега за правата на помалите етнички заедници, ВМРО-ДПМНЕ ќе треба многу години низ Вардар да поминат, па да промени дел од својата филозофија. Овој законски проект само покажува дека ВМРО-ДПМНЕ сака и смета дека во иднина ќе владее само ако се нарушени меѓуетничките односи. Успеа многу вешто Груевски да ги наруши односите со Албанците затоа што не ја почитуваше волјата на албанската заедница и се реши да го земе во Владата својот традиционален партнер, а да не го земе ДУИ кој ја ужива подршката на Владата, односно ја ужива подршката на граѓаните Албанци, а не на Владата.

Од друга страна во недостаток на свежи идеи како да се решат овие проблеми, влезе во уште поопасна авантура да покаже дека не е цвеќе за мирисање и СДСМ се обиде да го скара со помалите етнички заедници. Под плаштот дека овие до вчера градеа бинационална држава, ние сега ќе ви покажеме како се гради мултинационално или мултиетничко општество.

Почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ, работите не се менуваат преку ноќ. Во овој проект на мултиетничко општество е вложен многу труд. СДСМ, јас тврдам, времето ќе покаже пред да се прават анализи, ги изгуби последните избори заради доследното почитување на Охридскиот рамковен договор и доследното почитување на дадениот збор од помалите етнички заедници. Па ние условно речено, влеговме во пад на нашиот рејтинг со новата територијална организација каде што не беше нашата примерна цел да се почитуваат само амбициите на нашите партнери од албанската етничка заедница, туку и амбициите на помалите етнички заедници кои сакаа и во децентрализацијата, во развојот на локалната самоуправа да ја приближат власта до нејзините граѓани. И освен еден проблем што го имавме околу Врапчиште каде што не најдовме заеднички јазик, ние реално со нашата политика го вративме достоинството на помалите етнички заедници. Се сеќавам пред две години кога Светската банка отпочнувајќи ја декадата на Ромите, кога сакаше да ја подигне свеста во овој дел од Европа колку е битна еманципацијата на Ромите како единствен позитивен пример во регионов што е повисоко и од европските стандарди, ја покажуваше Република Македонија како држава во која има пратеници Роми во Парламентот, каде што има посебна програма на националната телевизија кои ја респектира ромската популација, каде што има со новата територијална организација овозможено на граѓаните од Ромската популација да изберат свој градоначалник Ром. Да не збориме за другите права кои се обидувавме и симболично да ги промовираме преку изборот, за прв пат на заменик министер од ромската заедница итн. Истото тоа во меѓувреме го правевме и со тоа што, не само што го зголемувавме бројот на припадниците на помалите етнички заедници во нашата коалиција во Парламентот, тоа го правевме и со зголемување на нивната моќ во извршната власт, па за прв пат имавме заменик министер за финансии од турската етничка заедница, за прв пат имавме можност еден заменик министер да биде од српската етничка заедница итн.итн.

Значи, овој проект за изградба на мултиетничко општество не почна со доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт. ВМРО-ДПМНЕ никогаш не милувал да дели дел од колачот посебно при распределбата на местата на листите за пратеници со помалите заедници и затоа се паѓа во вода како што упорно повторуваа неколку пратеници од опозицијата кои говореа претходно. Тоа што го кажа и Цветанка Иванова, тоа што го кажа Оливер Спасовски, Ацо Киров, тоа за кое говореше претходно пртеникот Есад Рахиќ. Погледнете во центарот кога гласате за Бадинтер освен десната страна што ја подржува ДПА колкумина имате претставници од помалите етнички заедници. Само колегата пратеник, претставник на ромската заедница колегата Алити и Анита Кипаризовска која во меѓувреме прифати да биде претставник на влашката заедница. Од другата страна евидентно е дека на листите на коалицијата За Македонија заедно на второ место на првата изборна единица во најпрестижната имавте пратеник од српската етничка заедница. Во 6-тата изборна единица каде по дефиниција се знае дека секој пат има премалку простор за

припадниците на доминантната заедница на македонската отидовме со еден, некои велеа хазарден ризичен потег, на второто место подносителот на листата Јани Макрадули да биде пратеникот Хади Незири. Зошто трпевме критика од нашите членови симпатизери, но опстоивме во изградбата на моделот кој сметавме дека е единственото можно решение, единствената визија за изградба на европска Македонија. Вие сега се обидувате со овој проект за кој ние спориме за процедурата не за решенијата затоа што за решенијата ако е проблем да ја подобриме положбата на помалите етнички заедници ние сме отворени тука за дебата и можеме да изнајдеме модел кој ќе ги загарантира нивните мандати, но треба да се договориме.

До кога ќе одиме во судир со доминантниот модел на кој почива изградбата на европска Македонија. Значи, може во транзиционен период ние да се разликуваме меѓусебе со етничкиот предзнак пред политичките партии. Македонија ќе стане европска држава со сите нишани кога ќе заборавиме на етничката припадност, туку кога ќе имаме заеднички листи на левицата на десницата на центарот. Нашата идеа која не успеа на последните избори, беше коалицијата За Македонија заедно да биде претставена и со еден носител на листата кој требаше да дојде од ДУИ. ДУИ не беше подготвен сега, рече дека е прерано. Сега со овој чекор треба да бидеме свесни дека се враќаме чекор наназад. Веќе треба да заборавиме сите оние партии кои претендираат да бидат модерни, европски, граѓански партии, дека ќе има демотивација, идеолошка, а ќе има мотивација етничка. Веќе и пред исклучувањето ќе беше можеби тешко да му се објасни на Есад Рахиќ зошто е подобро да биде член на СДСМ, а не да биде да речеме член на Демократската лига на Бошњаците. Беше тешко да се објасни, затоа што упорно тврдеше дека на тој начин што условно речено, подржуваме и понатаму егзистирање на партии со етнички предзнак, го рушиме граѓанскиот концепт на кој почиваше најграѓанската партија на Република Македонија, а тоа тврдам дека е СДСМ. На овој начин сите ќе треба да промениме дел од своето политичко дејствување. Јас респектирам дека ова барање и додека бевме заедно во коалицијата За Македонија заедно упорно беше поставувано на маса и ништо не е лошо денеска да се спомене денеска за ова разговаравме и при последните измени на Изборниот законик. Но тогаш сметавме дека е нешто друго приоритетно и тоа нашите колеги од помалите етнички заедници пред се Кенан Хасипи, Иван Стоилковиќ и Неждет Мустафа го прифатија. Тогаш за нас беше најбитно, ве потсетувам затоа што многу работи заборавaме пред каква голема дилема беше исправена Република Македонија на почетокот на 2006 година. Дали по секоја цена да се влезе на предвремени избори како што можеби и дел од оние кои беа мнозинство во коалицијата За Македонија заедно инсистираа на почетокот на 2006 кога имавме веројатно во последните 12 месеци единствено поголем рејтинг од тогаш најголемата односно најмоќната, не беше најголема во Парламентот опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ или да издржиме на курсот кој претходно го имавме зацтано. А тоа е дека не е битно какви ќе бидат резултатите на последните избори туку многу е битно каков ќе имаме изборен законик зошто прв пат направивме кодификација. Разликата меѓу закон и законик е во тоа и беше вчерашната забелешка на поранешната министерка за правда сегашната пратеничка Мери Младеновска-Ѓорѓиевска во тој правец кога експертот за се Трајко Вељановски се обидуваше да ни објасни овде како ВМРО-ДПМНЕ ја водел својата битка за изборен законик по негов терк. И мора да признаеме јас бев веројатно еден од поосамените во СДСМ кои на почетокот рече анблок ќе прифатиме се што ќе побара ВМРО-ДПМНЕ само да имаме избори каде што ќе учествува и во тој момент најмоќната опозициона партија, затоа што беше јасно од вашите барања, почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ дека варијантата беше од десетте барања ако не прифатите девет ние ќе ги бојкотираме изборите. Чуму ни беше таквата победа ако Република Македонија застанеше на патот на приближувањето кон НАТО и Европската унија. Дури ние отидовте чекор понатаму, изборите се во првиот можен термин организирање на 5 јули за да докажеме, затоа што сите се сомневаа дека Македонија не може да добие датум за отпочнување на преговори за влез во Европската унија и не може да влезе во кругот на најсериозни аспиранти за членство во НАТО, ако не организираме фер и демократски избори. Ни поставија и критериум 110% да бидат за Македонија фер и демократски избори и ние направивме такви избори. На крајот рековме победи Македонија, но испадна дека не победи Македонија, победи ВМРО-ДПМНЕ и остана себичен. За 16 месеци не направи ништо за Република Македонија. направи за својот рејтинг, затоа почитуван Груевски, само во Македонија го слават сите, но Македонија ја однесе на слеп колосек. И со овој проект ја носи уште понатаму во една слепа улица, овде затоа што колосекот е на патото кон Брисел, овде не води кон една слепа улица во која сите ќе заглавиме како слепци, затоа што чепкањето на меѓуетничките односи без консензус секој пат Македонија ќе ја враќа назад, назад и назад. А преродбата беше во 100 чекори да одиме напред. И ние велевме во нашата кампања, барем сите сме ги именувале слоганите, Македонија напред не назад, што направивте почитувани колеги за 16 месеци.

Ја вративме Македонија назад. Минута до 12, сега да нема овде пола од, условно речено, лидерите на политичките партии кои треба да покажат дека само кога ја имаме варијантата “стоп”, “стап” или “морков” може да се договориме? До тоа дереџе ја доведовме работата? До тоа дереџе дојдовме, сакале да признаеме или не, затоа што парламентот во изминатите 16 месеци не направи ништо, да и каже како сега за прв пат - не знам дали беше тоа сценарио или не - на Владата

вака не може. Значи не може Изборен законик, за кој јас тврдам неговите измени ќе имаат сериозен одраз какви ќе бидат следните избори. Значи следните избори за Република Македонија - сега тоа го кажувамкако своја прогноза, за многу работи бев во право, ќе бидам и за ова во право, Македонија нема да ги почне преговорите за членство во Европската униај додека не организира фер и демократски претседателски избори. Слушајте ми го зборот, ќе останеме во парламентарниот состав сите заедно, тоа е најголемата пречка во овој момент за Република Македонија.

(Реакции од пратеник).

Бидете трпелив колега, ќе ја слушнете целата моја анализа и ако мислите дека треба да го смениме вокабуларот и речникот, можам јас и поинаку да говорам, мислам дека оваа расправа треба да добие поинаков тек. Да направиме една подлабока анализа зошто токму сега правиме ваков експеримент. Неслучајно ги споменав претседателските избори. Тие се директно поврзани со гласањето на дијаспората. Значи ние немаме никаков проблем и тоа треба да се признае. Не знам што сте разговарале вие во Охридската сала, тогаш бев еден од диференцираните во СДСМ, бев заедно со група на дисиденти, сега сум дел од СДСМ кој се обидува да направиме нешто заеднички. Јас со Груевски разговарав додека бев претседател на СДСМ, како претседател на најголемата опозициона партија, да најдеме компромис околу вашето предизборно ветување дека ќе гласа дијаспората. Тоа не е спорно. Ми се чини бев јасен и од првите што споменав овде во првата фаза да видиме дали е можно да има тројца претставници од дијаспората, како пилот модел, да видиме дали потоа ќе ги отвораме и понатаму можностите да гласаат нашите иселеници, но никој пат не споменавме дека треба да се гласа во ДКП. Затоа се плаши Венецијанската комисија. И не треба да се чудиме зошто се плаши, тие велат: вие не можете овде каде што имате машинерија политичка, каде што треба да извршите политичка контрола на целиот процес и взаемно да се контролирате да организирате фер и до крај демократски избори, а камо ли ако ве распрскаме на 60 - 70 ДКП, дополнително ќе го руши изборниот процес во делот на она што е најбитно, да гарантираме дека секој глас, зад секој глас стои еден човек, уште повеќе што сеуште лицитираме за колку наши иселеници говориме. Се говореше прво за 70 илјади кои официјално ги има евидентирано, ги евидентиравме и на последниот избирачки список кои се на привремена работа во странство, или говориме за 200 илјади како што шпекулира некој од ВМРО-ДПМНЕ. Тоа многу влијае на реалноста во Република Македонија. Вие заборавате дека една од препораките на ОБСЕ и ОДХР за случувањата на последните претседателски избори, а уште повеќе беше тоа изразено на претпоследните избори, е проблемот со цензусот во ворито круг. Значи не постои кандидат, дури јас ви тврдам и Никола Груевски да беше постар, да сака да биде кандидат за претседател, нема да биде избран во вториот круг ако има бојкот од најголемата опозициона партија и на една албанска политичка партија. Затоа пишува таму дека треба да се размисли да се спушти цензусот на 30%. Јас не гледам дека во овие ваши барања овде, навлегуваме веќе малку и во материјална расправа, го имаме тоа предвид. Мене би ми изгледало логично за да испадне уште веднаш шпекуалција дека некој сака да дојде до вакви измени на Изборниот законик на следните избори за претседател во 2009 година да не избереме претседател и да влеземе во српското сценарио, каде што една година Наташа Никшиќ беше в.д. претседател за да на крајот го сменат изборнио тмодел и да нема цензус во вториот круг. Значи за тоа треба да разговараме ако е општа расправата.

Второ за што треба да разговараме, кога ја спомenуваме дијаспората, во кој рок дијаспората ќе ја евидентираме, од утре во следните 6 месеци, од утре во следната година, во тој период ќе има веќе забрана за издавање на државјанства или ќе бидеме пофлексибилни, ќе дадеме можност ајде три месеци флексибилно да го толкуваме нашиот закон, да добијат сите оние кои требаа македонски пасоши и врз основа на тоа да им дадеме можност да гласаат како дијаспора. Да се договориме.

Трето, зошто не го модернизираме начинот на гласањето на дијаспората ако е вешта во плаќањето на трансферот на парите, евидентно е, над милијарда евра или долари имаме дознаки од наши иселеници, да гласаат тие, слично како што ги плаќаат дознаките, може електронски да гласаат, може да гласаат со писмо. Материјали кои постојат во Министерството за правда што ги разгледувавме како модел. Зошто веднаш да се остави сомнеж дека некој сака да гласа во ДКП, а бидејќи кохабитацијата сега не функционира, до идните парламетнарни и претседателски избори нема да остане ниту еден амбасадор што бил од листата на СДСМ, евидентно е тоа. Останаа уште Нано Ружин и Благој Ханџиски, другите како им завршува мандатот ги враќаат и ќе биде испорака на некој, така што ќе се доведеме во ситуација уште на почетокот да има сомнеж дека некој сака да прави изборен фалсификат.

Колеги пратеници, јас само нафрлам дел од проблемите за кои вие немавте доблест да разговарате со нас. Ние затоа рековме дека за вакви суштествени прашања, за да помине тоа со консензус, прво, беше фер да се договориме да нема шпекулации, затоа што сега со ова што ВМРО-ДПМНЕ се повлече и законот оди во една фаза, пропаднаа шпекулациите дека ќе прави избори ВМРО-ДПМНЕ односно Груевски во ноември или декември. Евидентно е дека остануваат резервните варијанти. По Букурешт, ваква или онаква да биде одлуката, здравје, на есен 2008 година, затоа што 2009 година е ризично да имаме генерални избори затоа што кој ризикува може да добие, но може и да изгуби се.

Значи ако се коцка да има и претседател и градоначалници, а да победи во Парламентот, може се да добие, тоа е отворено како варијанта, но може се и да изгуби.

Мислам дека советниците на премиерот кои реално ни се и на нас партнерите, ние немаме проблем со вас. Јас постојано кога говорам, пола од салата кај што седи ВМРО-ДПМНЕ овде во средината климате со глава. Не е проблемот со вас. Има една друга машинерија која поинаку ги тера работите и мислам дека и оваа работа, непознавајки го добро соодносот на силите во Парламентот, ја потцени опозицијата и влезе во варијанта сега нас да не скара со помалите етнички заедници и да се излезе со бомбастични наслови, демек никој веќе нема да гласа за СДСМ и никој нема да гласа за ЛДП, затоа што сме биле против помалите етнички заедници. Груба лага. Ќе се покаже кога ќе го донесеме Изборниот законик дека ќе имаме изборен законик по мерка на помалите етнички заедници, меѓутоа ќе треба ние меѓусебе да се договориме, дали на Република Македонија - имаше многу добра анализа, штета што беше една третина од Парламентот тука, пратеникот Аднан Јашари, треба да погледнеме што е нашата идеа кога веќе се договараме. Со ова што прифативме начелно да разговараме, се прифаќаме дека го надоградуваме нашиот систем за избори и ќе правиме уште посовршен изборен законик. Но при тоа треба да ја зацврстиме улогата на претставувањето на граѓаните. Ако ги погледнеме бројките, ќе видиме дека реално Република Македонија, со тоа штопоследните избори беше 55% одзивот се доведе во позиција зад мандатот на Александар, мојот или на Влатко стојат само 7,5 илјади гласачи, што споредено со сите држави во регионот е најмал претставнички мандат. Говореше за тоа колегата, но дали зад некој стојат 13-14-15 илјади. Значи ако говориме веќе за условно речено еден термин што не сакам да го споменувам, но така личи, поголема застапеност на помалите етнички заедници значи повторно враќање на принципот на позитивна дискриминација. Тоа значи дека прво треба да изнајдеме систем каде што како прво во овие 120 пратеници некој соодветно не е застапен, тогаш да имаме позитивна дискриминација и проширување. Вака грубо некој седнал, 120 пратеници, 10%, уште 12 пратеници. Извинете, и на тој начин се губи дел од процентот. Значи во 120 пратеници треба да се движиме и во тие 120 пратеници да пресметаме 10% за тие што се споменати во преамбулата и уште еден - два проценти за оние кои не се споменати, затоа што ако пишува веќе во преамбулата “и други” мора да има систем кој ќе даде можност да бидат претставени во Парламентот и другите. Неспорно е дека треба да изградиме систем каде што треба да има 4% пратеници Турци, каде што треба да има повеќе од 3% Роми, повеќе од 2% Срби и т.н. Но не, Иван Стоиљковиќ, Кенан Хасипи и Неждет да накриват капа и да си седат овде и нивниот мандат на крајот да биде 3,5 илјади, претставничкиот мандат, а гледаме дека јас реално зборувам. Ние сме ги правеле тие симулации, затоа можеби некој тврдел дека можеби премногу сум ги вреднувал, но никој пат не сме организирале избори Република Македонија да биде една изборна единица како што сега легитимно на вакви барања ДУИ единствена брана што ја има, покрај постојаната закана што ќе биде латентна кога ќе спомнеме дека сакаме да имаме соодветна и правична застапеност за сите заедници, ќе се враќаат идеите како што е идеата за дводомен парламент. За тоа не треба да трошиме многу време сега, туку треба ДУИ кога во разговорите ќе го постави тоа, ние да излеземе со аргументи и да речеме ова не е добро за унитарниот карактер на Република Македонија, заради ова, ова и ова. Инаку, ако вака анблок го отфрламе, се доведуваме во позиција легитимно тоа да биде едно од барањата ако добро не управуваме со овој процес на измени на изборното законодавство. Затоа, кога веќе говориме за квотите на помалите етнички заедници кои не се над 20%, треба да изградиме систем каде што тие треба да бидат застапени, но и не да бидат дестимулирани да не се борат за мандати. Значи ние мора да имаме систем, ви реков, тоа е отприлика како во времето кога ја промовиравме на факултетите, кога го немавме и Штуловиот универзитет, кога ги немавме и другите универзитети, имаше квоти тогаш и за Албанците и за помалите етнички заедници,па го нарекувавме тоа позитивна дискриминација. Ако примаме на Правниот факултет на Политички студии 120 студенти, ги ставаме прво сите 120 да видиме каква е етничката застапеност, па ако нема доволно Албанци, 25%, ако нема доволно Турци ја прошируваме. Ако има доволно во битката за 120 мандати, зошто однапред да има загарантирани мандати. Треба да го видиме системот за кој добро говореше колегата Аднан Јашари, дали е најдобар хрватскиот како што вели ОБСЕ и ОДХР кој не е консултиран, туку еден експерт се нашол повикан - мене ми стигна едно писмо, веројатно стигнало и до другите пратеници, кое на оваа тема се обидува да рече да, на оваа тема за загарантирани мандати ние го имаме следното искуство. Го имаме искуството во Романија, го имаме на Косово, го имаме во Хрватска го иамме во Словенија. Според нас сметаме дека хрватскиот медел е најдобар. Зошто ние да не направиме подобар модел од хрватскиот? Да седнеме и да разговараме. Ако сме сите искрени дека не треба помалите етнички заедници да бидат монета за поткусурување, па да се покаже кој е повеќе за мултиетничка Македонија, мултиетничка Македонија ќе ја градиме ако прво имаме меѓусебно разбирање што сакаме да направиме. Значи, ако е искрена заложбата, бидејќи за оваа тема не го пуштате многу да зборува, сега непријатно е веројатно, на разговорите за Судскиот совет, колегата Трајко Вељаноски, ако за оваа тема го пуштате експертот Трајко Вељаноски, тогаш треба да му кажете прво што треба да објасни, што е најголемата забелешка на овој систем, е зошто

токму сега кога прв пат се судри актуелната власт со проблемот со Бадинтер. Па не треба на Бадинтер вие сега да промовирате нов принцип на мала врата. Тоа секој пат асоцира на едни лоши времиња на поранешна Југославија, кога некој сакал нешто да подметне од типот, еве најдовме ние припадник на албанската заедница, ќе биде Сејдо Бајрамовиќ или ајде ќе измислиме. Такви работи веќе не поминуваат.

(Дофрлувања)

Дали е Морина или Бајрамовиќ, не треба да правиме проблем, овде да чувствува некој дека преку помалите етнички заедници ќе се руши принципот на Бадинтер. Не, ние треба уште повеќе да го забетонираме принципот на Бадинтер, да респектираме дека Македонија е мултиетничка држава, тоа што се губеше во изминатиот период, може за тоа да говориме како проблем. Имаше ли проблем со помалите етнички заедници, дека имале чувство за крупните прашања дека Македонија не е мултиетничка држава или мултиетничко општество како што пишува во Уставот. Легитимно е нивното барање. Сега се доволно силни што се групираат нивните гласови, па да ги испорачаат барањата што јас ги имав на масата во својот кабинет сега, но никако да не бидат злоупотребени нивните барања, затоа што легитимни се нивните барања и ќе бидат се повеќе и повеќе тие во позиција да притискаат со се онови и онови барања. Затоа што ние генерално не правиме напор уште од сега да го вградиме оној концепт за кој говорев на почетокот дека Македонија ќе биде граѓанско општество. Се повеќе го користиме ние терминот дека Македонија е држава на македонската заедница, на албанската заедница, на заедниците, се повеќе говориме за колективитети, а се помалку за граѓаните. Затоа доаѓаме во една ситуација која што е апсурдна, ние што заговаравме дека ќе градиме граѓанско општество дефакто имаме мана во системот кој ги продуцира овие барања на помалите етнички заедници. Дали е проблемот во тоа што тие се чувствуваат запоставени, го имавме тој проблем секој пат, дури и претставниците на меѓународната заедница, соодветна и правична застапеност, колку има Албанци во полицијата, колку има Албанци во Армијата, колку има Албанци во помалите или побитните министерства или јавни претпријатија. Евентуално ако отиде некој од министрите или премиерот некој пат на НАТО Советот каде што има припадници, да речеме секој пат има едно дежурно прашање од турскиот амбасадор, независно кој е и ќе праша: колку имате Турци во Армијата и полицијата, затоа што по дефиниција ние сме лојални граѓани на оваа држава. Значи ако некој од страна не не потсети, генерално и претходната власт и сега, не гледам дека нешто спектакуларно правиме за малите етнички заедници, за да не ги злоупотребуваме како сега со овој проект.

Затоа, колеги пратеници, јас мислам дека целата оваа постапка треба да ја вратиме во една фаза која доликува на една држава која претендира да биде членка на НАТО до година, членка на Европската унија, здравје, за 4-5 години. Тоа можеме да го направиме ако оваа расправа која ќе биде сега како прва фаза ја завршиме сега на тој начин што целата работа ќе ја вратиме назад, ќе речеме почитуваме од почеток, не со ова што го напишал министерот за правда или некои експерти кои не ги знаеме, за прв пат не знаеме кои се експертите. До сега беше некој дежурен кабаетлија. Ако ја прашавме претходно Младеновска зошто е вакво решението, ќе речеше така мисли Венецијанска комисија или така вели ОБСЕ и ОДХР. Сега не знаеме кој го смислил овој систем. Реално не знаеме кој го смислил овој систем. Најгрубо ова е преземена една варијанта што ја стави на хартија господинот Кенан Хасипи заедно со Иван Стоиљковиќ и Неждет Мустафа, но тие не ја разработија. Рекоа ова е тема за која сакаме да разговараме, имаме проект кој функционира во другите држави и ќе ни обезбеди на нас не да бидеме сега за прв пат ценети, бидејќи е таква состојбата и искрено речено им се наместија картите. Поинаку да играше ВМРО-ДПМНЕ, да го земеше ДУИ во коалиција, никој пат немаше да дојде прашањето за помалите етнички заедници на дневен ред. Мора да бидеме искрени и тоа да го признаеме. Ќе си беше обезбеден Бадинтер, ќе ни кажеше предлагачот не не интересира што мислат помалите етнички заедници, нашиот караван ќе си врви. Но сега се зголеми нивната моќ, затоа што резултатите на последните избори во албанската етничка заедница одат во прилог на ДУИ.

Затоа, да се вратам на оние предлози кои веќе ги споменав во изминативе - колку време зборувам?

**Иван Анастасовски:** Добри 30 минути.

**Владо Бучковски:** Еве, ќе се обидам да финиширам со неколку предлози.

Како прво, затоа што беше дилемата и во СДСМ дали да влезе во дебата или не, мислам дека е добра одлуката што и СДСМ влезе во дебата, затоа што ја прифаќа отстапката што ја направи ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ се врати чекор назад, СДСМ направи чекор напред, па сега бара да се почитува оваа добра волја и да продолжиме понатаму. Ако сите имаме заедничка грижа за правата на помалите етнички заедници, заедно со нив, но и со претставници на најголемата етничка заедница, да изградиме систем кој ќе функционира. За да го изградиме тој систем, мислам дека помал проблем ќе имаме кај помалите етнички заедници. Поголемиот проблем е што во овој момент гледам имаме две барања, барањето на СДСМ не е дијаспората да не гласа, но барањето на ДУИ и на ЛДП децидно кажано е дека дијаспората не може да гласа заради стравувањето дека ќе има изборен фалсификат. Треба да изградиме значи систем кој ќе функционира и кој ќе биде брана од изборен фалсификат.

Отстапката што исто така ја направи ВМРО-ДПМНЕ, да не претендира, затоа што, да се разбереме, барем јас во овој момент кога

разговарав со Груевски, не знаев која е идејата на ВМРО-ДПМНЕ. Сметав дека е нивна идеја затоа што калкулираа со 200 илјади, прва проценка, фиктивни во тој момент, како да сакаат седма изборна единица, сметав дека одат на варијанта и од дијаспората да гласаме 20 пратеници. ВМРО-ДПМНЕ брзо прифати, значи на неформални разговори, според тврдењата сега на мојот наследник во СДСМ, во Охридската сала, дека е прифатено да се разговара за три мандати, но нема договор, три мандати: Европа, Австралија, Канада. Требаше да утврдиме, ако е тоа компромисот кој може да се постигне, колку ќе има гласачи од дијаспората, како тие ќе влијаат на претседателските избори, трето, дали ќе предвидиме тоа што мислам дека вие веќе го наметнавте како принцип, тие тројца мора да бидат наши државјани кои работат постојано или привремено во странство. Значи ќе треба да најдеме еден виден Македонец од Европа кој ќе ја претставува, условно речено, македонската коалиција, а од друга страна Албанците, кои сметам дека според распоредот на гласачите можеби ќе го добијат, ако биде овој модел, мандатот да имаат претставник од дијаспората, од Европа, несомнено дека од Канада и од Австралија, ќе треба да се избере човек, веќе донесовме двајца министри и еден заменик министер кој живеат таму, работат таму и кои ќе можат овде да ги бранат интересите на дијаспората, затоа што треба да ја расчистиме и таа дилема. Заради минатото на политичкото делување, многумина сметаат дека во овој момент ВМРО-ДПМНЕ е во предност. Веројатно е во предност, бидејќи таква е неговата организација, единствени од, веројатно политички субјекти, имаат уште од почетокот задгранични комитети. Тоа ќе значи мотив повеќе другите политички субјекти да се организираат на тој начин. Треба да видиме како е дозволено политичкото организирање и дејствување во оние средини каде сакаме да имаме кампања, дали кампањата ќе ја водиме само преку сателитскиот канал, ќе имаме ли собири, дозволуваат ли прописите на домицилните држави да имаат кампања. Значи сето тоа кога ќе го ставиме во еден пакет, многу поблиску ќе дојдеме до решение за дијаспората, нема ниту едните да прават баук, ниту другите, веќе гласањето на дијаспората ќе направи голем дисбаланс во Парламентот. Но ви тврдам, ако паралелно со решението да гласа дијаспората, не дојде до корекција на цензусот за претседателски избори, секој пат ќе постои опасноста дека некој го нуди ова решение за да не избереме претседател и тоа е на предлагачот, Министерството за правда. Министерството за правда, простете ми ама тоа е марионета, а тоа ќе треба, не Трајко Вељаноски, тие што се, условно речено, малку подобро стоечки во хиерархијата на она што се нарекува ВМРО-ДПМНЕ, да изградат еден став кој ќе го понудат на другите политички партии и со консензус да го донесеме овој Изборен законик. Јас сум оптимист дека можеме да постигнеме консензус, но притоа да не заборавиме дека во меѓувреме и она што ни беше задача од претходниот период, не го спомнуваме во овој текст. Ова треба сега да го сметаме како работен текст. Значи од позиција на власт е симптоматично. Можеби и ние бевме такви. На ВМРО-ДПМНЕ сега не му одговара до крај да го регулираме финансирањето и санкциите кои ги има. Значи ние бегаме од модернизација на нашето изборно законодавство со тоа што ќе треба организаторите на изборната кампања кои се служат, да речеме со злоупотреби, како што го направи на последните избори еден субјект, кој условно речено беше близок до опозицијата, но немаме докази дека беше дел од опозицијата, Социјалдемократската партија.

Значи, треба да има инструмент за заштита на правото на тие кои гласаат и кои намерно ќе бидат доведени во заблуда. Во правото има таков принцип. Значи, да се измислуваат типови, Никола Поповски, Илинка Митрева, како беше тој место Јани, тој скијачот, Јани Мајер. Такви работи треба да се санкционираат, како што ќе треба да се санкционира некој ако на крајот не даде очет од каде му е финансирањето. Одземањето на мандатот е инструмент кој е предвиден. Ние имаме овде проблем што никој не сака да ја отвори Пандорината кутија. Ние немаме предвидено ни ваква ситуација, каква што е со пратеникот Љубчо Георгиевски. Имаме ли можност, ќе го регулираме ли тоа, или ќе треба да го менуваме Уставот. Може ли да се има двојно државјанство и да се биде пратеник.

И третото од што бегате, мислам дека, господинот Андов не е тука, во меѓувреме треба да го завршиме тој процес затоа што и овде ќе направиме едно проветрување, барем десетмина нема да ги гледаме во Парлементот. Кога ќе се лустрираме. Од тоа зависи каков ќе биде идниот Изборен законик, кој ќе смее да учествува. Значи, колеги пратеници, ние почнавме многу процеси каде сакаме да го зголемиме демократскиот капацитет на Република Македонија. Затоа велевме дека правиме кодекс. Тој закон е директно поврзан со изборот на претседател, затоа што многу кандидати и по тој основ можеме да ги елеминираме. Ќе треба да даде изјава, но ќе треба да имаме независна комисија која ќе треба да процени дали може да биде носител на јавна функција. Тој инструмент на заштита на демократските принципи во Република Македонија мора да го имаме. И на крајот, сите да размислиме, дури и предлагачите затоа што овде не ги познавам во делот на загарантираните мандати, дека предлагач е Министерството за правда, предлагачите. Значи и Кенан и Иван и Нецо, ќе треба да го разработат овој концепт. Инсистираат ли да го зголеми бројот затоа што тука се држите до Уставот. Уставот вели може да има од 120 до 140 мандати. Не може мала Македонија да има толку многу функционери, пратеници, уште повеќе што тенденцијата на слаб одзив ќе продолжи и следните избори тешко да се направи пресврт, да имаме повеќе од 60% одлив. Значи ние ќе се забетонираме со новите 133

пратеници, вие што велите дека еден пратеник ќе вреди 7 илјади гласа. Ако го гледате духот на Уставот, кога се поведува граѓанска иницијатива, се претендира да има 10 илјади потписи. Значи ние треба да изградиме систем каде ние во Парламентот треба да имаме зад себе кредибилитет со 10 илјади граѓани, кои условно речено, гласале за нас и дека претставуваме барем најмалку 10 илјади гласачи. Таква сериозна анализа во овој проект нема. И што е најбитно за потсетување.

Последниот пат кога се договаравме за Изборниот законик имавме временска рамка. Птвото барање на ВМРО-ДПМНЕ, преточено во едно писмо кое го чувам, може да го има и Младеновска Ѓорѓиевска тука беше, ајде да се договориме кога ќе бидат изборите. Значи било кој заменик министер од Министерството за правда да предлага таков проект, треба да ни каже кога планира да ги организира изборите. Вие велите, поучени од претходното искуство каде во последен момент сме ги носеле изборните правила, вие сметате дека првите избори ќе бидат во 2009 година. Јас не ви верувам. Не гледам дека така ја терате работата. Ако е ова иницијатива за предвремени избори, дајте да видиме кога тие ќе бидат. Ако бидат за една година, имаме довоно време, за 6 месеци ќе направиме бомбона Изборен законик. Говориме, оди напред техниката. Штом може Владата да троши пари да види пациенти дали чекаат по ходниците во Клиниките и болниците, тогаш на сите избирачки места ќе ставиме по една камера и ќе си се заштитиме од насилниците што гледаме дека успеавме да ги осуетиме со тоа што направивме посебно казниво дело во Кривичниот законик, предвидовме законска казна. Значи, треба само да видиме која е ефикасноста на оние кои го нарушуваат изборниот процес. Уште ако имаме, да им поставиме така да не биде нарушена тајноста на гласањето. Ќе си се подготвиме за едни демократски скандинавски избори, па кој има поголема поддршка на граѓаните, нека ја води Република Македонија во Европа затоа што верувам дека заедно ние сите, со ваков распоред на силите ќе дочекаме да влеземе во НАТО алијансата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Имаме пријавени за реплика.

Ќе направиме исто како што направивме вчера, ќе одиме по редоследот на веќе пријавени, така ќе запишеме и така ќе бидете читани за реплика. Тие што се само за реплика можат да се јават од место. Оние кои не сакаат да го изгубат својот редослед, ќе повелат овде на говорница.

Јас запишав 7 колеги пратеници кои се јавиле за реплика и ќе ги прочитам за да не направиме грешка во списокот. Тоа се Влатко Ѓорчев, Александар Николовски, Кенан Хасипи, Иван Стоиљковиќ, Ратко Димитровски, Флора Кадриу и Садула Дураки. Тоа беа пријавени пратеници за реплика. Штом ќе почнеме со реплики нема право никој дополнително да се јави.

Сега ќе одиме по редоследот кој е прв на мониторот.

Три минути за реплика пратеник Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе,

Би сакал да се обратам до мојот ценет колега и поранешен претседател на СДСМ господинот Бучковски.

Во 2002 година кога се иницираше идејата за формирање на коалицијата “За Македонија заедно”, имав чест да разговарам и преговарам со господинот Бучковски, бидејќи беше во екипата која ја промовира таа идеја.

Сами ќе признаете и вашиот аналитички центар тоа го покажа дека за парламентарните избори 2002 година извлековме максимум од етничките заедници кој го претставуваме посебно во Изборната единица број 6, а знаете зошто, затоа што верувавме дека започнавме еден проект кој ќе функционира перфекно и кој ќе овозможи вистински третман кон помалите етнички заедници. За жал 4 годишното искуство покажа дека не било тоа така.

Јас на утрешниот настап ќе донесам цела архива, колку пати во име на помалите етнички заедници сме се обраќале на тогашниот премиер господинот Бранко Црвенсковски, на премиерот Хари Костов, на госпоѓицата Шекеринска која беше член на Комитетот на министри за правична и соодветна застапеност, на дузина министри, во кој ги потенциравме нашите проблеми, едноставна причина што кога нешто баравме добивавме одговор дека, да бидам искрен, не дава ДУИ, а кога се обраќавме на ДУИ велеа, не сме со вас коалициони партнери.

Ве молам, го наведовте примерот на општина Врапчиште. Таа општина ја добивме кога бев парламентарец од 1994-1998 година, како опозиција, а ја изгубивме општината кога бев позиција. Единствена општина, господине Бучковски, во која целото население, вклучително и албанското и македонското го зборува турскиот јазик, бидејќи тој јазик е одомаќинет. Ја изгубивме општината во име на некои поишироки идеали, реагиравме, добивавме ветувања дека ќе ја спасиме, но не ја спасивме.

Овде имам писмо што во име на помалите етнички заедници го испративме до Европската комисија, претседателот Хозе Мануел Баросо. Го имаме и неговиот одговор, затоа што оваа идеја е од 1994 година па наваму. А знаете зошто? Затоа што никогаш немавме ваква позиција каква што имаме. Тоа е реално што го кажавте, зошто сите власти имаа комоција, не се интересираа за нашите проблеми. Јас ве уверувам дека со ова не завршува приказната. Независно како тоа ќе заврши, нашите напори ќе продолжат во соработка со меѓународните институции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Пратеникот Хасипи само ја потврди мојата констатација дека распоредот на силите во Парламентот е таков што остава простор дел од нивните барања кои се легитимни и кои беа испоставени уште во периодот кога СДСМ ја предводеше Владата, да се реализираат. Но, за волја на вистината, учеството на Демократската партија на Турците во коалицијата “За Македонија заедно”, доведе до дополнително афирмирање на турската заедница, доведе до тоа да има двајца градоначалници од Демократската партија на Турците, кои беа заеднички кандидати на коалицијата “За Македонија заедно” и доведе до оваа позиција каде што јас посакувам да заврши со консензус, каде што дополнително ќе се зголемува бројот на пратениците од турската етничка заедница во Парламентот на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Внимателно ја следев дискусијата на пратеникот Бучковски и можам да констатирам дека кај него ја нема онаа ригидност кон ваквите барања и ваквите предлози, какви што сме навикнале да видиме во прекриена форма кај поранешниот претседател на СДСМ, Црвенковски, а претходно, да не одиме по ред, од Глигорие Гоговски, Васил Костајчиновски, Михаил Даневски итн.

Мислам дека пратеникот Бучковски ја нема таквата ригидност каква што во континуитет, сепак би го изземал Глигорие Гоговски од оваа низа што ја кажав, кој нема слична ригидност.

Што е проблемот со вашите предлози и вашите забелешки. Тоа е дека вие на се во ова Собрание, наводно опонирате против процедурата и велите дека процедурално предлогот не е добар итн, а се промашува суштината. Процедурално опонирате на борбата против криминалот, а знаеме содржински и реално што е приговорот.

Процедурално се противите на промената на Изборниот законик, а реално и суштински сакате да имате кај помалите етнички заедници еден резервоар на гласови кој што можете да го менаџирате, моделирате онака како што би ви било потреба токму во манирите на оние кои што ги спомнавте Седо Бајрамовиќ, Риза Сапунџиу, Азем Власи итн, итн, Раиз Диздаревиќ и многу други.

Овој систем што нуди. Тој нуди токму имплузивност, а не експлозивност и не ригидност. Кога зборуваме за гласањето на дијаспората јас во мојата дискусија повеќе ќе се навратам на тоа, но една работа која што ја спомнавте веднаш ќе ја прифатам. Вие велите за нас е прифатливо гласањето во дипломатско конзуларните претставништва, но зошто да нема на повеќе места. Да, веднаш прифатливо е тоа, зошто да немаме гласање таму каде што има концентрација на македонски иселеници или иселеници од Република Македонија, а недужно да се тоа амбасадите и конзулатите.

Тогаш можеме да имаме гласање и во црковните општини, тогаш може да имаме во иселеничките друштва и на други места. Тогаш ќе имаме и поголем опфат и поголемо гласање во дијаспората затоа што ние сакаме што е можно повеќе државјани на Република Македонија да го искористат нивното уставно, ќе повторам уставно право да гласаат и да бидат гласани.

Венецијанска комисија од Венеција, Италија оди кон такви решенија и 30-тина земји од Советот на Европа.

Уште само пет секунди, верувајте никој нема да крши кутии во Вашингтон, во Шведска, во Лондон или во Берлин. Сигурно ќе имаме коректни избори. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Пратеникот Ѓорчев сака да спори со ригидноста или конструктивноста на поединци. Јас сум убеден дека никој од опозицијата нема да има ригиден став ако се почитува веќе воспоставеното правило. Тоа е дека за изборните правила разговараат меѓу себе позицијата и опозицијата и по дефиниција позицијата е таа што прави отстапки.

Првата отстапка која веќе требаше да биде направена е да биде дадена оставка од претседателот на Државната изборна комисија, тој веќе не треба да биде на тоа место, ако веќе разговараме за измени. Веќе треба да се подготвуваме за новиот изборен циклус, да имаме доверба при преземањето на избирачкиот список, треба да има нов претседател на ДИК.

**Иван Анастасовски:** Три минути за реплика господинот Иван Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Господине потпретседателе, почитуван колега Бучковски, поранешен претседател на Владата.

Со сета почит, меѓутоа, ќе ве потсетам на една работа. Моето прво запознавање со било кој функционер од СДСМ било со господинот Бучковски. Се сеќавам многу добро, го знае првиот разговор кој беше на темата загарантирани места на помалите етнички заедници. Сакам да кажам дека постои континуитет во нашите барања. Меѓутоа, во вашето излагање провејаа две работи за кои морам да интервенирам.

Првата работа е дека ќе спиеме и дека ќе добиеме мандат. Суштината на нашиот предлог не со спиење, туку со реални гласови да претставуваме некого во Собранието на Република Македонија. Тоа вие добро го знаете и знаете многу добро, за себе можам да кажам дека не преспав ниту еден изборен циклус, а на последниот знаете дека само јас од Коалицијата За Македонија заедно на терен реално успеав да изборам позитивни резултати.

Значи, она што кај граѓаните на Македонија се обидува да се каже дека кога ќе се спомнат загарантирани пратенички места и резервирани пратенички места по дифол сака на граѓаните на Република Македонија во глава да им се стави дека ние се залагаме за нешто што не ни припаѓа односно за нешто што некој ќе седне тука, а нема да го заслужи со бројот на гласовите на граѓаните на Република Македонија.

Спротивно, ние се залагаме нашите мандати да ги верификуваат граѓаните на Република Македонија во подеднаков број како што важи за другите пратеници во Собранието на Република Македонија. Тоа е основното барање.

Втората работа која е мошне опасна и цело време ја слушаме дека се нарушува Бадинтеровото правило. Не е возможно со промените во изборниот закон да се нарушува Бадентеровото правило од проста причина, а ќе ви наведам пример.

Што ако ние, претставници на помалите етнички заедници што седиме во редот на златната картичка бланко и дадеме поддршка на Владата во избор на Судскиот совет и во натамошната нејзина потреба за изгласување на одреден проект на закони. Како на тој начин се нарушува Баденеровото правило? Сфатете сите еднаш дека ние влеговме во Собранието на Република Македонија и нашите бирачи нема да дозволат да излеземе од Собранието на Република Македонија. Значи, и во идниот период ќе морате да сметате на нас. Во тоа беше мојата и процедурална и политичка забелешка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Бучковски, повлете.

**Владо Бучковски:** Јас и на репликата на колегата Иван Стоиљковиќ ќе одговорам слично како што му одговорив на колетата Кенан Хасипи.

Драго ми е што и јас придонесов да бидат промовирани како членка на Коалицијата За Македонија заедно и неговата партија и партијата на Кенан Хасипи и што со тек на време се создаваат услови за реализирање на идеите кои тие ги имаа уште во периодот кога Македонија ги залечуваше раните од конфликтот 2001 година.

Затоа секогаш ќе можат да сметаат и во дискусиите кои ќе следат не само овде, дека ќе поддржувам да изградиме систем каде ќе има обезбедено соодветно присуство на припадници на помалите заедници, а убеден сум дека со своето влијание тоа ќе го поддржува и СДСМ.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Следниот за реплика по редослед е господинот Ратко Димитровски, повелете од говорница за да не ви се изгуби редоследот.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега Бучковски, накратко сакам да ве потсетам за некои работи за кои вие не го посветивте целото внимание, туку го посветивте воглавно на застапеноста на малите заедници, застапеноста на дијаспората, а најглавното Изборната комисија, надлежностите односно изборните списоци, надлежностите, начинот и постапката на изборниот процес воопшто не го опфативте во ова ваше излагање.

Сакам да ве потсетам на последното што го кажав овде односно она кое беше вашата пракса, она што вие го практикувавте и токму заради тоа ќе настојувам да ви прочитам еден цитат од една книга на еден ваш милуван следбеник кој на страница 140, книгата се вика “Избори и медиуми”, го пишува следното:

Случај Кочани:

Во полноќието, глуво доба, по првиот изборен круг на локалните избори во 2005 година, меѓу 13 и 14 март во Општинската изборна комисија во Кочани по пребројувњето информираа дека за градоначалник е избран кандидатот Ратко Димитровски. Откако ги примил честитките, се сретнал со новинарите и кусо се провеселил со најблиските приврзаници и соработниците од Изборниот штаб и заминал да се одмори, а славењето го оставил за наредниот ден.

Понатаму протолжува, заради времето ќе бидам пократок, да го објаснува истото нешто кое му се случило на познатиот писател Марк Твен кој бил кандидат за гувернер во државата Њујорк во 19-от век и на истиот начин го изиграле односно му ја украле изборната победа.

Продолжува цитатот натаму на страница 141, ви стојам на располагање да ми ја земете, да се вратиме, цитирам: Да се види што се случи со нашиот кандидат за градоначалник на Кочани.

По два часа сон, спиење, дремка, беше пробуден со зборовите “не си избран за градоначалник”. Била направена грешка. На некои избирачки места имало неправилности, ќе се прегласува. Какви се неправилностите? Важно се најдени, а решение ќе се прегласува.

Токму заради тоа господине Бучковски се предлага нов закон да не биде она што вие го предлагавте и вие милувавте да го спроведувате, туку да се направи една демократска атмосфера, да се направи еден демократски приод спрема изборниот процес за да биде изборниот процес задоволство на секој, а не да биде страв и трепет на она што не е согласно со вас.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Праеникот Ратко Димитровски излезе од темата затоа што јасно е, тоа му е болката, не може да го преболи поразот во 2005 година, сега можеби Кочани изгуби добар независен градоначалник, но веројатно лут заради тоа што го припишал на СДСМ стана сега ортодоксен ВМРО-вец и се обидува сега да не наврати на темата од 2005 година.

Ние, дел од забелешките што ги имавме за локалните избори 2005 година беа причина зошто имавме Изборен законик во 2006 година. И во

2006 година голем дел од промените одеа во правец за кој сега говори да биде обезбедена заштита на избирачкото право, но и да биде спречена практиката која, ние може да говориме, не е тука една од жртвите и еден од џелатите, не ги гледам ни Тито Петковски ни Благородна Дулиќ кои се експерти за избори и можат да објаснат подобро од мене.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика господинот Александар Николовски, повелете од говорница.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе,

Пратеникот имаше долга дискусија и навистина има многу работи со кои може да се опонира и со кои се согласувам, но со оглед на времето ќе се сконцентрирам на двете главни и тоа на гласањето на дијаспората и на застапеноста на малцинствата во Парламентот.

За гласањето на дијаспората мислам дека немаме проблеми, не гледам кае СДСМ проблематизира имајќи предвид дека ние влеговме со став дека треба да има шест пратници од дијаспората по двајца од Америка, Канада, Европа, Африка, Азија и Австралија, СДСМ предложи три односно Радмила Шекеринска тогаш на лидерската средба, ние се согласивме со тоа и сметам дека тука нема пролем и сметам дека тука СДСМ оди против самата за да е против или можеби стравот е оној што го споменавте а тоа се претседателските избори, веројатно ако Бранко Црвенковски се кандидира уште еднаш, свесен е дека нема поддршка во дијаспората и свесен е дека можеби таму ќе ги изгуби изборите и стои како легитимен страв. Ова сакав само да го искоментирам.

По однос на второто прашање на застапеноста на заедниците кои се помали од 20%.

Јас ќе ви кажам лично зошто го поддржав предлогот. Кај нас во партијата имаше широка дебата дали ова треба да се случи или не, дали треба да го направиме или не, стојат сите оние ситни работи кои ги кажувавте и околу Бадентер и околу поддршката и тн.

Меѓутоа, една клучна работа која треба да ја погледнеме дека Македонија после 2001 година не е истата држава односно дека имаме друг концепт и друг политички систем кој функционира.

За жал или за среќа, со Охридскиот рамковен договор ние промовиравме држава во која се застапени сите заедници кои живеат во државата, а не двете поголеми заедници кои живеат во државата. Реално можеше да побараме два патишта за развој на државата, едениот е, условно речено, белгиски модел државата да стане бинационална и да ја поделиме на Македонци и Албанци и тогаш помалите заедници ќе требаше да се асимилираат природно кому што му е поблиско и вториот модел е моделот кој се обидуваме да го изградиме сега. Тоа е партиципација на сите заедници, тоа е репрезентативност односно претставеност на сите заедници тука во Парламентот и преку нивната претставеност да ја отсликаме реалната слика за Република Македонија, Македонија да не ја направиме Белгија, туку многу повеќе да ја направиме Естонија, да ја направиме модерна држава која може да оди напред.

Другиот пат за кој исто така има простор во Охридскиот рамковен договор до колку го одберевме, кога и да е, еден ден, еве денеска се отвори предлогот за дводомен парламент, неминовно ќе водеше кон бисолуција на државата. Оваа генерација на ВМРО-ДПМНЕ одлучи да го одбере вториот пат и цврсто стоиме зад тоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете

**Владо Бучковски:** Најпрвин, не знам за која генерација зборувате. Едната генерација сте во првиот ред вие тројца, а вториот ред ќе се лустрира минус Зоран Петрески, затоа треба да се договориме што сакате да правите.

Првиот ред си го има хендикепот за протестите 1997 година против Педагошката академија, ти како следбеник на Влатко Ѓорчев и на другите се обидуваше за Ванчо Јосифовски да покажеш едно друго лице, затоа не знам со која генерација ќе правиме договор.

Ако е онаа генерација што ги извлече поуките од 2001 година и ако сакате да речете научивме на грешките и дека не треба никогаш да се чепкаат меѓуетничките односи кога сме на власт, тогаш и јас ќе се придружам кон таа генерација која би требало да биде генерацијата на европска Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам господине потпретседател.

Господине Бучковски, навикнати сме на чисти демагошки дискусии во Собранието особено од страна на левицата, особено од страна на пратеници од левицата. Но, верувајте, народот во Република Македонија е веќе целосно заморен од таквите дискусии, таквите манипулирања со нив и таквата неискреност, би рекла.

Сметам дека би било многу подобро да се загрижите за вашиот рејтинг, за рејтингот на вашата партија, за довербата која вие ја имате кај македонскиот народ и кај граѓаните на Република Македонија многу повеќе отколку се загрижувате за рејтингот на ДПА и за довербата која ДПА ја има кај албанскиот народ.

На крајот на краиштата политичката легитимност е наша, значи ДПА сакале вие или не е веќе на власт и таа се залага за реализирање на сите права на албанскиот народ во Република Македонија.

Меѓутоа, зборот ми беше, односно да ви честитам на крајот на краиштата што бевте искрен зошто не

сте за поддржување на овој изборен законик, за искреноста која вие укажавте дека имате намера на наредните избори да излезете со една заедничка листа заедно со ДУИ затоа што сметате дека има еден друг начин за изборен законик, а тоа е директно интегрирање на Албанците во вашата партија. За тоа морам да ви се заблагодарам на искреноста и да ви честитам.

Истовремено да ја искористам можноста да му честитам и на нашиот колега на господинот Џеват Антефина кој укажа дека фактички претставува надежен случај за Албанците во Република Македонија затоа што, укажувајќи на фактот дека претставници од ДПА и дека ДПА се ненадежни случаи, тогаш тој е надежниот случај, а до колку е тој надежниот случај, сироти Албанците во Македонија за такви случаи.

Меѓутоа, морам да речам дека и тој беше искрен во еден дел од неговиот говор токму во однос на материјалите. Кога рече дека чисти глупости...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, на господинот Бучковски се обраќате?

**Флора Кадриу:** Да, на господинот Бучковски за искреноста, истовремено и за искреноста на другиот колега, кој укажа за материјалите дека тие се глупости и тоа глупости на предлагачот, дека чинат 10 илјади евра и дека истите ќе ги наплаќаат граѓаните.

На крајот на краиштата беше искрен дека ниту него ниту неговата партија не ги интересира за граѓаните на Република Македонија. Значи, го поздравувам и навистина какви времиња такви обичаи господине Џеватдеми Антефина.

**Иван Анастасовски:** Ова не беше реплика, се извинувам господине Бучковски, ќе добиете реплика.

Процедурално господинот Адеми, но не сте пријавени. Затоа имав дилема на кого се обраќаше во вториот дел од репликата дали на колегата Бучковски или беше спомнато некое име, не го разбрав до крај името.

Вие барате процедурално?

Повелете три минути процедурално.

Ве молам држете се до процедурата.

**Џевад Адеми:** Во славната историја на албанскиот народ жената има почесно место почнувајќи од Теута и многу други хероини, па завршувајќи кај пратеничката која ни доаѓа како на модна писта, тоа се вели модна писта.

Парламентот на Република Македонија не е место за да се злоупотреби кажаниот збор. Парламентот на Република Македонија не треба да биде место каде на бесрамен начин се експонираат вредности кои се за друго место, а не за овде.

Господине потпретседателе, Парламентот на Република Македонија има Деловник кој точно кажува кој кога може да земе збор. Има категорија граѓани на кои одговорите им се на врвот на јазикот, има категорија на луѓе на кои одговорите им се во џеб. Има категорија на луѓе кои одговорите ги имаат дома.

Бедни се тие кои се јавуваат откако ќе им се јават на телефон. Бедни се тие кои дискутираат што им диктираат по телефон. Бедни се тие кои немаат достоинство.

(Реакција од пратеник)

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, полека.

Што барате сега вие процедурално. Полека, што скокате, тој се обрати до мене. Јас сум должен...

(Реакција на пратеник од место)

Полека ќе добиете процедурално. Колегата се обрати во еден дел и до мене. Јас сум должен со Деловникот да одговорам. Јас кога приметив дека почитуваната колешка се обрати на друг во репликата, но не го слушнав добро името, не го слушнав името. Тогаш ја опоменав како што кажува Деловникот, ја опоменав и ја замолив да се врати таму каде што беше упатена репликата. И затоа во тој дел ја прифаќам вашата процедурална забелешка. Сега ме интересира искрено вашите три минути процедурално, колешке Јаневска во што се состојат. Повелете.

**Весна Јаневска:** Еве сега ќе ги слушнете. Се однесува на рамноправноста на родовите. Значи, во ова Собрание може секој да не навреди, жените во Собранието како сака, но не по однос на пол. На модни писти шетаат и мажи и жени, тоа е легитимна професија, таму се заработуваат многу пари, многу повеќе отколку во политиката и тоа што одредени госпоѓи се актерки или се присутни на одредени модни писти може само да допринесат за достоинството на овој Парламент, заради квалитетите на личностите кои седат овде. Јас ве молам во иднина апсолутно да го прекинете секое родово дискриминирање во Парламентот. Особено ако се однесува на сериозни и чесни професии. Макар и да не е така, нема право никој да дискутира на таа тема. Можеме да дискутирама на тема политика, па согласна сум да дискутираме и на тема интелект, па согласна сум да дискутираме на тема на подготвени или неподготвени прашања и одговори или дискусии, но никако не сум согласна во Парламентот да дозволите родова дискриминација. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на забелешката.

Почитуван колега Бучковски, повелете вашата минута за контра реплика.

**Владо Бучковски:** Почитувана колешке Кадриу, јас не сум демагог, јас сум педагог и сега педагошки ќе ви дадам еден совет. Не се задевајте со мене кога не ве задевам. Не се задевајте со мена кога не ве задевам. Гледајте си, си одбравте наместо да ги браните правата на Албанците, да се обидувате да ги собирате поените кај македонската популација, ви годи да бидете војводи и војвотки, јас не се мешам во вашата политика. Немој вие да се мешате во мојот сон за што јас сонувам. Не реков дека ДУИ ќе биде, можеби ДПА ќе биде првата партија која

ќе прифати во Македонија еднаш да се судрат левицата, десницата, само дотогаш вие ќе дефинирате што сте, дали сте левица или десница. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

И последен за реплика од пријавените, пратеник господин Дураку Садула, повелете вашите три минути.

**Садула Дураку:** Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Почитуван Владо Бучковски,

Да имаш интелектуална смелост и доблест во овој Балкан навистина е многу тешко. И сигурно во вашата дискусија, од вашите сонародници и од вазалите кои се на власт погрешно ќе се разбереме. Интелектуална смелост да имаш во оваа Република и на својот народ да му ја кажеш вистината како треба да чекори оваа држава навистина е многу тешко. Јас немам таква интелектуална смелост, но имам национална албанска смелост. И имајќи една таква смелост на мојот народ ќе му кажам слободно и правилно дека нашиот соживот е овде во Република Македонија и на овој начин еден ден, навистина Република Македонија ќе биде и ќе се подели во десничари и левичари, во центарот како што е и во Европа, но јас мислам, сега за сега, се додека не ве разбираат вашите сонародници и неколку мои сонародници, а многу е тешко, сега за сега, во Република Македонија се додека двете најголеми заедници во Република Македонија, Македонците и Албанците не се еднакви, Албанците не се еднакви во оваа држава и во мојава татковина, како што го прифати тоа мојот лидер Ахмети, се додека нема целосна рамноправност не можеме да излеземa заедно во иста листа од левицата и десницата. За жал, велам за жал, десната страна ја забрза оваа постапка, бидејќи заедно се договориле, заедно излегле со овој предлог, но се уште е прерано и кај нас народот вели: “детето кое се раѓа пред време нема долг живот”. Ние треба многу да сработиме, да имаме рамноправност.Албанскиот јазик треба да биде рамноправен јазик, како втор официјален јазик во Република Македонија, да имаме правична соодветност како во полицијата, така во војската така и во државните институиции. Така да јас сум тој кој ќе се определи во партискиот аспект, дали ќе бидам левица, десница или во центарот.

**Иван Анастасовски:** Повелете господине Бучковски една минута за контра реплика.

**Владо Бучковски:** За колегата Дураку околу мојата визија или моите соништа мислам дека станува јаве во Република Македонија дека полека но сигурно ќе ја градиме Македонија како мултиетничко општество.

Проблемот кај македонците во овој мометн е поголемиот проблем отколку кај другите заеднци во Република Македонија. Јас сум убеден дека ние со новите генерации за кои говорат помаладите колеги од ВМРО-ДПМНЕ ќе најдеме заеднички јазик, но заеднички јазик ќе мора да најдат и претставниците на албанската заедница, пред се политичарите, да немаат чувство помалите етнички заедници, пред се на верска основа, дека на изборните циклуси тој елемент ќе биде поприоритетен отколку етничкиот елемент.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продлжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Денес имавме многу и многу интересна расправа. Искрено да ви кажам едно време загрижен, па едно друго време доста мотивирачки и навистина ми е чест денеска да учествувам во оваа дебата, за Македонија европска, за некоја идна Македонија која што навистина може да нуди една рамноправност на сите заедници токму како Европската заедница која ја прогласи оваа година како година за еднакви можности.

Многу интересно се слушаат тези на кои што, под претпоставка, јас навистина сакам заедно со вас гласно да размислувам за одредените тези кои што загрижувачки се за мене, а секако како граѓанин на Република Македонија, како заедница која е најзагрозена во македонското општество и во тој контекст навистина сакам гласот на ромскиот народ да го наметнам може ли овој предлог да донесе нови моменти на грижи во македонското општество или обратно. Дека македонското општество демократски ќе се претсројува токму како шти и Уставот е подреден на оваа Македонија.

Во една многу јасна прилика, во еден многу јасен сигнал беше дискусијата на почитуваниот господин Џеват Адеми, а секако и на госпоѓата Теута, која како претставници на своите политички партии многу објективно од една страна ги наведуваат можните позиции односно можната политичка позиција на нивната заедница односно на албанската заедница коги би поминал овој законик.

Тоа многу помалку ме загрижува. Јас сметам дека во однос на нивните барања токму владеачката коалиција ќе мора да најде компромис, ќе мора да најде начини како да се надмине таа состојба, но уште позагрижувачки момент е ставот на СДСМ кој што навистина не може да ми биде јасен. Испаѓа по аргументациите кои се наведуваат дека десницата постануваат демократе, а левицата постануваат радикали. Што е она што може да ме помети во однос на ова што веќе и Европската комисија и Евопскиот совет и ОБСЕ ги дава позитивните сигнали.

Јас сега ќе ве охрабрам во однос на сигналите кои се дадени во нашата држава дека е ова нешто како некоја домашна задача кој мораме да ја завршиме.

Во едно непријатно чувство ако на овој законик се наметнуваат дурги тези, на кои што целта е да се одвлече влијанието. На јас навистина верувам дека како и секогаш по искуствата на ова Собрание имавме многу такви слични моменти и

во овој мандат и мандатот кој помина и секогаш се наоѓало политички компромис да се надминат одредени полтички аспирации и национални аспирации.

Почитувани колеги, јас би сакал сега да ве охрабрам со пораките од Лунт во врска со ефективното учество на националното малцинство во јавниот живот и во кој што се содржат објаснувањата. Тој е донесен во септември 1990 година. Таму, токму во контекст на препораките на ова наше барање целосно се вклопува, па вели препораките од Лунт во вркса со ефективното учество на националното малцинство во јавниот живот се наведува дека ефективното учество на националните малцинства во јавнот живот претставуваат клучна компонента на секое миројубиво и демократско општество.

Искуството од Европа и други места покажа дека со цел да се унапреди ваквото учество на владите често пати е неопходно да утврдат посебни норми за националните малцинства.

Овие препораки имаат за цел да го овозможат вклучувањето на малцинствата во националните работи и да им овоможи на малцинствата да го задржат сопствениоте идентитет, како и своите особености преку истовремено унапредување на доброто државничко управување и интегритет на државата.

Јас навистина тука, ама навистина не гледам нешто што може оваа Препорака, која луѓе, експерти, планери, на целокупниот развој на Југоисточна Европа, на југоисточнот дел даваат препораки како лекспецијалист кои може да исечат било која држава од одредени тензии или кризи.

Понатаму вели, уредување на односите на ниво на централната власт.

Државите би требало да го обезбедат постоењето на можности за ефектирно истакнување на мислење на малцинствата во централната Влада вклучувајќи го и утврдувањето на специјалните аранжмани за таа цел доколку е неопходно. Во зависност на околностите ваквите аранжмани можат да вклучуваат посебен клуч на застапеност на националните малцинства, на пример преку обезбдување на одреден број на места во еден или во двата дома на Парламентот, или на собраниските комисии како и други форми на гарантирано учество во законодавниот правец.

Почитувани пријатели ова се препораките од Лунт.

Понатаму, би сакал да ве известам исто така во врска со канцаларијата за демократски институции и човекови права, ОБСЕ односно оди, за извештајот од 11 септември 2006 година во врска со набљудувачката мисија на изборите во Република Македонија. Таму, почитувани колеги се истакнува големата потреба особено во ромската заедница за подобрување на учеството во јавниот и политичкиот живот на ромската заедница. Јас почесто на моите говори ви ги сервирам пораките и сигналите на Европската комисија, на Советот на Европа, на Европскиот Парламент, но некако многу глуво се однесуваме во однос на вистинската потреба на ромската заедница.

Во однос на следниот докуметн кој што сакам да ви го сервирам од Стразбруг, кој е донесен на 12 јули 2007 година, значи многу свеж, се работи за учество на лицата припадници на националните малцинства во културниот, социјалниот и економскиот живот, како и јавниот живот.

Почитувани колеги јас навистина ви порачувам на веп-страницата на Европскиот совет да го погледнете овој документ за да не ви попречи во однос на ова барање дека нема проблем кој што може да го наруши функционирањето на Собранието на Република Македонија односно системот во Македонското општество.

И последнот документ што би сакал да го сервирам од Европската комисија која оваа година ја прогласи како година за еднакви можности одноно рамноправност и живот без дискриминација.

Можно ли е сега во овој момент кога ги имаме овие европски сигнали и понатаму да драматизираме и да ја одвлечеме вистинската, есенцијалната вредност на ова наше барање односно да се потврди мултиетничноста според Уставот на Република Македонија, за она што сите ние како граѓани на Република Македонија сме должни да го браниме и да ги бараме нашите права.

Јас навистина жалам што доаѓаме во еден таков дијалог со нашите почитувани колеги од нашата коалиција, што проблемот е полтичкиот слух. Нивната вредност е токму таа што за време на нашето позиционо работење тогаш таа Влада успеа храбро, срамежливо да ја отвори Владата на Република Македонија и да ги даде привите заменик министерски места на заедниците во Република Македонија. Тогаш стана тој вистински демократски момент кога се чуствуваше дека во извршната, законодавната и судската власт можат да партиципираат односно политички да се интегрираат заедниците во македонското општество. Тоа е еден многу успешен момент кој што како традиција остана на оваа Влада, па таа традиција пололека уште повеќе ја отвора вратата. Тоа е политичкиот процес. Одредени работи не може да се постигнат преку ноќ. Но, ние сме должни да мораме да наоѓаме вистински мометни како што е овој вистински мометн да направиме одредени притисоци со демократски инструменти за да доаѓаат вистинските права на вистинска површина. Токму од тие причини почитувани колеги сега сакам да ви пренесам една голема загриженост. До тука ли дојде степенот повторно кога и оваа владина гарнитура реши да решава еден многу значаен проблем, односно една многу значајна потреба па токму да скрати и да куси од ромската заедница. Ова е страшно навредливо и ова е страшно загрижувачко. На мојата средба со премиерот со претседателот Никола Груевски ја изрази мојата

огромна огорченост во однос на распределбата на пратениците.

Сметам дека ако веќе се имало позитивна енергија, позитивно да се однесуваме во однос на бројот на пратениците кон другите заедници, зошто да се направи овој грев спрема ромската заедница. Она што Ромите знаеме дека се најсиромашни, според тоа дека знаеме што живеат по мизерни супстандардни живеалишта, покрај тоа што знаеме дека живеат во услови каде што ниту една друга заедница не живее така, значи најлесно е од нив да се скрати правото за уште еден пратеник. Мислам дека мојот последен впечаток од претседателот Груевски остана во една огромна загриженост, со тоа што очекувам да ме извести дека тоа ќе мора да се корегира. Ако Турците во Република Македонија имаат 77.959 односно 3,8% население по одредената математика која што е направена им следуваат 4 пратеници. Ако Ромите имаат 53.879 односно 2,7% и се скратува можноста наместо да се имаат 3 пратеници, се редуцира и се оди на 2 пратеници. Мислам дека тоа е крајно, ама апсолутно крајно некоректно кон ромската заедница. Што се треба да направат овие Роми за да навистина се борат против овој обесправен начин на распределба на мандатите.

Впрочем и амандманот 6 треба да се оправда во однос на распределбата на мандатите. Јас ја молам македонската јавност, оваа неправда што се сака да се направи врз ромската заедница најургентно да се корегира, ама најургентно да се корегира. Во тој случај дајте еднаш да излеземе од таа ситуација дека со Ромите е најлесно. Тоа се случувало и во досегашните коалиции, тоа се случувало и водосегашните распределби кога се бара нешто за ромската заедница, тоа претешко иде да се реализира. Јасна мене ми е позицијата дека тука ние немаме некој си амбасадор од некоја си наша држава, за да направи притисок и да каже, ало тоа не е во ред ти што го работиш со Ромите. Но, ние сме ваши граѓани. Ние сме граѓани на оваа држава и ако сме граѓани на оваа држава, ве молам да имате еден коректен однос спрема ромската заедница и Ромите не го бараат она што јас почесто го говорам дека некој треба нешто да им подари. Меѓутоа, дајте еднаш за секогаш да ги расчистиме тие дилеми во однос на ромската заедница дека треба да им се дава она што им следува.

Во однос на оваа констатација неочекувам тука ниту компромис, ниту пак некој нов предлог. Статистиката говори се. Вoоднос на таа позиција сметам дека не смее да се има дилема и дека треба решително и храбро да се излезе пред јавноста и да се корегира оваа неправда спрема ромската заедница од двајца да бидат тројца пратеници.

Во интерес на денешнава кондиција што ја имавме сите како пратеници и во интерес на ова време што го посветуваме за овој многу значаен законик, јас нема да ги користам примерите какви се во Косово и во Хрватска, оти веќе тоа повеќепати го слушнавте, иако мојата партија тоа доста подробно го има изработено, но познавајќи ги тие искуства, јас навистина сакам да ве уверам дека ништо нема да се поремети, дека Македонија има да биде поцврста, дека Македонија има да чекори сигурно кон европска Македонија и дека во Македонија треба да бидат среќни сите граѓани кои припаѓаат и кои живеат во оваа држава. Всушност јас мислам дека и другите заедници кои се наведени во Уставот како други не смееме и нив да ги заборавиме, заштопо сите логики им припаѓа и на нив еден пратеник. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи сме некаде на крајот на работното време, јас си земав за право и се договоривме со колегата Кенан Хасипи да дојдам сега на ред да земам збор, бидејќи неговиот говор ќе биде подолг, јас утре ќе немам можност да го кажам мојот збор, нема да присуствувам на седницата и сега јас до крајот на работното време ќе се обидам во тие 10 минути да го кажам својот збор, а колегата ќе остане утре со него да почне, впрочем и седницата.

Ви благодарам.

Се извинувам само не прашав дали некој од колегите има реплика? (Нема).

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Прво, сакам од овде, бидејќи тоа и јавно го кажав да искажам голема благодарност на Канада која ја призна Република Македонија под нејзиното Уставно име. Заборавија тоа некои колеги пред мене да го направат, тоа е голем чин. Јас и пред малите екрани тоа го поздравив. Еве и овде пред вас, колеги пратеници, потоа да му заблагодарам на колегата Неждет кој имаше доблест и остави 10 минути и јас да го кажам својот став, бидејќи утре ќе немам можност тоа да го направам.

Јас ќе се обидам во кратки црти, почитувани колеги, вие кои сте во моментов во салава и кои имате трпение за сослушување помеѓу нас, да проговорам по однос на ова многу битно прашање само во трите точки кои според мене, слушајќи ги коелгите вчера и денес, се битни.

Прво, ќе проговорам најкратко за избирачкиот список, кој стои во членот 10. Ќе проговорам за гласањето на дијаспората и нормално за загарантираните места на заедниците.

Владата т.е. ресорното Министерство во членот 11 кажува за избирачкио тодбор како ќе биде концепиран. Мислам дека, а и добро се сеќаваат и колегите од претходниот парламентарен состав, па го менувавме изборниот законик и направивме таква можност избирачките одбори да ги професионализираме на некој начин и тие да бидат избрани на 4 години. Тоа,според мене, почитувани колеги, е многу добра пракса. Не би требало повторно да отвораме дебата и повторно да се наметнуваат по двајца, еден член и еден негов заменик, кои ќе бидат делегирани од политичките аРптии. Мислам дека интенцијата на Република Македонија треба да биде комплетна професионализација на овие избирачки одбори.

Треба еднаш за секогаш да веруваме во луѓето и капацитетите односно на институциите на државата, на системот, дали на централно, дали на локално ниво. И од тоа не треба да има поместување. Треба да одиме напред, не повторно да даваме шанса избирачките одбори да бидат составени од претставници на политички партии. Тоа значи дека сеуште немаме доверба. Овде еден од претходните дискутанти добро рече, ако е потребно техниката оди напред ќе ставиме камери на секое избирачко место и на тој начин ќе вршиме одредена контрола. Но, мислам дека треба да размислуваме во насока комплетно да се професионализираат избирачките одбори односно се членови од државната администрација и да им веруваме на тие луѓе. Затоа, го поздравувам тоа што го рече еден од претходните дискутанти,мислам дека беше коелгата Бучковски и можеме да размислуваме во таа насока. Ова е сугестија до вас, почитуван заменик, бидејки ова е сепак прва фаза. Мнозинството имаше доблест овој битен закон да го направи во две фази. Ова е права фаза и ние сме тука да гикажеме нашите размислувања. Можеби јас ќе немам прилика понатамуво одредени дебати да учествувам, тоа што ќе го кажам овде, што ќе биде нотирано во забелешките и предадено до предлагачот, тоа ќе биде единствено од моја страна. Говорам хипотетички, можеби ќе немам прилика понатаму да учествувам во одредени расправи. На крајот, во втората фаза кога ќе можам и ако имам шанси нешто амандмански да променам. Затоа, претпоставувам сериозно ќе ја разгледате оваа моја забелешка.

Во делот кој што говори за гласање на дијаспората и во нашата Програма постои дека сме предвиделе гласање на дијаспората. Јас секогаш сакам да бидам претпазлив како тоа технички би се реализирало. Само тоа е дилемата кај мене, говорам лично кај мене. Бидејќи, ние даваме подршка како партија на овој закон, измените во Изборниот законик, меѓутоа лично кај мене се јавува таа дилема како тоа технички да се изведе. Бидејќи, во одредени држави, еве ајде да земеме државата која штотуку не призна под нашето државно име, која е огромна по територија, како би можело ние тоа да го организираме во ДКП -та и дали со тоа впрочем би имало интерес кај нашите иселеници кои се таму. Јас зборувам за техничко ниво, го подржувам, меѓутоа ќе има дилеми на техничко ниво како тоа би се извело. Да бидам искрен. Добро е што некој рече секогаш изборниот законик се менувал еден месец во договор со политичките партии пред избори и немало време тоа да доживее некоја сериозна имплементација. Меѓутоа сега претпоставувајќи дека првите наредни избори, ако нешто поинаку не се случи, ќе бидат во 2009 година локалните, на кои ова реално и не влијае односно претседателските, каде што може да се тестира, да видиме како тоа би можело да се изведе. Значи, говорам за една дилема кај мене по однос на техничката работа при самиот чин на гласање. Инаку, неспорно е оваа одредба, за да се држам до времето кое е предвидено за сесијата, веднаш ќе преминам на третата дилема односно третото прашање од измените, кои впрочем побудија и најголем интерес кај сите дискутанти вчера и денес. Претпоставувам, она што го рекоа колегите и во наредните 4 дена по листингот кој што е на мониторот.

Разговарајќи вака надвор од пленумот со моите коелги и пријатели Стоилковиќ и Хасипи и Неждет Мустафа за целата оваа ситуација, јас искрено го подржувам ова и сакам да им дадам шанса на партиите со етнички предзнак да си се изборат за своите места, како што стои овде загарантирани во својата заедница. Но и во разговори со нив и сега овде јавно сакам да ја споделам и мојата дилема, што е и оправдано.

Во разговори во нашата пратеничка група реков и овде сакам истото да го повторам дека не би сакал искрено во тоа што се говори како загарантирани места, хипотетички да биде, ни еден претставник некој од заедниците кои се наведени во Уставот да нема ни еден гласач, а тие да мораат загарантирано да имаат еден пратеник или двајца колку што е согласно според распределбата во предложениот текст, говорам хипотетички. Затоа, можеби би било добро како некој заштитен механизам да најдеме. Сепак, коректно е пред сите нас 120 и останатите кандидати кои учествуваат на листите од сите партии кои се претставени, се бориме за одреден број на гласови. Ако на мене или на било кој друг, колегата Спасовски или било кој друг од нашата изборна единица ни се потребни 5 иљади гласови, значи ние мораме на било кој начин да дојдеме до тие 5 иљади гласови. Да го добиеме мандатот во Собранието, тогаш овде ние доаѓаме на некој начин во една поинква позиција. Говорам, д ане ме разберете погрешно, апсолутно давам подршка,меѓутоа преку дебата сакам да најдеме механизми како тоа најдобро да го направиме. Затоа, мислам дека, овде ќе се поврзам со дилемата односно барањето на господинот Џевад Адеми, кој во својот говор рече можеби во таа насока е добро,откако ќе почне дебатата помеѓу двете фази, да разговараме и за Македонија една изборна единица.

Јас, почитувани колеги, сум подготвен да разговарам за Македонија - една изборна единица. Ги тргам на страна шпекулациите дека со тоа албанскиот политички кампус ќе добие еден или два пратеници повеќе. Ништо не значи тоа за Република Македонија и да имаа еден или двајца пратеници албанците повеќе овде во Собранието. Меѓутоа, тоа е сепак само хипотетички кажано. Можеби на терен, директно во праксата, нешто поинаку ќе произлезе. Јас говорам дека е добро на некој начин да се отвори дебата и да се размислува во таа насока Македонија една изборна единица од кои причини давам подршка на тоа. Од 1994 година до последните парламентарни избори постои комотно парламентарно мнозинство. Видовме до каде дојде Република Македонија со комотно парламентарно мнозинство. Можеби е добро да

тргнеме по поинаков пример. Прв пат сега во Република Македонија после овие избори имаме тесно парламентарно мнозинство и гледаме како функционираме. За се реално треба да се договараме. Ако нема договор, тогаш има опструкции и тешко врват работите во Парламентот. Затоа, како рекле Албанците кувенди, Парламентот кувенди, место каде што треба да се договараме и мора да се договараме.

Затоа мислам дека од тој аспект кај мене се разви една таква дилема дека можеби е добро да одиме во таа насока. Бидејќи, помеѓу двете фази реално, за да не се натегаме вака во Собранието мораме да најдеме компромис помеѓу сите политички партии застапени овде во Собранието. И, како идеа, како резон она што го кажа колегата Џевад Адеми ја сго прифаќам и сум подготвен и да имате еден или двајца, ако е во интерес на Република Македонија не треба тоа да биде пречка. Меѓутоа, јас говорам дека тоа секогаш ќе биде пречка отворено кај големите политички партии. Малите политички партии секогаш имаат интерес за една изборна единица, бидејќи ќе успеат да го концентрираат својот гласачки потенцијал на едно место. Тоа исто го говорам и за заедниците, во таков систем. Говорам, на крајот да излеземе како победници по однос на овој Изборен законик. Еве, јас ја прифаќам вашата забелешка, бидејќи вчера јас го прекинав колегата Спасовски, претпоставувам на крај, заменик, ќе ги пренесете моите сугестии, иако ние добро се знаеме ако во втората фаза ако одлучам ќе ги дадам своите сугестии, овде не сакам да го узурпирам вашето време односно слободно време, колеги пратеници, ја прекинувам мојата дебата и се враќам на своето место. Благодарам.

Почитувани колеги, овде ја прекинувам денешната работа, продолжуваме утре во 10,30 часот со истата седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)